Универзитет „Св. Кирил и Методиј“

Филозофски Факултет - Скопје

Институт за безбедност, одбрана и мир

Последипломски студии од областа на безбедноста

**Магистерски труд**

**Тема:**

**„Соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор во функција на унапредување на безбедноста на Р. Македонија“**

**МЕНТОР:**
**ПРОФ. Д-Р ОЛИВЕР БАКРЕСКИ**

**ИЗРАБОТИЛ:**
**ГОРАН ЌИРОСКИ**
**БР. НА ИНДЕКС: 4184/11**

Скопје, 2017 година

## СОДРЖИНА:

Вовед....................................................................................................................................4

**Глава 1 – Одредување на безбедноста..........................................................................8**

1.Определување на безбедноста..........................................................................................9
2.Историски осврт за теоретското втемелување на безбедноста како функција на државата..........................................................................................................................15
3.Видови безбедност............................................................................................................17
3.1.Државна, национална и јавна безбедност.......................................................................18
3.2.Приватна безбедност.........................................................................................................21
3.3.Индивидуална безбедност / човекова безбедност.........................................................24
4.Водечки теории на современо концепирање на поимот безбедност...............................24

**Глава 2 - Јавната безбедност и нејзините правни аспекти...........................................29**

1.Поимно определување на јавната безбедност..................................................................30
2.Институционална рамка и правна регулираност на јавната безбедност..........................32
2.1.Јавната безбедност и нејзините превентивни аспекти....................................................37

**Глава 3 - Приватен безбедносен сектор – поим, карактеристики и субјекти...............44**

1.Појавата и развојот на приватниот безбедносен сектор...................................................45
1.1.Поимно определување на приватниот безбедносен сектор...........................................52
2.Основни карактеристики на приватната безбедност.........................................................55
3.Местото и улогата на приватниот безбедносен сектор во рамките на внатрешната безбедност..............................................................................................................................59
4.Правна регулатива на приватната безбедност...................................................................62

**Глава 4 - Соработка и партнерство помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор.....67**

1.Разлики помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор.....68
2.Соработка и партнерство помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор во функција на градење модерен концепт за безбедност на Република Македонија.....71
3.Препораки за унапредување на соработката.....81

**Глава 5 - Соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор низ призмата на емпириското истражување.....87**

1.Досегашни истражувања.....88
2.Концепциска рамка.....89
2.1.Резултати од истражувањето.....91

**Заклучок.....102**
**Користена литература.....107**

Прилог.....117
Анкетен прашалник за соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор..118

**Вовед**

Денешниот свет го карактеризираат брзи и динамични промени кои со себе носат нови и често непредвидливи ризици и опасности по безбедноста на државите. Иако опасноста од класична воена закана на подолг рок не е очекувана, невоените закани не само што добија на разновидност, туку и се зголемија по интензитет, простор и време. Трендот на глобализација на светот, покрај предностите, донесе и закани, предизвикани најмногу од продлабочувањето на јазот помеѓу богатите и сиромашните и интернационализација на одредени опасности. Со распаѓањето на земјите од поранешниот социјалистички блок се појавија држави и региони во кои се присутни социјални деструкции и нестабилни демократски структури и институции. Тоа се, пред сè, екстремниот национализам, етничките, расните и други ксенофобии и предрасуди, кои се манифестирани до крајни граници на омраза и употреба на насилство, а за последица ја имаат разрушената инфраструктура и многуте човечки жртви.

Поради тоа, се вели дека безбедноста е повеќе димензионална и сложена појава која немала исто значење низ историјата на човековото постоење, па оттука поимното одредување содржи различности во традиционалните и современите концепти. Така, безбедноста како категорија најчесто се одредува како вредност, потреба и интерес, потоа состојба, функција, организација и систем. Во зависност од содржината, доктрините и праксите каде егзистираат различити концепти на безбедност, се сретнуваме со: јавна и приватна безбедност, меѓународна, национална и колективна, внатрешна и меѓународна, безбедност на поединецот и заедницата и сл. Основната функција на системот на безбедност е превентивната.

Областа на *јавната безбедност* се дели на јавна и приватна. Во првиот случај работите околу обезбедување на јавниот ред и мир во најширока смисла ги извршуваат државните органи (пред сè полицијата), а во вториот случај работите околу личната и имотната и заштитата на приватните лица и компании на комерцијална основа ги извршуваат приватните компании за обезбедување кои даваат услуги за безбедност, како и службите за обезбедување кои ги поседуваат државните претпријатија или претпријатијата воопшто. Односите помеѓу овие два сектори во низа земји се регулирани

со позитивни правни прописи, при што државата има евиденција, увид и одреден вид контрола над приватниот безбедносен сектор.

Во современите концепти на безбедност, јавната односно државната безбедност сè почесто се третира како *модерен концепт на полициско организирање* и нејзин ангажман во рамките на општествената заедница. *Јавната безбедност*, во поширока смисла, претставува збир на мерки и активности кои ги презема државата и општествената заедница заради заштита и зачувување на општо прифатените вредности. Додека пак, во потесна смисла, претставува збир на мерки и активности кои ги презема полицијата со цел заштита и зачувување на општо прифатените вредности. *Приватната безбедност*, пак, претставува збир на мерки и активности кои ги преземаат правни лица заради заштита на лица и имот кои не се осигурени од страна на државата.

*Приватниот безбедносен сектор* секојдневно ги зајакнува своите капацитети. Бројот на лиценцирани агенции за осигурување се импресивни и остваруваат можност за употреба на различити модели на соработка. Од друга страна, Министерството за внатрешни работи, во чиј состав влегува Бирото за јавна безбедност, како основен субјект на јавната безбедност, со функција за вршење на полициските работи, има важна задача во помош и насочување на целокупниот состав на заштита, особено поттикнување на соработката на тоа подрачје. Приватните фирми за обезбедување, пак, даваат услуги кои имаат за цел да заштитат лица и имот и на тој начин да придонесат за спречување на криминалот.

*Приватната безбедност* несомнено е важен дел од системот на безбедност. Приватната безбедност своите достигнувања ги доживеа во втората половина на XIX век во Европа и САД кога се основани и првите приватни безбедносни и детективски компании. Поимот приватна безбедност е различно одреден во доктрината и праксата и зависно од поединечните ставови на земјите и нивните првните системи. Сепак, приватната безбедност претставува „планска и организирани самостојна или заедничка дејност и функција на поединец, организација, приватни и професионални агенции, насочени кон сопствена заштита или заштита на другите, како и заштита на лица, простор и објекти, а кои не се под ексклузивна заштита од страна на државните органи". Според тоа, под овој поим се подразбира овозможување услуги на безбедност од страна на

агенции во приватна сопственост, на барање на лица или организации кои се во приватна сопственост.

Во вакви нејасни, флуидни околности и нерегулирани услови и критериуми, почетниот развој и практикување на приватна безбедност во суштина се движеше во два препознатливи правци. Првиот, се одвиваше со формирање на приватни агенции наменети за обезбедување на новите „бизнисмени", естрадни ѕвезди, контроверзни политичари, но и на припадници од структури на организираниот криминал. Вториот правец на настанување и развој се движеше преку формирање на приватни агенции за обезбедување кои ја преземаа дејноста на поранешните чуваро - стражарски служби во социјалистичките државните претпријатија. На тој начин, за разлика од современите светски тенденции, во посткомунистичките и државите во транзиција многу тешко и бавно се одвиваа реформите во безбедносниот систем според стандардите на модерните и стабилни демократски општества. Поради тоа, практично беше оневозможено воспоставувањето на односи на соработка и партнерство меѓу државниот и приватниот безбедносен сектор, па тие најчесто постоеја и функционираа паралелно еден покрај друг.

Главна црта на развојот на безбедност е формирање на безбедносна средина заснована врз кооперативни односи и взаемно координирани активности од областа на безбедноста, одржувањето на стабилноста, превенцијата и решавањето на кризи од политичката, економската и другите области. Политиката на национална безбедност претставува сложен и меѓузависен збир на мерки, активности, планови и програми, кои ги презема Република Македонија заради заштита, одржување и унапредување на безбедноста на државата и нејзините граѓани, во согласност со расположливите ресурси и со активната соработка со меѓународната заедница. Основна и долгорочна цел на политиката на национална безбедност е да ја заштитува, одржува и унапредува безбедносната состојба на државата, создавајќи амбиент за остварување на националните интереси на Република Македонија.

Модерните држави, за време на процесот на обезбедување на оптимално ниво на безбедност, вршат одредени функции. Безбедносниот сектор е еден од најчувствителните и најкритични области на делување. Затоа и се вели дека, кога зборуваме за сигурност, тоа не значи да се живее во безбедност исполнета со редови чувари, кои се подготвени секој

момент да преземат мерки против девијантните активности, туку пред сѐ значи живеење на секојдневието и не размислување колку е сигурно да се чекори по некоја улица.

Безбедносните служби претставуваат специјализирани организации, кои извршуваат задачи, со кои се остварува безбедносната функција, односно збир на активности, со кои државата се брани пред спротивставените страни. Партнерството е соодветниот термин, можеби визионерски поставен и недоволно развиен, но сепак остварлив. Партнерството не се постигнува со декрети и одлуки на неколку луѓе. Воспоставувањето на партнерство е процес. Овој процес неопходно е да се развива на сите нивоа во решавањето на секојдневните проблеми.

Оттука, соработката помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор како важен аспект во доменот на безбедносната индустрија во функција на модерниот безбедносен концепт бара постојан, искрен и партнерски однос за успешно извршување на заштитната функција, при што неопходно е заедничко залагање во подигањето на свеста кај членовите на двата безбедносни сегмента, но и подигање на ваквата соработка на повисоко ниво.

Во таа насока, остварувањето на ставовите и погледите на концепцијата за јавната и приватната безбедност треба да овозможат не само подобра безбедносна состојба и заштита на темелните вредности и од нив произлезените интереси на Република Македонија, туку и продлабочување на патиштата на прогресот, односно, да обезбедат мирен развој на државата, нејзина демократија, економија, почитување на човековото достоинство во секој поглед и со сите негови права. Но и најважно, да придонесе за унапредување на безбедноста на Република Македонија.

# Глава 1 - Одредување на безбедноста

## 1.Определување и дефинирање на безбедноста

Од историска гледна точка, безбедноста претставува фундаментална вредност во односите помеѓу луѓето, додека нејзината состојба е институционализирана преку појавувањето на суверената држава и системот на држави на глобално ниво. Дури и денес, на сегашното ниво на општествен развој, безбедноста претставува иманентен елемент на постоење и акции на индивидуален, општествен, државен и меѓународен систем. Заедничка карактеристика на овие три ентитети е тоа што во загрозена средина, сите ентитети подеднакво се стремат да обезбедат состојба на балансирана заемна егзистенција, како во поширока, така и во потесна смисла (на пример, поединецот во однос на другите поединци и државата).[1]

Безбедносниот сектор е еден од најчувствителните и најкритичните области на делување. Безбедноста претставува еден дел од темелните вредности во нашиот уставен поредок и е неопходен услов за стабилен општествен развој.[2] Меѓутоа, правната и филозофската наука, како домашната, така и странската, не покажува доволно интерес за целосно теоретско опфаќање на оваа проблематика. Правниците и филозофите недоволно партиципираат во развојот на безбедноста студија, која настана како одговор на ширењето на политичката и интелектуалната заинтересираност за прашањето на безбедноста во XX век. Во овој контекст, клучните податоци за развојот на студијата за безбедност не дојдоа од правните и филозофските кругови, туку од кругот на науките за меѓународните односи, како и од научните центри на развиените земји кои се занимаваат со проблематиката на индивидуалната, националната и меѓународната безбедност.[3]

За да се осознае некоја појава потребно е најпрво да се дефинира. Во сите науки јасно е дека за значењето на дефинирањето не треба посебно да се говори. Имено, уште од азбуката на методологијата на општествените науки познато е дека дефинициите се

[1] Митревска, М. (2010), „Човековата безбедност во 21-от век: нови предизвици и нови одговори", *Научно-стручна конференција: Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија*, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, стр. 45-46.
[2] Тодоровска, В. (2010), „Теориските пристапи во дефинирањето на поимот безбедност", *Научно-стручна конференција: Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија*, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, стр. 75.
[3] Ejdus, F. (2012), *Međunarodna bezbednost: teorije, sektori i nivoi*, Službeni glasnik, Beograd, str. 47-69.

почетни чинители на секој процес и дека тој процес „не е ништо друго до непрестајно дефинирање на предметот кој се проучува“.[4]

*Поимот за безбедност* е поврзан со серија различни аспекти на човековата егзистенција и со процесите и активностите во општеството и природата. Последователно, поимот првенствено бара дефинирање на неговата содржина.[5] Дефинирањето на овој поим пред сè зависи од теоретските стојалишта на авторите, првенствено од аголот на набљудување и анализа на оваа значајна проблематика. Поради тоа, овој термин е тешко да се детерминира и дефинира.

Отпредувањето на поимот безбедност е тешко бидејќи овој поим е еден од најсложените апстрактни поими кои ги апсорбира човековиот ум. Овој поим, за разлика од другите апстрактни поими, се употребува не само за означување одредена состојба и особина на луѓето, туку и на предметите, објектите и стварите, како и одредени простори и пространства. Најчесто, се говори за безбедноста на луѓето како поединци, но и како група на луѓе, организација, институција и заедница. Но се говори и за безбедноста на животните воопшто, или на поединечни видови животни. На крајот, се говори и за безбедноста на поединечни ствари и предмети, системи и сл.

Во овој контекст, денес, поимот „безбедност“ има широка употреба. Од овој поим создадени се бројни потесни поим со специфично значење, меѓу кои и индивидуална (лична), јавна, национална безбедност и меѓународна безбедноста (регионална, колективна и глобална безбедност). А потоа се однесува и на воена, политичка, општествена, економска, еколошка безбедност итн. Постои и уште потесен поим, како што се имотната, сообраќајната, граничната безбедност или безбедноста на некои објекти, како што се безбедноста на установи или компании, безбедност при работа, безбедноста на храна итн.[6]

Етимолошкото значење на поимот безбедност потекнува од латинскиот збор ***securitas***, кој првобитно значел *безбедност, безопасност, мирен дух, безгрижност и*

[4] Šešić B. (1974). *Osnovi metodologije društvenih nauka*, Naučna knjiga, Beograd, str. 49.
[5] Гризолд, А. (2009). Променливата природа на безбедноста: Безбедносната парадигма после Студената војна, во *Превенција и менаџирање на конфликти - Случај Македонија* -, Бомат графикс, Скопје, стр. 29.
[6] Milosavljević, B. (2014), „Prilog Teorijskoppravno određenju pojma bezbednosti“, *Pravni zapisi*, God V, br. 1. Pravni fakultet Univrziteta Union, str. 96.

*спокојност, заштитеност и осигуреност.*[7] Односно, најопшто кажано, тоа значи отсуство на опасност и сигурност. Оттука, водат потекло денешните облици на поимот безбедност во современиот јазик (на пример, sècuritè и sûretè во француцскиот јазик, security и safety во англискиот јазик, sicurezza и sicuritá во италијанскиот јазик, sicher и sicherhiet во германскиот јазик).[8]

Терминот безбедност во употреба е од I век пред нашата ера. Овој термин го воведе епикурејците, особено Лукрециј, стоиците и римскиот државник Цицерон, подразбирајќи филозофска и психолошка состојба на умот, односно субјективно чувство на отсуство на тага и загриженост.[9]

Бидејќи безбедноста претставува мултидимензионален и комплексен концепт немала исто значење низ историјата на човековото постоење. Поради тоа, концепирани се разни дефиниции за поимот безбедност. Најчесто, безбедноста како категорија се одредува како вредност, потреба и интерес, потоа состојба, функција, организација и систем, во субјективна и објективна смисла.[10] Во оваа смисла, поимот на системот за безбедност опфаќа елементи како што се: цел, моќ и средства за остварување на целта, структура на системот, активности и функција на структурните елементи заради остварување на целта. Основната функција на системот за безбедност е превентивна, бидејќи со самото свое постоење и сознанието дека постои, овој систем претставува моќен инструмент за заплашување. Имено, системот реагира репресивно со цел да се елиминираат причините и носителите на опасноста во случај на загрозување на безбедноста.[11] Во таа смисла, безбедноста, односно системот на безбедност во својот најширок поим на определување е форма на организирање и функционирање на државите во спроведување на превентивни, репресивни и казнени мерки и активности со кои референтите национални вредности и интереси се остваруваат, унапредуваат и се овозможува нивното уживање, односно истите се ревитализираат доколку се загрозени.[12]

[7] Bogdanović, B., Ristić, S. (1931), *Latinsko-srpski rečnik, treće, popravljeno i umnoženo izdanje sa kartama starog sveta*, Knjižarnice Rajkovića i Ćukovića, Beograd, str. 433.
[8] http://www.etymonline.com/index.php?term=security (пристапено на 24.11.2016)
[9] Ejdus, F. (2012), *Međunarodna bezbednost: teorije, sektori i nivoi*, Službeni glasnik, Beograd, str. 26.
[10] Nikač Ž., Pavlović G. (2012), *Pravo privatne bezbednosti*, Kriminalističko-policijska akademija, Beograd, str. 1-10.
[11] Keković, Z. (2009), *Teorija sistema bezbjednosti*, Fakultet za bezbjednost i zaštitu, Banja Luka, str. 72-74.
[12] Mijalković, S. (2010), O nedržavnom sektoru nacionalnog sistema bezbednosti - inostrana i domaća iskustva. *Strani pravni život*, br. 2, str. 254.

Безбедносниот систем ја остварува својата функција преку бројни облици, видови и активност на потсистемите, како што се: полиција, разузнавање и потсистемите на приватната безбедност.[13] Имено, според *функцијата и задачите* кои ги имаат субјектите на системот на безбедност, тие може да се поделат на[14]:

- ✓ *Конвенционални субјекти* на системот на безбедност се: полиција, војска, судство, обвинителство, инспекциски органи и затворски установи.
- ✓ *Неконвенционални субјекти* на системот на безбедност се: законодавно тело – парламент, извршни органи – претседател на држава и влада, и органи со функција на надворешно меѓународна дејност – амбасади и мисии.
- ✓ *Други субјекти* на системот на безбедност се: орган на локалната власт, образовни институции и приватен сектор.

Поради тоа, *поимот безбедност* не е возможно едноставно да се одреди, пред сè поради мноштвото теории, сфаќања и ориентации. Според едно сфаќање, поимот безбедност опфаќа правно уредување и обезбедување општествени односи, воспоставување, одржување и унапредување на состојбата во државата, која овозможува ефективна заштита на државата и граѓаните од сите противправни акти со кои се загрозува уставниот поредок, работата на државните органи, извршувањето на сопственичките и општествените активности и остварувањето на слободата, правата и должностите на човекот и граѓанинот. Според друго сфаќање, безбедноста се третира како функционално неразделив атрибут на државата и подразбира активности заради заштита на одредени вредност, без оглед на општественото уредување, политичкиот систем или обликот на власт.[15]

Исто така, може да зборуваме и за безбедноста во објективна и субјективна смисла. Во *објективна смисла*, под безбедност се подразбира одредена стварно постоечка ситуација, околност, односно состојба која постои независно од луѓето и нивната заедница

[13] Keković, Z. (2007), *Sistemi bezbednosti, hrestomatija*, Fakultet bezbednosti, Beograd, str. 79–95.
[14] Дончев, А. (2007), *Современи безбедносни системи*, Графос, Куманово, стр. 63; Бакрески, О., Милошевиќ, М. (2010), *Современи безбедносни системи – компаративна анализа на земјите од Југоисточна Европа* -, Аутопринт, Скопје, стр. 33.
[15] Јоксић, И. (2011), „Приватна безбедност у светлу нацрта Закона о приватном обезбеђењу у Србију", *Војно дело*, Нови Сад, стр. 57-58.

за кои е карактеристично некое заштитено, слободно и нормално постоење и делување, односно отсуство на било какво озбилно загрозување. Поради тоа, од една страна, безбедноста се дефинира како „состојба во која е обезбеден опстанок и делување на лица или организации", или „состојба во која никој не е изложен на опасност".[16] Наспроти тоа, под безбедност во *субјективна смисла* се подразбираат одредени ставови на луѓето во поглед на безбедноста, како објективно постоечка состојба. Според тоа, безбедноста се дефинира како „состојба на едно лице кое чувствува заштита од опасност или верува дека тоа е така", односно безбедноста „значи отсуство од страв дека тие вредности ќе бидат нападнати"[17]

Според *македонската литература* безбедноста претставува состојба во која е осигуран урамнотежениот физички, духовен, душевен и материјален опстанок на поединецот и на општествената заедница во однос на другите поединци, општествени заедници и природата или безбедноста во суштина претставува иманентен структуриран дел на општеството кој во себе вклучува определена состојба, односно определени особини на состојбата, дејноста, системот.[18] Додека пак, поаѓајќи од политиката на Република Македонија под безбедност се подразбира: одредена состојба на безбедност; функционално подрачје на дејствување на различни безбедносни институции, заедно со вкупните општествени настојувања на полето на постигнување на безбедносните цели; безбедносните институции, поврзани во одреден систем на односи.[19]

Според една од прифатените дефиниции, дадена во рамките на ООН во 1985 година, безбедноста претставува состојба во која државите сметаат дека нема опасност од воен напад, политички принуди или економски присили така што можат слободно да се развиваат.[20] Според друга дефиниција, безбедноста е состојба на заштитеност или неизложување на опасност и отстранување на опасностите од страв, несигурност и неизвесност.[21] Во *енциклопедиска смисла*, под поимот безбедноста се подразбира

[16] Osnovi narodne odbrane, *Enciklopedijski leksikon „Mozaik znanja"* (1969), Beograd, str. 36.
[17] Simić, D. (2002), *Nauka o bezbednosti*, Službeni list, Fakultet političkih nauka, Beograd, str. 29.
[18] Котовчевски, М. (2000), *Национална безбедност на Република Македонија*, Прв дел, Македонска цивилизација, Скопје, стр. 21.
[19] Бакрески, О. (2008), *Контрола на безбедносниот сектор*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 22.
[20] Исто, стр. 21
[21] Нацев З., Начевски Р. (2000), *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово, стр.376

отстранување на сите активности (чинења) и пропуштања (нечинења) кои ги загрозуваат луѓето, јавниот поредок, материјалните и духовните добра, објектите, определен простор или некоја друга вредност.[22] Во *социолошка смисла*, безбедноста подразбира динамичен склоп на односи и процеси во општеството со кои се обезбедува непречено остварување на производствената дејност на луѓето, односно нивното создавање на материјални и општествени вредности или нивно непречено практично дејствување.[23] Во *правна смисла*, под поимот безбедност, се подразбира постоење на правен ред и поредок во државата со пропишани казниви дела, ефикасен безбедносен систем на откривање, попречување и сузбивање на казнивите дела и постоење на ефикасен судски систем за навремено и правично пресудување.[24] Безбедноста може да се дефинира и како функција - функционален поим на безбедноста, како организација - организациски поим на безбедноста и како состојба – состојба на безбедност.[25]

Според тоа, безбедноста претставува состојба на мирен дух. Состојба во која не постои загриженост од опасност. Состојба во која државата вложува напори во секое поле, без разлика на тоа дали станува збор за политика или економија, со цел да се унапреди нејзината состојба во било која област.

Меѓутоа, со оглед на достапноста на дефинициите за определување на безбедноста, како што наведуваат авторите, безбедноста е еден од најмногу споменуваните, а најмалку објаснетите поими. Разликите пак во дефиниции се производ од тоа дали поимот безбедност се согледува од корелативен аспект со заштитната функција на државата, односно дали поимот на безбедност е поврзан за определени работни активности, од политичките стојалишта и сл.[26].

Поради тоа, може да забележиме дека поимот безбедност, неговата содржина и општествена функција, може да се разбере единствено доколку се користи интередисциплинарен пристап. Интередисциплинарноста е неопходна бидејќи условите за настанување на поимот и различните организациони форми на нејзиниот развој се

---

[22] Спасески, Ј. (2005), *Македонија - столб на безбедноста и мирот на Балканот*, Обнова - Кочани, Скопје, стр. 37.
[23] Тимова, Т. (2015), *Приватната безбедносна индустрија во Европската Унија со посебен осврт на СР Германија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, стр. 12.
[24] Спасевски Ј., Аслимовски П. (2006), *Дефендологија*, Педагошки факултет, Охрид, стр.28
[25] Стојановски, Т. (1997), *Полицијата во демократското општество*, Скопје, стр. 97
[26] Котовчевски, М. (2011), *Национална безбедност*, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 29.

условени од развојот на човековото општество. Сето тоа поради тоа што доколку се изврши анализа на развојот на безбедноста низ историјата, ќе се утврди дека овој процес има различни форми на дејствување во разни историски ситуации.[27]

## 2.Историски осврт за теоретското втемелување на безбедноста како функција на државата

Заинтересираноста за безбедноста на луѓето и нивната заедница датира од најстарите времиња. За тоа сведочат и делата на античките филозофи и историчари кои не потсетуваат и напомнуваат дека светот од памтивек бил небезбедно место, а човечкиот живот честопати имал мала цена. За таквите дела често може да се пронајдат многубројни податоци, размислувања и оценки за војната и мирот, односно за вештините за војување и воената снага како императив и услов за опстанок на државата, а исто така и за состојбата на внатрешната безбедност и мерките кои се преземаат или треба да се преземат за состојбата да се унапреди и државата да биде трајна и стабилна.

Најголем напредок за сфаќањето на безбедноста е остварен во времето на Римската Империја, каде се сметало дека безбедноста постои ако се осигура мир на границите и во земјата, како и уживање слобода и стабилност на власта. Меѓутоа, низ текот на Средниот век (од V век до XV век) залагањата на државата за јавната безбедност биле недоволни, бидејќи и самата државна власт била слаба поради постојаните немири околу власта помеѓу црквите, владетелите и нивните вазали (феудалци). Таквата состојба имала за резултат несигурност, а како реакција на тоа наскоро следел продор на две значајни идеи: идејата за природните права на човекот и идејата за нужноста од постоењето јака државна власт која на граѓаните ќе им обезбеди безбедност.[28]

За вистински теоретичар за безбедноста се смета Томас Хобс (Thomas Hobbes, 1588-1679), кој во делото Левијатан тврди дека причината за настанокот на државата се согледува во одговорот на потребата да државата на поданиците им обезбеди безбедност.

[27] Masleša, R. (2001), *Teorije i sistemi sigurnosti*, Magistrat, Sarajevo, str. 3.
[28] Milosavljević, B. (2014), „Prilog Teorijskoppravno određenju pojma bezbednosti", *Pravni zapisi*, God V, br. 1, Pravni fakultet Univrziteta Union, str. 99-100.

Филозофот вели дека основата на владарската врховна власт е во договорот кој поданиците го склучуваат со владарот. На овој начин тие со договорот му ја предаваат власта, а тој за возврат се обврзува да им обезбеди лична безбедност и да ги зачува од несигурноста која постоела во пред државната (природната) состојба. Имено, во тој период владеело правото на посилниот и траела постојана „војна на сите против сите" (*bellum omnium contra omnes*). За да се избегне тоа, поединци ја жртвувале својата неограничена слобода поради целите на безбедноста.[29]

Понатаму, англискиот филозоф, Џон Лок (John Locke, 1632-1704) исто така заклучува дека луѓето создаваат држава со цел да им се обезбеди безбедност, односно да си го сочуваат својата сопственост (животот личната слобода и добрата). За разлика од Тмас Хобс, Џон Лок не кажува директно дека луѓето ја жртвуваат својата неограничена слобода заради безбедност, туку констатира дека слободата на поединецот е ограничена со еднаквите слободи и права на другите поединци.[30]

Оттука, започнува историјатот за теоретското втемелување на безбедноста како функција на државата. Всушност, преку таквото видување на државата како инструмент кој ја осигура безбедноста, потоа сфаќањата за безбедноста, како и подредениот концепт на националната држава, ќе го освои теренот и ќе владее сè до XIX век и почетокот на XX век. Во тоа време владеела прилично крута поделба на внатрешна безбедност (јавна и државна) и надворешна безбедност (одбранбена, воена). Тука во центарот е поставена безбедноста на државата и остварувањето на нејзините основни национални интереси. Со ваквото теоретско втемелување безбедноста постанала главен интерес на државната власт, а државата во таа насока ги наметнала должностите на граѓаните, ја организирала полицијата и ја остварува безбедноста во т.н. национална држава.

Меѓутоа, оттогаш се случуваат големи промени. Имено, по завршување на Првата светска бојна, а особено по Втората светска војна, прашањето за човековата и меѓународна безбедност постана една од главните преокупации на целиот свет. Истовремено, втемелувањето на идејата за демократијата и човековите права бараше

[29] http://www.iep.utm.edu/hobmoral/ (пристапено на 26.11.2016); Томас, Х. (2010), *Левијатан*, Аз-буки, Скопје.
[30] Јованов, Д. Ј. (2015), „Џон Лок и право на отпор", во *Зборник радова Правног факултета у Новом Саду*, Правни факултет у Новом Саду, Нови Сад, стр. 1389-1401; Lok, Dž. (1978), *Dve rasprave o vladi*, Knjiga 2, Beograd, str. 71-74.

редефинирање на стариот концепт на безбедноста, особено во поглед на создавање јасна правна рамка за делување и контрола на безбедносните сили. Низ неизбежните воени аспекти и аспектите на класичната јавна безбедност (безбедноста на луѓе и имот, борбата против криминалот, одржување на јавниот ред и мир, итн.), безбедноста содржајно се прошири и поврза со економските, социјалните, политичките и еколошките прашања. Во најново време големо значење добија и невоените закани за безбедноста, како што се тероризмот и организираниот криминал. Конечно, современиот свет стана тесно поврзан, така што случувањата кои се одигруваат во соседството можат да делуваат и врз внатрешната безбедност.[31]

Ваквите промени ја донесоа потребата безбедноста да се елаборира на различни нивоа (како индивидуална, национална, регионална и глобална), но и од различни аспекти (како што се: воен, политички, општествен, економски, еколошки аспект), така што холистичките сфаќања, како сложена и повеќе условена појава, направија безбедноста во модерната доба да ја достигне својата комплексна целина.

## 3.Видови безбедност

Во основа, националниот безбедносен систем во секоја демократска и правна држава е составен од три потсистеми: државен, граѓански и приватен безбедносен сектор.[32] Меѓутоа, во зависност од содржината на доктрините и праксата егзистираат различни концепти за безбедноста, како што се:

- Државна и јавна безбедност,
- Меѓународна, национална и колективна,
- Внатрешна и надворешна,

[31] Milosavljević, B. (2014), „Prilog Teorijskoppravno određenju pojma bezbednosti", *Pravni zapisi*, God V, br. 1, Pravni fakultet Univrziteta Union, str. 101.
[32] Цветковски, Г. (2012), „Развојот и перспективите на приватната детективска дејност како ноу-хау професија во посткомунистичките држави", во *Сборник научни трудове*, Том първи. София, Фондация „Национална и международна сигурност", *Балкан Аналитика*, Софија, стр. 286 – 294.

- Безбедност на поединецот и заедницата. [33]

Со оглед на ризиците и опасностите кои ги предизвикуваат силите – носителите на внатрешните и надворешните извори на загрозување безбедноста може да биде:

- *Надворешна безбедност* - која се однесува на заштитата на независноста, суверенитетот на земјата и целокупната територија.
- *Внатрешна безбедност* - која се однесува на непречено функционирање на уставниот поредок, општествено – економскиот и политичкиот систем на државата.[34]

Според објектот на заштита постојат пет вида на безбедност:

- државна,
- јавна,
- колективна,
- лична (персонална, граѓанска и индивидуална, итн.) и
- имотна.[35]

### 3.1.Државна, национална и јавна безбедност

Под *државна безбедност* се подразбира „примена и користење на методи, мерки и активности од страна на органите, службите и политичките субјекти со коишто се спречува, оневозможува и се чинат безопасни носителите на активностите со кои се загрозува државата. Главните активности на државните органи, на подрачјето на државната безбедност, се однесуваат на превенцијата на кривичните дела против уставниот поредок и безбедноста на државата. [36] Во социјалистичките држави, под

[33] Gaćinović, R. (2007), „Klasifikacija bezbednosti", Časopis „*Nauka, Bezbednost, Policija*", br.02/07, Beograd, str. 3-23.
[34] Котовчевски, М. (2011), *Национална безбедност*, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 30.
[35] Исто, стр. 31.
[36] Алексић, Ж., Миловановић, З. (1995), *Лексикон криминалистике, друго, проширено и допуњено изда-*

државна безбедност се подразбирало и состојба на заштитеност на државата од политичкиот криминал, како и безбедност на (социјалистичкиот, комунистичкиот) режим на власт. Поради тоа, националната, односно државната безбедност, начелно се дели на т.н. *надворешна* (безбедност од вооружена агресија) и *внатрешна* (безбедност на режимот и државата од внатрешниот непријател).[37]

Поимот *јавна безбедност* опфаќа „состојба во која се исклучени противправните акти, особено оние кои опфаќаат употреба на сила, со која се напаѓаат основните права на граѓаните и основните елементи на јавниот односно општествениот поредок. Јавната безбедност вака определена е во тесна врска со законитоста, односно со остварување на законитоста.[38] Јавната безбедност се занимава со категориите поврзани со безбедноста, но од аспект на сигурноста на членовите на општеството. Вака дефинирана, може да заклучиме дека државната безбедност се концентрира кон државата, додека пак, јавната безбедност е сконцентрирана кон поединецот – член на општеството.

*Националната безбедност*, пак, е една од најчесто употребуваните и најмалку дефинираните појави во речникот на меѓународната политика. Првата тешкотија кога зборуваме за одредувањето на поимот национална безбедност е терминолошката, односно семантичко - лексикографската природа која е поврзана со значењето на терминот кој во домашната литература или другите јазици се користи за да се означи поимот безбедност.[39]

Следниот терминолошки проблем во дефинирањето на националната безбедност претставува фактот што безбедноста во одредени држави се користи како термин за државна безбедност, односно овие два изрази се поистоветуваат. Меѓутоа, денес државната безбедност, начелно, се користи само како еден составен елемент односно како една компонента на националната безбедност.[40] Токму поради ваквата нивна испреплетеност овој труд ги систематизира во иста група на подвидови на безбедност.

---

ње, Глосаријум, Београд, стр. 67.

[37] Мијалковиќ, С., Милошевска, Т. (2014), „Кризата на традиционалниот концепт на внатрешната безбедност на државата", *The Development of Institutional Capacities, Standards and Procedures for Combating Organized Crime and Terrorism in the International Integration Conditions*, Ministry of Science and Technological Development of the Republic of Serbia, Belgrade, стр. 1.

[38] Исто, стр. 109-110.

[39] Илић, П. (2011), „Семантичко-лексикографски аспекти појма безбедности", *Војно дело*, 3/11, стр., 85–99.

[40] Илић, П. (2012), „О дефинисању и дефиницијама националне безбедности", *Војно дело*, стр. 129.

Поради тоа, се вели дека поимот на национална безбедност во почетокот немал јасна содржина. Овој термин во почетокот на Студента војна неретко им служел на политичарите како слоган за потпора на нивната политика, но со текот на времето содржината на поимот национална безбедност стана јасен. Имено, националната безбедност, денес, подразбира вкупност на политички, воени и комерцијални напори кои владите мора да ги преземат за да се оствари внатрешната и надворешната безбедност.[41]

Изразот национална безбедност прв го употребил познатиот американски новинар Волтер Липман (Walter Lippman) во далечната 1943 година[42]. Овој поим е обединет од поимите „надворешна безбедност" и „државна безбедност". *Надворешната безбедност* се однесува на одбрана на земјата, додека *државната безбедност* се поврзува со заштитата на државните институции, односно власта и други вредности.

Понатаму, националната безбедност е насочена кон заштита на националните вредности од надворешно и од внатрешно загрозување и претставува отсуство на закана за тие вредности. Всушност, поимот национална безбедност, дури и на сегашно ниво на општествен развој, е тесно поврзан со суверена држава – нација, во смисла на заштита на својот физички интегритет и територија. Овој факт може да се согледа преку бројните дефиниции за национална безбедност.[43]

Исто така, според некои автори националната безбедност се дефинира како состојба на безбедност на национално ниво и на напорите на земјата во обезбедување на безбедноста на своите граѓани од закани од надвор (интервенции, напади, окупација, блокади, итн.) и од внатре во општеството (закана по законот и јавниот ред, криминал, природни непогоди и други несреќи, итн.)[44]. Според Меѓународната енциклопедија за општествени науки, националната безбедност се дефинира како способност на државите (нациите) да ги заштитат своите внатрешни вредности од надворешни опасности[45]. Всушност, националната безбедност се однесува на политиката донесена од страна на

[41] Tatalović, S., Grizold, A., Cvrtila, V. (2008), Suvremene sigurnosne politike, Države i nacionalna sigurnost početkom 21. stoljeća, Golden marketing – Tehnička knjiga, Zagreb, str. 19.
[42] Masleša, R. (2001), *Teorije i sistemi sigurnosti*, Magistrat, Sarajevo, str. 38.
[43] Митревска, М., Гризолд, А., Бучковски, В., Ванис, Е., (2009), *Превенција и менаџирање на конфликти – Случај Македонија*, Бомат Графикс, Скопје, стр. 31.
[44] Гризолд, А., Копач, Е. (2013), „Словенечката национална безбедност: помеѓу националниот суверенитет и евроатланската реалност", *Современа македонска одбрана*, Година 13, бр. 24, Скопје, стр. 8.
[45] *International Encyclopedia of the Social Sciences* (1968), sv. XI, The Macmillian Company, London, p. 40.

владите со цел да се обезбеди опстанок и сигурност на нацијата – државата, вклучувајќи го но не ограничувајќи го остварувањето на дипломатските, економските и воените сили.

Меѓутоа, денес, безбедносната реалност се промени: националната безбедност е дел од меѓународна безбедност, бидејќи безбедноста на државата зависи од безбедноста на меѓународните региони. Ваквата слика ја промени агендата на безбедносни закани од исклучително воени закани (пред сè, глобална или нуклеарна војна) кон поширок спектар на други закани кои се однесуваат на животната средина, миграции и род. Националната безбедност е реконструирана бидејќи нацијата и државата најчесто географски не се поистоветуваат, и фокусот на националната безбедност е релоциран од државата на поединецот и заедницата како примарни референти на безбедноста.[46]

Сепак, едно од важните карактеристики на поимот на национална безбедност е неговата „отвореност по која, во зависност од промена на условите, времето и местото, одделно вклучува и исклучува нови и некои стари вредности". Традиционалните референтни вредности на националната безбедност се претставени како опстанок во најшироко значење: опстанок на државата, национален опстанок, физичко самоодржување, територијален интегритет, политичка самостојност, квалитет на живот, национален идентитет, национален интерес. На прагот на третиот милениум, како витални вредности

на националната безбедност, покрај одбраната на земјата, се издвојуваат и безбедност на граѓаните, здравствена безбедност, економска безбедност, еколошка безбедност и социјална безбедност.[47]

### 3.2.Приватна безбедност

Во реалитетот на случувањата, денес, досегашниот концепт на заштита во кој државата преку јавната безбедност имаше монопол на заштита на животот, правата, слободите, безбедноста и неповредливоста на личноста, заштитата на јавниот ред и мир,

[46] Shaw, M. (2000), *The Development of "Common-Risk" Society: A Theoretical Overview, Military and Society in 21st Century Europe – A Comparative Analysis*, Transaction Publisher, LIT, Hamburg, p. 13–26.
[47] Симић, Д. Р. (2002), *Наука о безбедности – савремени приступи безбедности*, Службени лист СРЈ и Факултет политичких наука, Београд, стр. 30.

спречувањето на вршење кривични дела и прекршоци, еволуираа и не дава задоволителни резултати. Поради тоа, во средината на 90-тите години на минатиот век на подрачјето на Западниот Балкан дојде до етаблирање, но и законско регулирање на приватната безбедност. Така што сега модерната демократска држава, низ постоењето на стандардните подсистеми на безбедноста како што се полиција и војска, поседува и т.н. систем на приватна безбедност.[48]

Приватната безбедност има долг еволутивен процес на настанок и развој. Нејзиниот интензивен современ развој започнува во втората половина од минатиот век во САД, а во помал обем и во Европа. Во посткомунистичките земји започна да се развива во последните две децении, паралелно со процесот на транзиција и во тие рамки приватизацијата на одредени сектори од безбедносниот систем. Како релативно ново подрачје во областа на безбедноста сè уште е недоволно истражена од теоретски и практични аспекти.

Поимот *приватна безбедност* е различно определен во зависност од одделните земји, правниот систем, а особено од ставовите на авторите. Според некои автори, приватната безбедност претставува „планска и организирана самостојна или заедничка активност и функција на поединци, организации, приватни или професионални агенции, кои се насочени кон сопствена заштита или заштитата на други, како заштита на лица, простор, објекти, активности или активности кои не се опфатени со ексклузивна заштита на државните органи".[49]

На идентичен начин и други автори го одредуваат поимот приватна безбедност, но со напомени дека е во прашање посебна дејност која „преку поединец, организација, приватна или професионална компанија, обезбедува лична заштита или заштита на други, како и заштита на соодветни високо позиционирани личности, простор, бизнис, а кои не се во надлежност на државните органи".[50] Определена како таква, приватната безбедност претставува вкупност на мерки, постапки и активности, спроведени преку физичко

---

[48] Ahić, J. (2011), „Javno – privatno partnerstvo u oblasti sigurnosti u BiH", *Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije*, Godište XI, Broj 1-2, str. 74.
[49] Daničić, M., Stajić Lj. (2008), *Privatna bezbjednost*, Visoka škola unutrašnjih poslova, Banja Luka, str. 14-20.
[50] Kržalić, A. (2009), *Stanje privatne sigurnosti u BiH*, Centar za sigurnosne studije, Sarajevo, str. 10-13.

обезбедување, но и со примена на технички средства и современи безбедносно – заштитни методи и начини на работа.[51]

Системот на приватната безбедност, како потсистем во рамките на севкупниот безбедносен систем, вклучува мерки и активности на безбедносна заштита со кои се штити имотот, лицата и бизнисот на правните и физичките лица, преку проактивно и реактивно дејствување. Меѓутоа, како систем во себе опфаќа и потсистеми: физички, технички, противпожарен и други форми на обезбедување и заштита (животна средина, работно место) и безбедносен менаџмент.[52]

Всушност, како што може да забележиме приватниот безбедносен сектор опфаќа обезбедување безбедност која се остварува од страна на приватни компании, на барање на лица или организации кои се во приватна сопственост.

Доколку направиме корелација помеѓу државниот и приватниот безбедносен сектор, може да се подвлече дека државниот безбедносен сектор приоритетно ги штити општествените интереси, а приватниот безбедносен сектор е задолжен за заштита на приватниот интерес или интересот на клиентот.

Приватната безбедност како интегрален дел на националниот безбедносен систем, ги инкорпорира: физичкото обезбедување на имот и лица како најголема и највидлива компонента; техничко обезбедување, информациска заштита и присмотра и приватната детективска дејност. Приватниот безбедносен сектор се јавува како последица од промената на општествениот систем и во тој контекст на неможноста државните безбедносни институции да продолжат на традиционален начин квалитетно и ефикасно да одговараат на современите предизвици и ризици, а со тоа и да ги задоволат големите барања за безбедносни услуги.[53]

---

[51] Тимова, Т. (2015), *Приватната безбедносна индустрија во Европската Унија со посебен осврт на СР Германија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, стр. 33.

[52] Nikač, Ž., Korajlić, N., Ahić, J., Bećirović, M. (2013), „Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadašnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiji", *Kriminalističke teme*, Pregledni naučni rad, br. 3-4, str. 29-30.

[53] Цветковски, Г. (2012), „Развојот и перспективите на приватната детективска дејност како ноу-хау професија во посткомунистичките држави", во *Зборник научни трудове*, Том първи. София, Фондация „Национална и международна сигурност", *Балкан Аналитика*, Софија, стр. 286 – 294.

### 3.3.Индивидуална безбедност / човекова безбедност

*Индивидуалната безбедност* е насочена кон заштита на поединецот и неговите добра. Најчесто се опфаќа со поимите „лично обезбедување", „безбедноста на граѓаните и нивните имоти" и „безбедносна заштита на човековите права и слободи".[54] Со оглед на тоа што овој поим опфаќа лично обезбедување слободно може да кажеме дека индивидуалната безбедност е премногу слична со приватната безбедност, па дури и претставува нејзин подвид. Индивидуалната безбедност, всушност, се однесува на слободата на човекот и на неговите човекови права.

Најголема важност на поимот „индивидуална безбедност" му се придава во деведесеттите години на минатиот век во рамките на концептот „човекова безбедност" кој посебно беше развиен во концептот на Обединетите нации. Со концептот се опфаќаат сите човекови права и сите прашања поврзани со развојот на човековите права, вклучувајќи го секој ризик кој може да го загрози човековиот опстанок, животот и здравјето на луѓето, нивниот економски и социјален статус, животната средина, итн.[55]

## 4.Водечки теории на современо концепирање на поимот безбедност

Првите теории кои ги вклучувале елементите на формулирање на поимот за безбедност ги наоѓаме уште кај древните мислители на стара Кина и Грција.[56] Кај Платон веќе се јавува поимот на стабилност на општественото уредување и улогата на законот во отстранување на општествените конфликти. Аристотел забележува дека е потребно да постои одлучна власт на мажот над жената и децата за да биде семејството стабилно. Заедничко за нив е што улогата на законот има за функција спречување на конфликти и гарантирање на овозможена правда (која е налик на идеалната правда), која е неопходна за мирни односи во општеството. Понатаму, заштитата на правата на граѓаните ја проширува и Римското право, каде веќе се назираат моменти на ограничување на моќта на

[54] Milosavljević, B. (2014). „Prilog Teorijskoppravno određenju pojma bezbednosti", *Pravni zapisi*, God V, br. 1, Pravni fakultet Univrziteta Union, str. 102.
[55] Collins, A. (2010*), Suvremene sigurnosne studije*, Zagreb, str. 114-133.
[56] Luard, E. (1993), Basic texts in International Relations, St. Martin's Press, New York, p. 5-26.

владетелот. Теоријата на Полибиј овде има посебно значење, предлагајќи модел на контрола на власта. Овде власта подлегнува на принципот на поделба. Низ средновековните теории за државата (Августин и Т. Аквински) се среќава идејата за хармонично функционирање на општеството кога луѓето се подложни на вистински морални или божји вредности. Во ренесансата Н. Макијавели ја раскинува цврстата врска помеѓу политиката и етиката. Со ова е овозможено егоистичката функција на власта да се издвои од општиот интерес што било услов за подоцнежен заклучок дека безбедноста на општеството во практика се сведувала на безбедноста на владеење на владетелот. Понатаму, современите претходници на формулацијата на поимот за безбедноста наоѓаме, во потесна смисла, дури кај теоретичарите на природното право и општествениот договор. Имено, кај Ж. Боден се појавува сфаќањето дека суверенитетот е ограничен само со природното право. Меѓутоа, пробој во теоријата среќаваме кај Т. Хобс. Според Хобс природниот закон е закон на егоизмот и тој закон го упатува човекот на самозаштита. За разлика од Хобс, Џ. Лок сметал дека човекот е разумно суштество и дека слободата е „недвоива од среќата". Цел на политиката е барање на среќата која се одредува низ категоријата „мир, хармонија и безбедност". Ш. Монтескје ја продлабочува либералната теорија на Лок. Пред општественото право и закон постојат природните права како нивен предуслов.[57]

Теориите за безбедност настанаа по завршувањето на Втората светска војна, на почетокот како посебна област, а потоа постепено сè повеќе како потдисциплина на науките за меѓународните односи, која пред сè се занимава со феноменот војна. Меѓутоа, денес овие теории се разновидни и се занимаваат со поширока област.

Имајќи ги во вид сите изнесени теоретски размислувања, сега можеме да се осврнеме на општата методолошка рамка за разгледување на поимот за безбедноста која во себе ги опфаќа следниве безбедносни концепции или теории:

1) *структурална теорија за безбедноста* - е базирана на општиот структуралистички метод на општествената наука. Оваа теорија настојува да открие,

[57] Јанев, И. (2011), „Поим и дефиниција за безбедноста и теорија на релационизмот во разгледувањето на безбедноста", *Безбедносни дијалози*, Број 3, Година II, стр. 64-69.

прикаже, опише и објасни од кои елементи и едноставни својства се конституира безбедноста.

2) *реалистичка теорија за безбедноста* - се развива наспроти идеалистичкиот институционализам, се заснова на објаснувања на безбедноста, особено во меѓународните односи, преку единствената сила или системски условената сила (неореализмот). Оваа теорија останува во рамките на методолошкиот правец структурализам, со извесно отстапување во рамките на неореализмот кој елементаристичкиот приод го комбинира и проширува со аспектите и компонентите на општата теорија на системите.[58]

3) *функционална и структурално – функционалистичка теорија за безбедноста* - настојува на експликацијата на појавата безбедноста да ѝ овозможи нови димензии низ квалитетно објаснување на врските и конгломерати на врски меѓу елементите на појавата на безбедноста (и соработката). Функционализмот и неофункционализмот се засновуваат на објаснувањето на потребата која ги врзува елементите во целина и причините за ваквата поврзаност во структурата. Либерализмот ова го дополнува со мноштво мотиви или типови потреби (цели) кои делуваат на преформулација на појавата за безбедноста, каде силата (на субјектот) повеќе не е единствена, монолитна и основна компонента на безбедноста.

4) *дијалектичка теорија за безбедноста* – кај оваа теорија безбедноста се формулира (со противречности на борбата на спротивности) во широкиот меѓународен поредок во движење.

5) *системска теорија за безбедноста* – теоријата покрај динамичната развојност, внесува и системско, синергистички ефекти, како и други колективни ефекти или варијабли кои динамички ја обликуваат појавата на безбедноста.

6) *формална теорија за безбедноста* - теоријата се базира на екстензија на математичко – операционите истражувања на областа безбедност. Тука посебно место наоѓа теоријата на игрите (посебно Зеро - Сум) и на овие модели (повеќе или помалку на конфликтна игра) примена на постапките од теоријата на веројатноста. Безбедноста во многу аспекти може да се сведе на конфликтна игра која се повторува, ограничен или неограничен број пати. На овие теории по правило им се додаваат: идеалистичката и

[58] Waltz, K. (1979), *Theory of International Politics*, Random House, p. 38-60.

либералната (т.е. неолибералната) теорија и теоријата на меѓузависности во односите. Овие либерално - идеалистички доктрини се во тесна врска со функционализмот (и неофункционализмот) односно доктрината на меѓузависност (во безбедноста) се сведува на структурално - функционалистичко објаснување на безбедноста.[59]

Од аспект на теориските пристап кон прашањата поврзани со безбедносната политика, во општа смисла безбедноста и безбедноста политика се анализираат преку конструктивизмот и критичката теорија, додека промените во безбедноста се согледуваат преку реализмот, либерализмот и повторно преку конструктивизмот. Теоретското формулирање на науката за безбедноста се судира со различните концепти кои постојат во Европа и во Северна Америка. Како резултат на тоа, науката за безбедноста во Северна Америка се издвојува како посебна целина, додека во Европа таа претставува дел од меѓународните односи. Во Европа има енергична расправа помеѓу бројните школи кои се натпреваруваат во безбедносни студии, какви што се претставниците на: критичките безбедносни студии (школите од Копенхаген, од Аберисвит и од Париз), радикалните постмодернисти, феминистите, пристапи инспирирани од Бурдју (Bourdieu) и повеќе традиционални, реалистички позиции. Неколку од нив воопшто не им се познати на мнозинството од американските научници.[60]

Кога зборуваме за теориите кои го концепираат поимот за безбедност потребно е да се обрне внимание и на *традиционалниот пристап*. Имено, традиционалниот пристап може да се подели во две големи групи: реализам и либерализам. Додека *либерализмот* бил доминантно учење помеѓу двете светски војни, *реализмот* доминирал за време на Студената војна. Реализмот и либерализмот поаѓаат од слични претпоставки, како на пример дека структурата на меѓународниот систем е анархична, државите се централни актери во овој систем, и се стремат кон рационално однесување во согласност со сопствените национални интереси. Меѓутоа, додека реалистите начелно се песимисти кога станува збор за создавање долготраен мир помеѓу државите, либералистите сметаат дека со ширење на слободната трговија, демократија и меѓународни институции може да се

[59] Waltz, K. (1979). *Theory of International Politics*, Random House, p. 62-64.
[60] Рајковчевски, Р. (2014). *Градење безбедносна политика: Случајот на Република Македонија*, Факултет за безбедност Скопје, Скопје, стр. 18.

создадат околности во кои ќе се намалат судирите помеѓу државите, а во извесна мера и потполно ќе се надминат.[61]

Во САД и другите развиени земји прифатен е критичкиот осврт на традиционалниот концепт кој во прв план ја истакнува државата и нејзините органи. Меѓутоа, постои стојалиште дека таквото сфаќање не е соодветно на модерните безбедносни предизвици и дека безбедноста треба да се разгледува посеопфатно и пошироко од овие погледи. Соодветно на таквиот фокус на традиционалниот концепт, безбедноста ги опфаќа државата, нејзината територија и границите на земјата.[62]

Новата концепција за безбедноста, пак, за разлика од традиционалната концепција како примарна ја истакнува *безбедноста на поединците*, а не на државата како ентитет. Овој концепт започна да се развива кон крајот на осумдесеттите години од минатиот век поради променливата безбедносна парадигма и радикалното променето безбедносно опкружување.[63]

[61] Ejdus, F. (2012), *Međunarodna bezbednost: teorije, sektori i nivoi*, Službeni glasnik, Beograd, str. 71.
[62] Mijalković, S. (2009), *Nacionalna bezbednost*, Kriminalističko-policijska akademija, Beograd, str. 85-90.
[63] Котовчевски, М. (2011), *Национална безбедност*, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 28.

# Глава 2 - Јавната безбедност и нејзините правни аспекти

## 1.Поимно определување на јавната безбедност

Секоја современа и демократска држава постепено го презема сè поширокиот круг на активности за заштита на животот, телесниот интегритет, имотот и другите права на луѓето, со што се одликува јавната заштита, односно јавната безбедност, како посебно подрачје на активностите на државата[64]. Државата е таа која има монопол врз легитимната употреба на сила и единствено само таа обезбедува безбедност и е одговорна за обезбедување на внатрешната безбедност и одбраната од надворешни закани. Всушност, обезбедувањето безбедност подразбира употреба на адекватни активни и пасивни средства, и начин на работа на службите за безбедност. Основен субјект кој обезбедува јавна безбедност е полицијата.

Кога говориме за јавна безбедност, ние мислиме на поефикасно и ефективно одржување на јавниот ред и мир, подобрена безбедност на патниот сообраќај, зајакната безбедност на државната граница и спречување и откривање на криминалитетот.

Јавната безбедност опфаќа три димензии:

- ✓ јавна како достапна за сите, видлива,
- ✓ јавна како нешто што делува врз сите или на поголем дел, и
- ✓ поимот јавна безбедност произлегува од идејата за јавна администрација и колективна држава.[65]

Областа на јавната безбедност се дели на:

- ➢ Public polising – во овој случај работите околу обезбедувањето на јавниот ред и мир во најширока смисла ги извршуваат државните органи (пред сè полицијата); и
- ➢ Private polising – во овој случај работите околу имотната и личната безбедност и заштита на приватните лица и компаниите на комерцијална основа ги извршуваат приватните компании кои даваат услуги за безбедност, како и службите за

[64] Milosavljević, B. (2014), „Prilog Teorijskoppravno određenju pojma bezbednosti", *Pravni zapisi*, God V, br. 1, Pravni fakultet Univrziteta Union, str. 103.
[65] Jones, T., Newburn, T. (1998), *Private security and public policing*, Oxford, Clarendon Press, p. 23.

обезбедување кои ги поседуваат јавно – државните претпријатија или претпријатијата воопшто. Поимот private policing е премногу тешко прецизно да се преведе. Во основа овој термин policing го опфаќа она што го извршува полицијата. Широкиот академски аудиториум овој термин го дефинира како спроведување на закон, истрага и активности на одржување на редот кои ги извршува полицијата.[66]

Односните помеѓу двата наведени сектори се регулирани со позитивни правни прописи, така што на државата и се даваат ингеренции да има евиденција, увид и контрола над приватниот безбедносен сектор.

Во *поширока смисла*, јавната безбедност подразбира збир на мерки и активности кои ги презема државата и општествената заедница заради заштита и зачувување на општо прифатените вредности. Во *потесна смисла*, јавната безбедност претставува збир на мерки и активности кои ги презема полицијата заради заштита и зачувување на општо прифатените вредности.

Во современите концепти на безбедност, јавната односно државната безбедност сè повеќе се третира како модерен концепт на полициско организирање и нејзин ангажман во рамките на општествената заедница, т.н. communiting policing[67], додека под „policing"[68] се подразбира регулирање, контрола со помош на полицијата или со примена на полициски средства, односно активности на поединец или организација која дејствува легално во полза на јавни или приватни организации или личности на планот на остварување на безбедност, сигурност или јавен ред и мир, со пренесени овластувања, со јавни или приватни договори и прописи, усно или писмено.

Всушност, јавната безбедност се гарантира преку работата на институциите за јавна безбедност, полицијата, јавниот обвинител, инспекцијата и надзорните органи, разузнавачките и безбедносните служби, другите државни органи, организации со јавни овластувања, разни безбедносни служби и приватни правни организации, како и локалната самоуправа врз основа на нивната меѓусебна соработка. Со цел да се даде одговор на

---

[66] Бакрески, О. (2008), *Контрола на безбедносниот сектор*. Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 144.
[67] Симоновиќ, Б. (2006), *Рад полиције у заједници (community policing)*, Бања Лука, стр. 40-68.
[68] The Oxford dictionary: a new English dictionary on Historical Principles (1933), Klarendon Press, Oxford, vol. 7, p. 1079-1070.

прашањата за јавна безбедност, за тие намени се воспоставува соработка со организации, здруженија, граѓански иницијативи, како и локални заедници, како и соработка во рамките на јавно - приватното партнерство. Во оваа смисла, заради исполнување на целите на јавната безбедност особено е важна елаборацијата на соработката и партнерството помеѓу јавниот (полицијата) и приватниот безбедносен сектор, за што ќе стане збор во глава 4 од овој магистерски труд.

## 2.Институционална рамка и правна регулираност на јавната безбедност

Безбедноста како функција во државата се однесува на правните норми, на институционалната структура и на задачите на субјектите. Содржината на безбедноста како служба се исцрпува во оцртувањето на облиците, спецификите и задачите на институционалните решенија (Агенција за разузнавање, Управа за безбедност и контраразузнавање и Сектор за безбедност).[69] Во оваа смисла, прашањата поврзани со безбедносниот сектор, ги обработуваат Комисијата за одбрана и безбедност и Комисијата за контрола на работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и Агенцијата за разузнавање. Безбедносните служби претставуваат специјализирани организации, кои извршуваат задачи со кои се остварува безбедносната функција, односно збирот на активности со кои државата се брани пред спротивставените страни. Главна задача на безбедносните служби е обезбедување на национална и јавната безбедност.[70]

Јавната безбедност ја поврзуваме со Министерството за внатрешни работи. Во однос на органограмот, органи во состав на Министерството за внатрешни работи се Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбедност. Со Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбедност раководат директори, кои на предлог на министерот ги именува и разрешува Владата на Република Македонија. Директорот на органот во состав на министерството, лично е одговорен за својата работа и за работата на органот со кој раководи пред Владата и пред министерот. Додека пак,

[69] Мојаноски, Ц. (2012), „Безбедноста како предмет на истражување", *Меѓународно научно списание за одбрана, безбедност и мир*, Министерство за одбрана, Нампрес, Скопје, стр. 60.
[70] Христовска, Т. (2016), „Парламентарна контрола над работата на безбедносните и разузнувачките служби во Република Македонија", стр. 4-5.

работите на системот на јавна безбедност ги врши Бирото за јавна безбедност, преку полициски службеници – униформирани во полицијата и цивили во криминалистичката полиција. Од друга страна, за извршување на работите поврзани со безбедноста и контраразузнавањето (работи кои се однесуваат на заштита на демократските институции утврдени со Уставот на Република Македонија, заштитата од шпионажа, тероризам или други активности насочени кон загрозување или уривање на уставниот поредок на земјата со насилни средства, како и заштита од потешки форми на организиран криминал), надлежна е Управата за безбедност и контраразузнавање.

Органите во состав на министерството остваруваат меѓусебна соработка (комуникација, координација и меѓусебно информирање). Активноста на органите во состав ја обединува и координира министерот за внатрешни работи преку директорите на Управата за безбедност и контраразузнавање и Бирото за јавна безбедност. Управата за безбедност и контраразузнавање, како дел од безбедноста на Република Македонија, има надлежност да открива, врши мониторинг, спречување, сузбивање и интервенирање, и да соработува во превенција со странските агенции, организации и поединци, во областа на активностите на домашниот и меѓународниот тероризам, субверзивни активности насочени против команди, единици и установи на Македонската војска и Министерството за одбрана. Понатаму, ги испитува и документира кривичните дела во рамките на надлежноста на воените судови, како што се кривичните дела против уставниот поредок или безбедноста на Република Македонија, против човечноста и меѓународното право и на повеќето сериозни кривични дела со елементи на организиран криминал.

Политиката на јавната безбедност директно е насочена кон зачувување на внатрешната безбедност на државата и граѓаните. Политиката на јавната безбедност е насочена кон заштита, одржување и унапредување на интересите на Република Македонија, кои се однесуваат на разрешување на ризиците и на опасностите во врска со заштитата на демократскиот поредок утврден со Уставот, со човековите права и слободи и со другите уставно - правни норми и гаранции од значење за безбедноста на Република Македонија. Имено, Министерството за внатрешни работи и субјектите на цивилната

заштита се јавуваат како главни актери во спроведувањето на политиката за јавна безбедност.[71]

Како што наведовме, основни чинители кои стојат зад јавната безбедност се Министерството за внатрешни работи и Управа за безбедност и контраразузнавање. Како основен субјект на Министерството за внатрешни работи за работи поврзани со јавната безбедност се претставува полицијата. Оттука, зачувувањето на јавната безбедност е опфатено со полициското работење. Имено, полициското работење во соработка со заедницата вклучува градење партнерство меѓу полицијата, граѓаните и другите институции, пристап насочен кон решавање проблеми, кон проактивна контрола на криминалот, кон развој на полициска организација која ќе биде одговорна пред потребите и барањата на заедницата и која ќе препознае дека јавната грижа заедно со криминалот може да биде исто толку важна во одржување на довербата. Моделот полициско работење со заедницата претпоставува децентрализација при донесувањето одлуки поврзани со безбедноста во заедницата, како и фокусирање на неформалната општествена контрола која промовира кохезија и вклучување наместо исклучување. Клучни елементи на полициско работење во соработка со заедницата се однесуваат на следново: децентрализација на полицијата и на одговорноста во рамките на полициската организација (полициските службеници на терен да бидат во можност да одговорат на јавните барања); партнерство со други агенции; ангажирање на заедницата (да има право на глас во одлучување); проактивно дејствување и ориентирање кон решавање на проблеми; промена на филозофијата и разбирањето на вистинската полициска работа која бара организациски промени. Во оваа смисла, моделот на полициско работење со заедницата сака да ја засили неформалната општествена контрола преку вклучување на заедницата во решавање на проблемите, бидејќи таа е дел од заедницата и треба да работи со неа и за неа. Тоа не значи дека механизмите на неформалната општествена контрола треба да преземат одредени надлежности на полицијата, туку да придонесат за поефикасно остварување на основната функција на полицијата која се однесува на обезбедување безбедни средини за живеење. Моделот на полициска работа со заедниците има три главни димензии: филозофска, стратегиска и програмска. Голем број теоретичари

[71] Рајковчевски, Р., *Градење безбедносна политика: случајот на Република Македонија*, Фондација Конрад Аденауер, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 159.

и практичари истакнуваат дека ова е нова филозофија за извршување на полициските работи која е многу поразлична од претходните полициски модели.[72]

Полицијата (лат. politia) е државна структура задолжена за заштита на општеството од криминал, одржување на јавниот ред и мир и безбедноста на државата.[73] Полицијата претставува основна и најстара форма на државна организација и социјална контрола, која во модерни услови како стручна и професионална државна служба има соодветни законски овластувања, според која делува превентивно и со репресивни активности. Според функцијата и надлежностите, полицијата може да се подели на: криминалистичка, сообраќајна, гранична, езерска, УБК и сл.[74] Работата на полицијата и нејзините задачи се утврдени со правила и правилници, упатства, подзаконски акти и соодветни закони. Ваквите активности на полицијата покажуваат дека во суштина сите се сведуваат на една социјална обврска за откривање на кривични дела и нивните сторители. Всушност, тоа е примарната должност на полицијата за преземање на разни мерки и активности во насока на спречување на криминалот и унапредување на безбедноста на државата.[75]

Во демократско општество како нашето, полициското работење е составено од почитување на владеење на правото и на неговите соодветни вредности. Предуслов за ова, секако, претставува деполитизирана, а особено департизирана и демилитаризирана полиција, одговорна и транспарентна пред јавноста, која не е фокусирана на контролата туку е фокусирана на давање услуги, а најголемо внимание се посветува на проактивната превенција на криминалитетот. Во демократското општество полицијата како приоритети во својата работа ги има потребите на граѓаните и на државата, но држава сфатена како заедница на рамноправни граѓани. Спроведувајќи ги своите законски надлежности,

[72] Стефановска, В., Гогов, Б. (2015), *Улогата на заедницата и на полицијата во превенција и акриминалитетот: состојби во градот Скопје*, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 24.
[73] Алексиќ, Ж., Миловановиќ, З. (1993), *Лексикон за криминалистика*, Врело, Белград, стр. 202.
[74] Бошковиќ, М., *Криминолошки лексикон*, Матица српска, Универзитет во Нови Сад, Нови Сад, стр. 253, 254.
[75] Сопронов, А. (2013), *Превенирање и сузбивање на трговијата со луѓе со посебен осврт на состојбата во Република Македонија*, Докторска дисертација, Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, Скопје, стр. 96-97.

полицијата треба да биде дел од заедничките општествени напори за заштита на законитоста и подобрување на безбедноста.[76]

Во демократско општество, овластувањата, целите и методите на полицијата треба да се во функција на промовирање на индивидуалните слободи, јавната безбедност и социјалната правда.

Полициското работење е регулирано со Законот за полиција[77] кој го нормира работењето на полицијата во заедницата во член 11 (иако експлицитно не го користи терминот полициска работа во заедницата), во кој се задолжува полицијата да соработува со граѓаните, здруженијата на граѓани и други правни лица, да соработува со органите на општините и на град Скопје поради подобрување на безбедноста и спречување и откривање на кривични дела и прекршоци. Поради остварување на соработката и градење доверба и партнерски однос помеѓу полицијата и граѓаните, исто така, е предвидено во општините да се формираат заеднички координативни тела со цел да се подобри јавната безбедност. Всушност, Законот постави основи за институционализација на дел од превентивното работење и можност за мултисекторски пристап во решавањето на одредени безбедносни прашања во општините.

Начелно, полицијата претставува државен орган кој е задолжен:

- ✓ да го заштити општеството од криминалитет,
- ✓ да го одржува јавниот ред и мир и безбедноста на државниот поредок.

Полицијата, во современа смисла, постои како специјализирана и професионална државна служба која располага со законски овластување, на чија основа врши превентивна и репресивна активност.[78] Активностите на полицијата покажуваат дека во суштина сите се сведуваат на една социјална обврска за откривање на кривичните дела и нивните сторители. Тоа, всушност, е примарната должност на полицијата.

---

[76]Гогов, Б., Стефановска, В. (2015), *Улогата на заедницата и на полицијата во превенција на криминалитетот: состојби во Градот Скопје*, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, стр. 49.
[77] *Закон за полиција*, Службен Весник на Република Македонија, бр.114/2006.
[78] Сопронов, А. (2010), *Откривање, разјашавање и доказивање кривичног дела трговине људима*, Мастер Рад, Нови Сад, стр. 41.

Според Законот за полиција, полицијата презема полициски работи (дејствија на полициските службеници) кои се однесуваат на:

- заштита на животот, личната сигурност и имотот на граѓаните;
- заштита на слободите и правата на човекот и граѓанинот гарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори;
- спречување на вршење кривични дела и прекршоци, откривање и фаќање на нивните сторители и преземање на други со закон определени мерки за гонење на сторителите на тие дела;
- одржување на јавниот ред и мир;
- регулирање и контрола на сообраќајот на патиштата;
- контрола на движење и престој на странци;
- обезбедување на државната граница и контрола на преминување на државната граница;
- укажување помош и заштита на граѓаните во случај на неопходна потреба;
- обезбедување на определени личности и објекти и други работи утврдени со закон.[79]

## 2.1.Јавната безбедност и нејзините превентивни аспекти

Јавната безбедност асоцира на заштитата на јавниот ред и мир. Основен субјект кој го штити јавниот ред и мир како што наведовме е полицијата. Поради тоа, превентивните аспекти на јавната безбедност се поврзани со работењето на полицијата. Во овој контекст, историјата на полицијата покажува дека таа е една од најстарите служби во човековото општество. Како елемент на социјална контрола, полицијата е постара и од самата држава. Меѓутоа, расположливите материјали нè водат до констатација дека информациите за полициските сили во најстарите времиња се многу ограничени. Тие главно се однесуваат

[79] *Закон за полиција*, Службен весник на Република Македонија, бр. 114 од 03.11.2006, член 5.

на значајни настани со мала информираност за содржинскиот карактер на нивните операции.

Изразот полиција (на англиски јазик – police, германски – polizei, француски - police) доаѓа од грчкиот збор polis, politea, што ја означува администрација на градот, држава, устав. Всушност, од поимот „polis" кој означувал град – држава е изведен поимот „politea" кој ја претставува целата државна активност, законодавство, судство и администрација. Во современиот говор на безбедноста, полициските овластувања се однесуваат на двата основни концепти на средствата на принуда, и тоа на реактивни и проактивни. *Реактивен* е оној кој е базиран на последиците и својот превентивен потенцијал го црпи од успехот на откривање и казнување на сторителите на прекршочните и кривичните дела и на заканата од санкции за забранетото однесување. Меѓутоа, анализата и индикаторите покажуваат дека примената на овој пристап со закана нема задоволителен заштитен ефект. Поради тоа, постоечките системи за безбедност се засновани врз основа на реактивен пристап. Колку е брза реакцијата на полицијата, колку побрзо се открие кривичното дело и сторителот, се карактеристики на реактивниот пристап. Особено во полицискиот безбедносен систем структурните облици се занимаваат со областа на примарната безбедност, односно проативното делување кое треба да се насочи кон спречување на негативните настани и последици, меѓутоа се нагласува нивната запоставеност.[80]

Кога ќе настане штета, премногу е тешко или речиси невозможно да се отстранат последиците, па поради тоа неопходно е да се истакне дека без оглед на реактивниот пристап на полицискиот систем, примарната безбедност односно превентивниот и *проактивен пристап* мора да биде главната задача на овој субјект кај јавната безбедност. Поради тоа јавната безбедност мора, без разлика на капацитетот во руралните и урбаните средини, да развие превентивни програми и да развие меѓусебни односи со приватната безбедност со цел за унапредување на безбедноста на Република Македонија, од една страна, и обезбедување заштита на лицата и имотот, од друга страна. Меѓутоа, главното прашање кое се поставува, а на кое ќе биде одговорено во понатамошниот текст е: дали тие односи на меѓусебна комуникација помеѓу јавната и приватна безбедност постојат?

[80] Ahić, J. (2011), „Javno – privatno partnerstvo u oblasti sigurnosti u BiH", *Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije*, Godište XI, Broj 1-2, str. 76.

Обидите за да се одговори на прашањето бара аналитички пристап и разбирање на ситуацијата, како и ретроспектива на претходните активности спроведени во оваа област, поради што во понатамошниот текст на магистерскиот труд следи продлабочена анализа.

Мора да напомениме дека превенцијата на криминалитетот значи заштита и унапредување на јавната безбедност. Поради тоа, се нагласува потребата секоја Национална стратегија за превенција на криминалитетот да биде одговорност на државата која треба да ги стави на располагање сите основни организациски и технички услови за превенција на криминалитетот како интегрален дел на криминалната и на социјалната политика, бидејќи заштитата на јавната безбедност е општествена одговорност за која е потребно да се постигне политички консензус. Токму затоа, една од задачите на секоја Национална стратегија е да го подобри квалитетот на живот преку подобрување на јавната безбедност, интегрирање на превенцијата во една поширока криминална и социјална политика и воспоставување партнерства меѓу различни страни од заедницата. Особено е важно да се истакне дека националните стратегии треба да бидат рамка и патоказ за градење и развој на соодветни локални политики, бидејќи таа ќе биде поефективна доколку се спроведува како дел од локалните политики за превенција на криминалитет и за безбедност во заедниците, и со тоа да бидат дел од администрирање како на централната, така и на локалната власт.[81]

Јасно е дека добро планирана стратегија за превенција на криминалот не само што ги превенира криминалитетот и виктимизацијата, туку и ја промовира безбедноста на заедницата и допринесува за развојот на земјата. Имено, ефикасна и одговорна превенција на криминалитетот го повишува квалитетот на животот на сите граѓани и ја унапредува безбедноста на државата.

Кога станува збор за превенцијата на криминалитетот, неопходно е преземање на превентивни мерки, при што мора да се води сметка за мерките кои се преземаат, со цел да бидат целесообразни и соодветни, односно таквите најуспешно да ја спречат појавата. Мерките кои се преземаат за спречување на криминалитетот мора да бидат смислени и системски преземени и насочени кон унапредување на безбедноста. Поради тоа, Законот

[81] Стефановска, В., Гогов, Б. (2015), *Улогата на заедницата и на полицијата во превенција н акриминалитетот: состојби во градот Скопје*, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, стр. 29.

за полиција[82] на Република Македонија ја нагласува улогата на полицијата за спречување на криминалитетот. За таа намена превенцијата опфаќа извршување на определени задачи, како и преземање на различни мерки и активности од кои посебно значење има контролата на лица склони кон вршење на криминал, контролата на чување и заштита на објекти и други организации, организирање заседи, рации, како и голем број други мерки.

Превенцијата на криминалитет како една од активностите на полицијата, претставува збир на политики, мерки и техники кои се преземаат надвор од границите на казнено - правниот систем, и има за цел да ги редуцира различните видови на штети причинети од дејствија (акти) дефинирани како криминални од страна на државата.[83] Поради тоа, начинот на извршување на полициските работи подразбира посветени, оспособени и аналитични полициски службеници, како и создавање на работна атмосфера во која вредностите во извршување на полициските функции ќе се појават во менаџирањето и тактиката на полицијата. Треба постепено да се напушта полициската хиерархија која ја дели внатрешната структура на полицијата, како и културата на традиционалните полициски вредности (како што се авторитет, фокусираност на опасностите и ефикасност) во извршување на задачите, со поголема посветеност на превенцијата на криминалот, а не само на неговото откривање.[84]

Во демократско општество како нашето, полициското работење е составено од почитување на владеење на правото и на неговите соодветни вредности. Предуслов за ова, секако, претставува деполитизирана, а особено департизирана и демилитаризирана полиција, одговорна и транспарентна пред јавноста, која не е фокусирана на контролата туку е фокусирана на давање услуги, а најголемо внимание се посветува на проактивната превенција на криминалитетот. Во демократско општество полицијата како приоритети во својата работа ги има потребите на граѓаните и на државата, но држава сфатена како заедница на рамноправни граѓани. Спроведувајќи ги своите законски надлежности,

[82] *Закон за полиција*, Службен Весник на Република Македонија, бр.114/2006.
[83] Barthe, E. (2006), *Crime Prevention Publicity Campaigns*, U. S. Department of Justice, p. 9.
[84] Greene, R. J. (2000), Community Policing in America: Changing the Nature, Structure, and Function of the Police, *Policies, Processes, and Decisions of Criminal Justice System*, Volume 3, p. 300-301.

полицијата треба да биде дел од заедничките општествени напори за заштита на законитоста и подобрување на безбедноста.[85]

Полицијата, безбедносните проблеми може успешно да ги решава единствено со постоење на добра, јасна и конзистентна организациска и функционална поставеност на хиерархиските нивоа на раководење со полицијата. Со цел за успешна соработка со приватниот безбедносен сектор, хиерархиските нивоа и односи на полицијата треба да се засноваат на соодветна законска и подзаконска регулатива (Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, како и подзаконски акти), како и на потребниот авторитет, професионалност, знаење, компетентност, стручност, доследност, темелност итн., како основни елементи препознатливи за сите нивоа на раководење. Соодветното раководење доведува до исполнување на целите на соработката и партнерството помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор. Ваквите претпоставки ќе овозможат да се обезбеди потребната флексибилност и прилагодливост на полициската организација, а прецизните овластувања и одговорности на полициските службеници ќе овозможат остварување на конкретните безбедносни задачи и зајакнување на корелацијата јавен – приватен безбедносен сектор.[86]

Меѓутоа, основни принципи за остварување на безбедноста во сите општества е интегрираност на секторот за јавна и приватна безбедност во организирањето и спроведувањето на програми и проекти за превенција на криминалот. Поради тоа, во многу земји е воспоставено високо ниво на соработка помеѓу приватниот безбедносен систем и полицијата. Притоа, приватниот безбедносен сектор се смета за помлад партнер во активностите за зачувување на јавната безбедност, односно во асистирањето на полицијата при извршување на нивните активности.

Поради фактот што превенцијата на криминалитетот значи унапредување на безбедноста се поставува прашањето зошто полицијата има толку важна улога за превенцијата? Одговорот е содржан делумно во фактот што полицијата поради своето постојано присуство во сите заедници може прва да забележи различити проблематични

[85] Гогов, Б., Стефановска, В. (2015), *Улогата на заедницата и на полицијата во превенција на криминалитетот: состојби во Градот Скопје*, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, стр. 49.
[86] Бакрески, О., Миласиновиќ, С. (2010), „Специфичноста на раководењето со полицијата", Филозофски факултет - Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир, *Безбедносни дијалози*, број 2, година I, Скопје, стр. 161-162.

однесувања или појави кои укажуваат на загрозување или слабеење на безбедноста. Поради дневните контакти со криминалитетот, но и со другите непожелни појави, полицијата треба да делува како „сензор" за прввобитното воочување на девијантно однесување, и располагање со важни сознанија за генераторите, односно сторителите на таквите негативни појави. Од друга страна, пак, полицијата, исто така, располага со важни податоци за низа ризици на кои се граѓаните изложени, а посебно децата и младите. Поради тоа, полицијата треба и може да укаже на важните локални потреби за постапување и да ги даде првите импулси за превенција која не се ограничува само на еден ресор туку на вкупните ресурси на заедницата.[87]

Поради фактот што полицијата е сензор за воочување на криминалот, произлегува и нејзината огромна улога за унапредување на безбедноста преку превенција на криминалот и соработка и партнерство со приватниот безбедносен сектор.

Во оваа смисла, партнерството меѓу полицијата и граѓаните, другите јавни и приватни институции и организации кои работат на територијата на заедницата, а можат да придонесат кон подобрување на квалитетот на животот, е основа на комуналниот полициски модел. Тој постои тогаш кога во безбедносните програми за подобрување на јавната безбедност се производ на поширокото општествено партнерство[88]. Целта и програмата за градење партнерски однос помеѓу полицијата и граѓаните е интегрален и постојан дел од стратешките планови на Министерството за внатрешни работи, во делот за Јавната безбедност: програмата за подрачните полициски служби - Секторите за внатрешни работи. Во последниот стратешки план за 2014-2016 година е наведено дека во рамките на проектот „Градење партнерски однос „Граѓанин – полиција" се реализираат активности во насока на заокружување на мрежата локални совети за превенција; понатамошни континуирани активности за одржливост на формирани советодавни групи на граѓани, како и формирање на нови советодавни групи; имплементација на Стратегијата за превенција; зајакнување на капацитетите на Одделенијата за превенција во сите сектори за внатрешни работи на оперативно ниво; јакнење на капацитети на

[87] Borovec, K. (2013), „*Razvoj vijeća za prevenciju kriminaliteta u lokalnoj zajednici*", Polic. sigur. (Zagreb), godina 22, broj 1, Zagreb, str. 1-25.
[88] Jack, R. G., (2000), Community Policing in America: Changing the Nature, Structure, and Function of the Police, во Policies, Processes, and Decisions of the Criminal Justice System, *Criminal Justice 2000*, Volume 3, U.S. Department of Justice, p. 313.

полицијата задолжени да работат на областа на превенција на тактичко ниво (инспектор за превенција во Полициска станица). Развивање на односите со јавноста, односи со печатените и електронски медиуми на регионално и локално ниво; јакнење на соработката со невладини организации, како и развивање на концепт на мултиетничка полиција, односно правична застапеност на сите заедници во полицијата.“.

# Глава 3 - Приватен безбедносен сектор – поим, карактеристики и субјекти

## 1.Појавата и развојот на приватниот безбедносен сектор

Современиот свет на почетокот на третиот милениум се карактеризира со извонредни достигнувања во областа на процесот на глобализацијата, науката, инженерингот, технолошкиот развој, но и во поглед на урбанизацијата и индустрискиот развој. Од овој аспект тоа доведе до висок степен на духовна култура, материјален напредок на човештвото во целина, како и голем број на други позитивни ефекти. Меѓутоа, од друга страна, технолошкиот напредок резултираше со пораст на криминалот и другите бројни безбедносни предизвици и ризици. Ваквата состојба доведе до зајакнување на организираниот криминал, корупцијата и другите тешки облици на криминал, кои сериозно ги поткопаа темелите на човековото општество и целата меѓународна заедница. Како одговор на ваквите предизвици, државите ги ангажираа своите расположливи ресурси, безбедносните ресурси и другите капацитети и остварија различити облици на соработка во меѓународната заедница. Како официјален органи на државата во сузбивање на наведените појави првенствено се ангажираа полицијата, безбедносните служби и други субјекти. Меѓусебната соработка и партнерство овозможи полесно и поефикасно да се одговори на предизвиците и ризиците, како и на отстранување на последиците кои, по правило, имаат голема меѓународна димензија. Во оваа насока, заради заштита на лицата, имотот, бизнисот и другите вредности во повеќето развиени земји подолг период егзистира приватниот безбедносен сектор, кој понуди дополнителен алтернативен модел на заштита и безбедност. Овој сектор има долга традиција во САД, Велика Британија, Франција и другите развиени земји, па дури и стана составен дел од пошироката безбедносна заедница.

Приватниот безбедносен сектор претставува релативно нов феномен во посткомунистичките и земјите во транзиција. Се јавува со трансформацијата на државната и општествена сопственост, нејзина приватизација и демократизација и либерализација на општествените односи.

Приватизацијата на безбедноста, всушност, претставуваше создавање на приватен пазар за нудење и набавување безбедносни услуги, каде безбедноста станува стока, односно добро кое може да се добие во поголема или помала мера, зависно од

финансиските можности на корисниците. Овој чин на приватизација се покажа како еден од најпрофитабилните и најбрзо растечките индустрии, а особено поради фактот што овие услуги се користат од страна на државните и меѓународните структури, невладините, хуманитарните организации и мултинационалните компании. Поинаку кажано, приватните безбедносни компании или недржавните безбедносни формации прераснаа во еден од најзначајните актери на меѓународната и јавната безбедност.[89]

Конкретната приватизација на одредени сектори од безбедносниот систем се одвиваше преку два основни модели. Едниот беше т.н. "top down" („од врвот до долу") кој плански и организирано го спроведуваа развиените држави, со цел да ги зголемат ефикасноста и квалитетот на услуги во сферата на безбедноста. Вториот модел наречен "bottom-up" („од дно кон горе") беше карактеристичен за т.н. слаби или „заробени држави", меѓу кои во најголем дел се вбројуваа посткомунистичките и земјите во транзиција кои, објективно, не беа во можност ефикасно и квалитетно да извршуваат одредени безбедносни функции. Тој празен простор меѓу зголемените безбедносни потреби на граѓаните и правните лица, од една страна, и финансиските можности на државата, од друга страна, го искористија приватните субјекти со претприемачки амбиции кои спонтано и генерално без контрола од државата започнаа да приватизираат делови од безбедносниот систем.[90]

Приватната безбедност доживеа процут во втората половина на XIX век во Европа и САД, кога се основани и првите безбедносни (Eugene-Francois Vidocq, 1832 Paris) и детективски компании (Allan Pinkerton, 1850 Chicago). Работното мото (лого) на прочуената Пинкертонова агенција било „ние никогаш не спиеме" – "we newer sleep". Оваа и други компании опстојуваат и до ден денес во САД и земјите ширум светот.[91]

Приватниот безбедносен сектор особено доби на значење помеѓу двете светски војни, а посебно по завршувањето на Втората светска војна кога била зголемена потребата за заштита на животот, имотот и останатите вредности кои полицијата не можела во

[89] Ванковска, Б. (2011). *Меѓународна безбедност критички пристап*. Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 94-95.
[90] Цветковски, Г. (2014). „Развојот и перспективите на приватната детективска дејност како ноу-хау професија во посткомунистичките држави", *Балкан аналитика*, Софија, стр. 2.
[91] Pavlović, G. (2011). Pravo privatne bezbjednosti–uporedna studija, *Defendologija centar za bezbjednosna, sociološka i kriminološka istraživanja*, Banja Luka, str. 21-23.

целост да ги заштити. Така при индустриските корпорации основани се самостојни служби за обезбедување и професионални агенции за идентични намени.[92]

Одлучувачко влијание за приватизација на безбедносниот сектор, според еден од најпознатите аналитичари за оваа проблематика, Питер Сингер (Peter Singer)[93], имале два битни фактори.

- *Првиот фактор*, според Сингер, бил од економска природа и се однесува на намалување на јавната потрошувачка преку ангажирање и плаќање на приватни безбедносни субјекти (детективски и агенции за физичко и техничко обезбедување) за услуги кои дотогаш биле монопол на државата. Овој начин се покажал како многу рационален и исплатлив, бидејќи освен што државата се ослободила од одредени обврски, го решавала и проблемот со прекубројно вработените, а истовремено преку данокот враќала дел од вложените средства.

- *Вториот фактор*, според Сингер, се должел на завршувањето на Студената војна, по што најголем број држави започнуваат длабоки реформи во безбедносниот систем, со кои се извршила рационализацијата на огромни човечки ресурси од воените, полициски и тајни безбедносни служби, од кои голем контингент се вработиле во приватниот безбедносен сектор.[94]

Меѓутоа, преовладува мислењето дека клучни фактори за одвивање на процесот на приватизација на безбедносниот приватен сектор се сметаат промените настанати со завршувањето на Студената војна, меѓу кои се вбројуваат:

[92] Talijan, M. (2008), *„Prve ustanove privatne bezbednosti (policije) u Srbiji"*, *Privatna bezbednost – stanje i perspektive*, cit vo: Zbornik radova, *Privatna bezbednost – stanje i perspektive*, Fakultet za pravne i poslovne studije, Novi Sad, str. 40-62.

[93] Piter Singer е аналитичар во Институтот Brookings во Вашингтон , и автор на книгата „Корпоративни воини" која го објаснува феноменот на приватните воени компании.

[94] Цветковски, Г. (2014), „Развојот и перспективите на приватната детективска дејност како ноу-хау професија во посткомунистичките држави", *Балкан аналитика*, Софија, стр. 2.

- Соочување на вооружените сили на развиениот Запад, а особено САД и Велика Британија, со *радикални реформи* за намалување на бројот на припадници и воени буџети;
- *Приватизацијата и дерегулацијата* на пазарите доведе до намалување на улогата на државите во сферата на капиталот и услугите;
- *Одмрзнувањето на серија конфликти* поради крајот на биполаризмот и повлекувањето на директната поддршка за режимите од страна на суперсилите во Третиот свет;
- *Корисноста на приватните безбедносни компании* се согледува преку нивната инструментална улога, односно умешноста за прикривање на сопственото инволвирање и постоење на националните интереси на големите сили во зоните на конфликт;
- *Јакнењето на национализмот* во воената сфера доведе до ерозија и уривање на постојните државни воени структури за потоа да се изградат новите војски и полиции;
- *Слободната циркулација на оружјето* го забрза процесот, создавајќи чувство на страв и лажна безбедност;
- *Слабите држави* поради неспособноста за одржување на внатрешниот ред и поредок станаа *главна компонента* на приватните безбедносни компании од Западот;
- Зголемената побарувачка за давачи на безбедноста е делумен резултат и на *неспособноста на ОН* да одговорат на бројните сложени конфликти, особено на подрачјето на Африка.[95]

Правецот на настанување и развој на приватниот безбедносен сектор се одвивал преку формирање на приватни агенции за обезбедување кои ја презедоа дејноста на поранешните чуваро - стражарски служби во социјалистичките државните претпријатија. Карактеристика на овој нов транзициски бизнис беше што тој уште од почетокот се легитимираше како синоним за рекетарство, уцена и во највисоката фаза на

[95] Ванковска, Б. (2011), *Меѓународна безбедност критички пристап*. Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 96-98.

постмодерниот криминал, а како резултат на симбиозата меѓу структури на организираниот криминал и корумпираната власт, преземање на туѓи бизниси или т.н. рејдерство.

Се разбира, основачите и сопствениците на овие агенции за обезбедување, во рамките на бизнисот вклучија и голем број на активности од делокругот на детективската дејност, но со извитоперена и меркантилна логика на практикување. Самодовербата, предубедувањето и поистоветувањето на овие две сосема различни дејности, набргу ја компромитира ваквата самодефинирана професија приватен детектив. Подоцна, сфаќајќи дека оваа дејност освен што се разликува од класичното обезбедување на имот и лица, претставува и многу специфична, сериозна и тешка работа со која објективно не се во можност да се занимаваат аматери, настапува фаза на практикување како споредна и тоа само во неопходни случаи (собирање на информации за нивните потенцијални и реални конкуренти, податоци за типирани жртви за рекет или рејдерство, пронаоѓање и врбување на инсајдери од службите за безбедност и обвинителство, обезбедување накомпромитирачки материјали за судии и политичари и сл.). Со тоа, практично, агенциите за обезбедување целосно се фокусираа и го задржаа исклучиво делокругот на својата надлежност, со ad hoc пропратни нужни нелегални и криминални елементи на детективска дејност неопходна за ефикасно и бескрупулозно извршување на нивната основна функција на обезбедување.

На тој начин, постепено започна дистинкцијата на сферите на надлежноста меѓу детективската, дејноста на обезбедување и техничка заштита како три потсистеми на приватниот безбедносен сектор. Одговорот на прашањето зошто подолг период за овие три сегменти на приватната безбедност не постоеше нормативно уредување, покрај проблемот со правниот вакуум кој беше од објективна природа бидејќи се напуштија претходните вредносни критериуми и тешко се создаваа нови, мора неминовно да се бара и во субјективни причини поради фасадната (привидна) и дефектна демократија во поголем број посткомунистички и земји во транзиција. Во таков незаокружен демократски амбиент, различни центри со политичка и економска моќ и интереси, директно или посредно, вршеа влијание со цел да го задржат монополот врз одредени области и функции, најчесто поради финансиски мотиви и тајно собирање и (зло)употреба на

податоци, но и за криминални активности. Во случајов, тајните и полициски служби, како и доминантните парламентарни политички партии, тргнувајќи од нивната автономна логика и сопствена мотивација, јавно или прикриено вршеа опструкција на приватизацијата на одредени безбедносни сектори со цел тие и понатаму да останат резервиран монопол само за нив.

На тој начин, за разлика од современите светски тенденции, во посткомунистичките и државите во транзиција многу тешко и бавно се одвиваа реформите во безбедносниот систем според стандардите на модерните и стабилни демократски општества. Поради тоа, практично беше оневозможено воспоставувањето на односи на соработка и партнерство меѓу државниот и приватниот безбедносен сектор, па тие најчесто постоеја и функционираа паралелно еден покрај друг.

Предметот на приватното обезбедување во литературата се дели според различни критериуми, а во зависност од постоечкиот правен систем, ставовите на поединечните автори и други причини. Како основни критериуми се земаат предвид областа на делување, видот на услугата и внатрешната организација, на основа на кои субјектите на приватната безбедност може да се поделат на[96]:

- *приватни воени компании* (Private Military Companies) – кои претставуваат регистрирани корпоративни тела со правен субјективитет и нудат воени и безбедносни услуги од најразлична природа и за цели кои се различни од оние на платениците[97]. Како услуги нудат: борбени дејствија и оперативна поддршка, воени советувања и тренинг, набавка на оружје, логистичка поддршка, собирање разузнавачи информации, итн.[98]
- *приватни безбедносни компании* (Private Security Companies) – кои имаат исти корпоративни одлики и командни структури како и приватните воени компании, а

[96] Nikač, Ž., Pavlović, G. (2012), Pravo privatne bezbednosti, *Kriminalističko-policijska akademija*, Beograd, str. 1-10.
[97] Платеник е војник подготвен за ги продава своите воени вештини на оној кој е подготвен за да плати најмногу, без оглед на целта на мисијата. Цит. во: O'Brein, K. (1998), "Military-Advisory Groups and Africans Security: Privatized Peacekeeping?", *International Peacekeeping*, Vol. 5, No. 3, p. 81.
[98] Goddard, S. (2001), *The private military company: A legitimate international entity within modern conflict, a thesis presented to the faculty of the U. S. Army command and General Staff college*. Fort Leavenworth, KA, USA: University of New South Wales.

разликата се однесува на услугите кои ги нудат. Имено, нивните услуги се свртени кон спречување на криминал и обезбедување на јавниот ред и мир, но и нудење на чуварски услуги за затворите, аеродромите, инфраструктурните објекти и приватните лица.[99]

- *приватни воено – безбедносни компании* (Private Military - Security Companies) – кои претставуваат комбинација од претходно наведените.

Исто така, приватниот безбедносен сектор условно може да се подели на:

- *платеници* – уште нарекувани и „кучиња на војната" кои се препознатливи по нивната брутална страна, крволочност, свирепост, насилство и сл. Својата сила ја манифестираат преку малтретирање и садистичко изживување, а за да ги остварат своите цели не избираат време, место и средства.
- *приватни безбедносни и воени компании* – некои автори не прават разлика помеѓу приватните воени и безбедносни компании, и го користат терминот „приватни воени фирми".
- *приватни компании за обезбедување* – ваквиот вид на компании даваат услуги кои имаат за цел заштита на лица и имот преку кое придонесуваат за спречување на криминалот.[100]

Во литературата може да се сретнеме и со мислењето дека еден од најважните критериуми за разликување на субјектите на приватната безбедност е нивната комерцијална основа, според која субјектите се делат на основа на која нудат воени, безбедносни и сродни услуги на комерцијална основа и остварување профит.[101]

[99] Chaloka, B., Damian, L. (2001), *Regulating Private Military Companies*, International Alert, London.
[100] Бакрески, О. (2008), *Контрола на безбедносниот сектор*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 142-144.
[101] Schulz S., Yeung C. (2005), *Private Military and Security Companies and Gender*, DCAF, Geneva, p. 1–3.

## 1.1.Поимно определување на приватниот безбедносен сектор

Приватната безбедност секогаш била од големо значење за човекот, бидејќи претставува негова важна потреба. Меѓутоа, модалитетите на нејзиното спроведување се менувале и развиле облици на загрозување на безбедноста. Потребата за анализа на приватната безбедност е нужна со цел понатаму да можеме да зборуваме за соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор.

Приватната безбедност претставува заштита на луѓето и имотот спроведена како економска активност од страна на компаниите и независните претприемачи, и тоа:

- како рентабилна активност за договорните органи врз основа на договорниот однос (*договорна приватна безбедност*) или,
- како непрофитна активност за сопствените потреби (*внатрешна приватна безбедност*).[102]

Приватниот безбедносен сектор е комплементарен на јавниот (државен) сектор и неговите специјализирани служби бидејќи во голема мера ја олесни работата на полицијата и презема во свои раце бројни сложени задачи кои се важни за безбедноста во заедницата. Како рамноправен партнер, приватниот безбедносен систем е потсистем на системот за безбедност и вклучува неколку области, како што се: физички, технички, противпожарна заштита, заштита при работа и сл.[103] Секторот за приватна безбедност како потсистем на единствениот безбедносен систем сè разви во обем, функции и организација. Генерално, тоа се однесува во светски рамки и посебно, во Република Македонија. За разлика од светските рамки, кај нас е карактеристичен развојот на дејноста на обезбедување на лица и имот, наспроти приватната детективска дејност. Притоа, развиеноста на оваа дејност по својот обем (број на агенции и субјекти за обезбедување на лица и имот за сопствени потреби во рамките на постоечките правни субјекти) веќе ја

[102] Гризолд, А., Копач, Е. (2013), „*Словенечката национална безбедност: Помеѓу националниот суверенитт и евроатланската реалност*", Меѓународно списание за одбрана, безбедност и мир, Министерство за одбрана на Република Македонија, Скопје, стр. 20.
[103] Nikač, Ž. (2013), „Privatna bezbednost i detektivska delatnost: novi propisi u Republici Srbiji", Poslovni biro, Beograd, 2013, str. 11-15.

достигна, но и ја надмина бројката на вработени во државната и јавната безбедност, што е всушност факт за тоа од какви димензии се состои развојот на овој безбедносен потсистем.[104]

Поимот на приватната безбедност е историски термин. Овој термин не е релативно модерен, бидејќи самата историја на приватната безбедност потекнува од првобитната човекова заедница. Во тој период, заштитата на имотот и животот бил еден од најстарите задачи поставени пред човештвото. Зборовите „приватна безбедност" потекнуваат од терминолошка дефиниција од првобитната човекова заедница, меѓутоа како „професија не е релативно модерен феномен"[105]. Етимолошки, безбедноста потекнува од латинскиот збор *securitas-atis* што значи отсуство на опасност, бестрашност, заштита. Овој термин е од фундаментално значење за употребата во бројните други јазици, додека пак, додавањето „приватно" означува делегирање овластувања во приватниот сектор, кој етимолошки треба да се занимава со зачувување на опасности и обезбедување заштита.[106] Во англискиот јазик пак како термин кој се користи за приватна безбедност се сретнуваме со терминот private policing, што означува приватизација на полициските работи.

Приватната безбедност се обележува како гранка на безбедноста која преку организирано самостојно или заедничко системско и планско делување од страна на поединец, организација, приватна или професионална компанија, обезбедува лична заштита и заштита на другите, како и соодветна заштита на високо позиционирани личности, простор, бизнис, а кои не се во надлежност на државните органи.[107]

Системот на приватна безбедност, како потсистем во рамките на севкупната безбедност, вклучува мерки и активности за заштита на вредностите кои се штитат, како што се: имот, лица (физички лица), бизнис (правни лица), преку проактивно и реактивно

---

[104] Gerasimoski, S. (2009), „Experiences and Perspectives of Private Security in Varstvoslovje", University of Maribor, Year 11, No. 2, p. 316-328.,

[105] Ahić, J. (2009), *Sistemi privatne sigurnosti*, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Sarajevo, str. 42.

[106] Ahić, J. (2009), *„Harmonizacija zakonske regulative private sigurnosti u Bosni i Hercegovini u kontekstu evropskih integracija"*, *Međunarodna naučno-stručna konferencija*, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Sarajevo, str. 165.

[107] Kržalić, A. (2009), *Stanje privatne sigurnosti u BiH*, Centar za sigurnosne studije BiH, Sarajevo, str. 10.

делување[108]. Според некои автори, системот на приватната безбедност кој коегзистира и е составен дел од државата претставува севкупно делување и однос меѓу поединецот и агенцијата (компанијата) која има право на комерцијализација на безбедноста[109].

Приватната дејност за обезбедување подразбира севкупност на превентивни дејствија за обезбедување на лица и објекти од напади. Предмет на делокругот на работата на приватната дејност за обезбедување претставува личното и персоналното обезбедување на физички лица, нивниот имот и имотот на правните субјекти (згради и стопански објекти) и обезбедување со сигнално – алармна техника.[110] Приватните безбедносни компании може да се дефинираат како јасно структурирани регистрирани корпоративни асоцијации кои обезбедуваат услуги од безбедносен карактер, натпреварувајќи се со компаниите кои извршуваат исти активности, со цел за добивање поголем ангажман.

Приватните актери се препознаваат под различни имиња, како приватни компании, приватни безбедносни компании, „корпоративни платеници", и сл. или со збирна именка сите овие се подведуваат под името *„приватна безбедносна индустрија"*.[111] По дефиниција, приватната безбедносна индустрија ги претставува приватните организации и корпорации кои се специјализирани за извршување на задачите од областа на одбраната и безбедноста, а кои задачи биле резервирани за државните институции. Со нивната појава се отвори компетенцијата во областа која до неодамна претставуваше монопол на државните институции.[112]

По дефиниција, приватна безбедност (приватната заштита) подразбира збир на мерки и активности кои ги преземаат правните лица заради заштита на лица и имот кој не се осигура од страна на државата и е над обемот кој го осигура државата. Кога зборуваме за *приватна безбедност во поширока смисла*, потребно е да нагласиме дека овој вид на

[108] Nikač, Ž., Korajlić, N., Ahić, J., Bećirović, M. (2013), „Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadašnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiji", *Kriminalističke teme*, Pregledni naučni rad, br. 3-4, str. 29.
[109] Ahić, J. (2009), *Sistemi privatne sigurnosti*, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Sarajevo, str. 42.
[110] Котовчевски, М. (2007), *Разузнавачко безбедносните заедници на државите во Југоисточна Европа*, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 84.
[111] Ванковска, Б. (2011), *Меѓународна безбедност критички пристап*, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 95-96.
[112] Sajko, J., Mikac, R. (2009), „Privatizacija sigurnosti kao trend novog doba: Privatna industrija sigurnosnog sektora kao integralni dio nacionalne sigurnosti SAD-a", *Journal of Interdisciplinary Research on War and Peace*, 12(23), str. 51-72.

безбедност не е и не смее да биде конкуренција на јавната безбедност. Ваквата констатација следи поради фактот што тие се многу често испреплетени, а заедно со јавните служби за безбедност (полицијата, армијата, безбедносните служби, судските институции) претставуваат рамка за безбедност. Во овој контекст, приватниот безбедносен сектор се анализира како млад партнер во активностите на обезбедување на јавната безбедност, односно во асистирање на полицијата во нејзината работа.

Постојат повеќе активности на приватната безбедност. Имено, Американската асоцијација ASIS (Американско друштво за индустриска безбедност) извршила класификација со која приватната безбедност се дели на четири групи активности:

1. *Физичко обезбедување* – се однесува на заштитата на луѓето, имотот и објектите, преку ангажирање на обезбедувачи (обезбедување), безбедносни системи и безбедносни процедури.
2. *Безбедност на податоци* – се однесува на чување доверливи информации, приватни информации, информации за имотот, инвестициите, договорите и интелектуалната средина.
3. *Лично обезбедување* – се однесува на обезбедувањето на интегритетот и лојалноста на вработените во организацијата (подразбира испитување на потеклото и претходниот живот на вработениот, разни медицински тестирања и други техники за скенирање пред вработување.
4. *Безбедност на информатичкиот систем* – кој опфаќа одржување на доверливост, сигурност и стабилност на генерираните податоци, кои се собрани, обработени и пренесени преку информатичкиот систем.[113]

## 2.Основни карактеристики на приватната безбедност

Набљудувајќи од страна на политичките науки и државно – правните аспекти, приватното обезбедување е специфичен и динамичен систем на општествена контрола, кој

[113] Цветковић, В. (2010), *Ризик, моћ, заштита*, Факултет безбедности, Београд, стр. 456.

со цел да обезбеди повисок степен на индивидуална сигурност на граѓаните, но и нивните економски интереси, презема политички апарат на контрола на општествената политичка заедница, на начин да се откаже од монополот на секторот за јавна безбедност, и на комерцијален начин, како економска активност, преку агенции и компании, истовремено го ограничува доменот на делување во областа на безбедносниот сектор преку донесувањето законски и подзаконски акти, како и воспоставувајќи кодекс на етичко и професионално однесување на вработените во приватниот безбедносен сектор. Од друга страна, пак, од безбедносен аспект, системот на приватна безбедност на една земја претставува тоталитет на активности и односи на поединци, агенции и компании кои се дозволени од страна на државата со цел да се заштитат принципите на безбедност.[114]

Приватната безбедност во голема мера се разликува од јавната безбедност. Имено, приватниот безбедносен сектор работи за клиентите (физички или правни лица), односно им служи на клиентите кои плаќаат со цел да се заштитат самите себе, односно да се заштити некое лице или имот.[115] Покрај оваа основна карактеристика на приватниот безбедносен сектор, постојат и други многубројни карактеристики. Особено се истакнува договорниот однос помеѓу секторот и заштитениот објекти, конкурентноста, флексибилноста, и сл.

Основна *карактеристика* на приватните безбедносни агенции е нивното дефанзивно (пасивно) дејствување и нудење услуги на безбедносна заштита, кои услуги се регулирани и контролирани на ист начин за сите бизниси. Понатаму, приватните безбедносни компании имаат глобален карактер и голема моќ. Тие успеваат да регрутираат луѓе од сите меридијани. Оваа индустрија располага со огромни буџети, односно преку неа циркулира огромен капитал. Ваквиот вид на компании имаат најчесто транснационален профил, кој создава нејасна слика во однос на тоа пред кого носат одговорност и кој врши контрола над нивното работење. Силниот корпоративен идентитет на ваквите компании е базиран врз основа на принципите на тајност, професионалност и дискреција спрема клиентите. Како и битката за профит е условена од нивната

[114] Ahić, J. (2009), *Sistemi privatne sigurnosti*, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Sarajevo, str. 49.
[115] Swol, K. (1999), "Private security and public policing", *Statistics Canada*, Catalogue no. 75-007-xpe, p. 34.

флексибилност во однос на мисиите и услугите кои ги нудат.[116] Се потврдува дека приватниот безбедносен сектор, меѓу другото, е најпрофитабилна индустрија на денешницата.

Како *позитивни страни* на ваквиот вид на компании во литературата се наведуваат:

- ✓ располагањето со потребната флексибилност и способноста да се соберат доволен број на трупи во зависност од настанатата ситуација, бидејќи не постои потреба од чекање на долгите и бавни бирократски процедури за одобрување на активното делување;
- ✓ Висока специјализираност на трупите поради тоа што селекцијата за вработување ја вршат луѓе со големо искуство или специфични ретки експертизи;
- ✓ Регрутацијата се врши од огромна популација која нуди своја безбедносна експертиза;
- ✓ Политичката цена која се плаќа за учество во некоја мисија е симболична и многу ниска за оние кои користат ваков вид на компании;
- ✓ Го забрзуваат реструктуирањето и трансформирањето на безбедносниот сектор во постконфликтните општества.[117]

Од друга страна, пак, истражувачките резултати за приватниот безбедносен сектор сугерираат на драматична состојба во поглед на:

- ✓ Неприменување на стандарди за извршување на оваа активност;
- ✓ Недоволно, а речиси и целосно отсуство на обученост на вработените во приватните безбедносни агенции;
- ✓ Незадоволителна регулираност на пазарот на приватната безбедност;
- ✓ Постоење на големо политичко влијание на резултатите на тендерите за овозможување на приватно обезбедување во објектите од јавен карактер;

[116] Ванковска, Б. (2011), *Меѓународна безбедност критички пристап,* Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 100-101.
[117] Avant, D. D. (2006), "The Privatization of Security: Lessons from Iraq", *Orbis*, Vol. 50, No. 2, p. 1-15.

- ✓ Непостоење на комуникација и кооперација меѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор.[118]

Меѓутоа, во литературата како решение за излез од ваквиот проблем се наведува прифаќањето и реализирањето на неколку принципи:

- Принципот на професионализација,
- Стандардизација и
- Принцип на европеизација.

Сепак и покрај ваквите противречности, *развојот на приватната безбедност* во суштина се движеше во два препознатливи правци:

- ❖ *Првиот правец*, се одвиваше со формирање на приватни агенции наменети за обезбедување на новите „бизнисмени", естрадни ѕвезди, контроверзни политичари, но и на припадници од структури на тајните безбедносни служби.
- ❖ *Вториот правец* на настанување и развој се движеше преку формирање на приватни агенции за обезбедување кои ја преземаа улогата и дејноста на поранешните чуваро - стражарски служби во социјалистичките државните претпријатија, со цел за заштита на имотот и луѓето.[119]

На тој начин, за разлика од современите светски тенденции, во посткомунистичките и државите во транзиција многу тешко и бавно се одвиваа реформите во безбедносниот систем според стандардите на модерните и стабилни демократски општества. Поради тоа, практично беше оневозможено воспоставувањето на односи на

---

[118] Давидовић, Д., Кешетовић, Ж. (2007), „Професионализација и партнерство јавног и приватног сектора безбедности у Србији – претоставке и препреке". *Часопис Криминалистичко-полицијске академије из Београда*, Год. 12, број 3, Београд, стр. 17-32.

[119] Baljak, M. (2015), „Uloga privatnih bezbednosnih agencija u 21. Veku", *Teorijsko – stručni časopis za pitanja zaštite, bezbjednosti, odbrane, obrazovanja, obuke i osposobljavanja*, Sveska 2, Broj 36, str. 22-30; Давидовић, Д., Кешетовић, Ж. (2007), „Професионализација и партнерство јавног и приватног сектора безбедности у Србији – претоставке и препреке", *Часопис Криминалистичко-полицијске академије из Београда*, Год. 12, број 3, Београд, стр. 17-32.

соработка и партнерство меѓу државниот и приватниот безбедносен сектор, па тие најчесто постоеја и функционираа паралелно еден покрај друг.

Земајќи ги во предвид горенаведените аспекти, побарувачката за приватните безбедносни служби доживеа бум и продолжува секојдневно да се шири. Во врска со ова се случи и експанзијата на техничката опрема која ги следи барањата на пазарот, со цел да се спречат негативните појави. Во оваа насока, може слободно да кажеме дека оваа индустрија постојано е во пораст и, исто така, еволуира во согласност со барањата на пазарот. Всушност, нејзините параметри се поставени во согласност со функцијата за унапредување на безбедноста на државата.

## 3.Местото и улогата на приватниот безбедносен сектор во рамките на внатрешната безбедност

Приватната безбедност претставува важен сегмент на националната безбедност на секоја земја. Во овој поглед, во последните децении се интензивира активноста на планот за нормативното уредување на приватните безбедносни компании, посебно во односот спрема полицијата и другите безбедносни служби. На овој начин приватната безбедносна индустрија во изминативе години стана неделив дел од општата безбедност на сите земји во светот.

Дефинирајќи ја приватната безбедност како планска, организирана и законски заснована, самостојна или заедничка дејност и функција на поединци, претпријатија, приватни и/или професионални агенции насочена кон сопствена заштита или заштита на други, како и заштита на соодветни лица, простор, објекти, работење или дејност, а кои не се покриени со ексклузивна заштита на државните органи[120] се доаѓа до определбата дека приватната безбедност е дел од вкупната, односно општата безбедност на државите, но нејзини носители се приватни субјекти во рамките на државата. Во оваа насока, разгледувањето и проучувањето на приватната безбедност во рамките на вкупната безбедност претставува дел од општата грижа за секојдневната сигурност на граѓаните.

[120] Stajić, Lj. (2008), *Osnovi sistema bezbednosti*, Pravni fakultet, Novi Sad.

Имено, современото општество кое се карактеризира со значајни измени во областа на социјалните и економските сегменти се соочува со перманентни усовршувања на различните облици на загрозувања со што опасноста по животот и имотот на граѓаните во целина значително е зголемена. Поради тоа, земајќи ги предвид наведените карактеристики како и основната потреба на човекот за задоволување на чувството на сигурност, извесна е потребата од реконструирање на стариот и воспоставување или градење на нов, адекватен и уреден систем за заштита на лицата и имотот, систем кој ќе биде прилагоден на современите ризици и закани по безбедноста на луѓето.[121]

Во основа, приватната безбедност претставува дополнување на безбедносната заштита која ја обезбедува државата преку надлежните безбедносни државни органи[122]. Ваквата констатација произлегува од тоа дека државата не е во можност да обезбеди присуство на полициски службеници во секој момент и на секое место каде одредени добра можат да бидат предмет на напад и загрозување. За разлика од државните органи, кои се одговорни за безбедносните прашања и се ангажираат на превентивен и репресивен план во доменот на заштита на државата и општеството од сите облици на закани, во доменот на приватната безбедност се појавуваат безбедносни субјекти, кои во рамките на овластувањата кои ги имаат, се спротивставуваат на различни форми на закани на лицата, претпријатијата и други правни субјекти со што се придонесува за ефикасна заштита на овие вредности.[123] Токму поради тоа, развојот на свеста на секој поединец, организација или останати субјекти да мораат да преземат одговорност за заштита на животот и имотот, раѓа неопходна потреба од потенцирање на местото и улогата на приватната безбедносна индустрија во рамките на вкупната безбедност. Поради тоа, во овој домен кога станува збор за местото и улогата на приватниот безбедносен сектор во општата безбедност треба да се потенцира дека карактеристична област на делување на приватната безбедност е токму делувањето во областа на обезбедување на лица и имот, стопански компании, транспорт на вредни предмети и сл. Па, имајќи ја предвид содржината и значењето на

[121] Тимова, Т. (2015), *Приватната безбедносна индустрија во Европската Унија со посебен осврт на СР Германија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, стр. 30.
[122] Триван Д., Милошевић М. (2012), „Актуелно стање приватне безбедности у Р Србији", *Зборник на трудови од меѓународната научна и стручна конференција*, Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот, Скопје, стр. 48.
[123] Кузев, С. (2011), „Безбедноста, приватната безбедност и детективската дејност", *Годишник на трудови*, Европски Универзитет - Скопје, стр. 451.

приватниот безбедносен сектор, односно приватната безбедност, несомнено може да заклучиме дека истата претставува потсистем на вкупниот безбедносен систем, со што јасно се воочува нејзиното место и улога во рамките на вкупниот безбедносен систем.[124]

Оттука, е и заклучокот дека приватниот безбедносен сектор се јавува како последица од промената на општествениот систем и во тој контекст на неможноста државните безбедносни институции да продолжат на традиционален начин квалитетно и ефикасно да одговараат на современите предизвици и ризици, а со тоа и да ги задоволат големите барања за безбедносни услуги. Според тоа, приватната безбедност како интегрален дел на националниот безбедносен систем, ги инкорпорира: физичкото обезбедување на имот и лица како најголема и највидлива компонента; техничко обезбедување, информациска заштита и присмотра и приватната детективска дејност. Поради тоа, приватната безбедност претставува значаен тренд во подрачјето на националната безбедност, а особено во западните земји[125]. Приватниот безбедносен сектор најверојатно е „еден од најважните, но најмалку разработен во студиите за безбедност. Оваа нова индустрија, каде компаниите не ги исполнуваат единствено воените потреби, туку и многу други професионални функции, стана значајна не само за одбранбената заедница, туку има широко значење и за глобалната политика“[126].

Од друга страна, функционално – безбедносниот аспект на проблемот на приватното обезбедување во нашата држава се согледува на ниво на функционалност на приватниот сектор во вкупниот придонес на јавната безбедност, воопшто. Ваквата функционалност зависи од неколку фактори:

- од нивото на спремноста и обученоста на кадрите кои се вработени во приватниот сектор,
- од нивото на техничката и материјална опременост на приватните агенции за обезбедување,
- од аспект на постоењето/непостоењето на стандарди за вршење на овие работи,

[124] Тимова, Т. (2015), *Приватната безбедносна индустрија во Европската Унија со посебен осврт на СР Германија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, стр. 31.
[125] Sajko, J., Mikac, R. (2009), „Privatizacija sigurnosti kao trend novog doba: Privatna industrija sigurnosnog sektora kao integralni die nacionalne sigurnosti SAD-a“, *Polemos*, 12(1), str. 51-72.
[126] Alabarda, Y., Lisowiec, R. (2007), "The Private Military Firms – Historical Evolution and Industry Analysis", *MBA Professional Report*, Naval Postgraduate School, Monterey, California, p. v.

- од карактерот и интензитетот на комуникација и соработка со полицијата и државните органи од областа на јавната безбедност, и
- од карактерот и барањата на клиентите на приватниот сектор за безбедност.[127]

## 4.Правна регулатива на приватната безбедност

Во развиените земји, приватниот безбедносен сектор е поткрепен со голема популарност и доверливи задачи, додека статусот, професионалните стандарди за работи и останатите системско – правни прашања се решени со соодветни правни норми. Нормативно – правната регулатива за работа на приватниот безбедносен сектор е од витално значење и неопходен предуслов за законско извршување на задачите, а пред сè, претставува претпоставка за успешна организација и водење на бизнис во секоја заедница, земајќи го предвид фактот дека криминалот, а особено тероризмот е во постојан пораст.

Во оваа насока, денес, самостојните, демократски и независни држави, ја регулираат оваа област и имаат усвоено одредени норми и меѓународни стандарди, и донесено поединечни закони и подзаконски акти со кои се регулира оваа проблематика.

Денес, приватниот безбедносен сектор во нашата држава стана реалност. Меѓутоа, она што допрва е неопходно да се случи е комуникацијата и партнерството помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор, односно нивната соработка која ќе се темели врз принципите на превенција на криминалот, елиминација на заканите од криминалот, ослободување на граѓаните од стравот од криминалот, итн.

На почетокот од осамостојувањето на Република Македонија во отсуство на законска регулатива, агенциите за приватна безбедност работеа произволно без законска регулатива и примена на пропишани стандарди. Истовремено приватниот безбедносен сектор свесно или несвесно стана дел од безбедносниот систем на Република Македонија и со усвојувањето на првиот Закон за обезбедување на лица и објекти 1999 година се стави ред во областа на приватната безбедност. Со формулирање на проблемот и негово

[127] Бакрески, О. (2008), *Контрола на безбедносниот сектор*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет – Скопје, Скопје, стр. 145.

решавање се одбележаа и посебните проблеми кои помалку или се повеќе влијаат на начинот на искажување на основниот проблем, односно, од него потекнуваат:

- непостоење на современ апарат или систем во областа на внатрешната безбедност кој ќе биде сконцентриран кон превенцијата и поврзанос меѓу јавниот и приватниот сектор во остварување на функцијата за унапредување на внатрешната безбедност;
- отсуство на појмовник со кој би се дефинирале односите и појавите во сферата на внатрешната безбедност, а особено во доменот на приватната безбедност, односно на прав поглед неопходно е поимите да се определат и постанат прилагодени на критичко посматрање, проектирање, концептирање и стратешко планирање;
- постоење на законска регулатива - отсуство или селектирана контрола на спроведување на законите и другите подзаконски прописи.
- отсуство на стандарди во давање на услугите од областа на приватната безбедност, отсуство на систематизирана обука на персоналот, отсуство на заштита на правата на вработените, нелојална конкуренција на пазарот кај агенциите за обезбедување и отсуство на партнерство помеѓу јавната и приватната безбедност, како основен предуслов за остварување на безбедносна клима во секое граѓанско општеството.[128]

Законската основа за формирање на субјекти кои го покриваат приватното обезбедување во Република Македонија, како и за регулирање на оваа материја, се состои од:

- Законот за детективска дејност[129] (донесен 1999 година),
- Законот за оружјето[130] (донесен 2005 година) и
- Законот за приватно обезбедување[131] (донесен 2012 година).

[128] Јовановски, З. (2010), Професионализација и партнерство на државниот безбедносен сектор со приватниот сектор за безбедност во Република Македонија, *Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија*, Зборник на Трудови, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, стр. 349.
[129] *Закон за детективска дејност*, Сл. Весник на Република Македонија, бр. 80/1999.
[130] *Закон за оружјето*, Сл. Весник на Република Македонија, бр. 7/2005.
[131] *Закон за приватно обезбедување*, Сл. Весник на Република Македонија, бр. 166/2012.

Со *Законот за детективска дејност* се уредуваат условите и начинот на вршење на детективската дејност. Со *Законот за оружје* се уредуваат условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, онеспособување (деактивирање) промет, превоз и пренесување преку државна граница на оружје и муниција. Со *Законот за приватно обезбедување* се уредуваат условите за вршење на приватно обезбедување, вршењето на приватното обезбедување, приватното обезбедување за сопствени потреби, задолжителното приватно обезбедување, овластувањата на работниците за приватно обезбедување, работната облека и ознаката на работниците за приватно обезбедување, формирањето, овластувањата и финансирањето на Комората на Република Македонија за приватно обезбедување, евиденциите, заштитата на податоците и информациите, надзорот, овластувањето за подзаконски прописи и прекршочните одредби.

Според Законот за приватно обезбедување, приватното обезбедување претставува заштита на лица и имот која се врши од страна на правни лица кои имаат дозвола за приватно обезбедување. Приватното обезбедување се врши како физичко и техничко обезбедување. *Физичкото обезбедување* подразбира обезбедување на лица (живот, телесен интегритет) кое се врши заради нивна лична заштита и обезбедување на имот од пристап на неповикани лица, од уништување, оштетување, противправно одземање и други форми на штетни дејствија, што се врши од страна на работници за приватно обезбедување. Физичката заштита, de lege lata, блиска е на заштитата на луѓето и имотот од уништување, оштетување, кражба и други облици на опасно или штетно делување врз здравјето и животот на луѓето, односно на имотот и физичката заштита на лица во движење[132].

*Физичкото обезбедување* може да биде организирано како:

1) *Телесна заштита* - физичко обезбедување со кое непосредно се обезбедуваат лица и имот од страна на работници за приватно обезбедување;
2) *Мониторинг обезбедување* - е физичко обезбедување што се врши како постојан физички надзор над вградени технички системи и уреди за обезбедување на лица и

[132] Pustahija, A., Ganić, E. (2014), „ Privatna sigurnost kao dio globalnog sistema zaštite i najprofitabilnija uslužna djelatnost današnjice", *Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije*, Godište XIV, Broj 3-4, str. 58.

имот и телекомуникациски пренос на алармни сигнали во центар за обезбедување и надзор;

3) *Мониторинг - патролно обезбедување* - е физичко обезбедување што се врши како постојан физички надзор над вградени технички системи и уреди за обезбедување на лица и имот и телекомуникациски пренос на алармни сигнали во центар за обезбедување и надзор и ангажирање на работници за приватно обезбедување и употреба на возила за обезбедување заради спречување на штетни дејствија над лицата и имотот што се обезбедуваат и обезбедување на лица и имот по пристигнат алармен сигнал од центар за обезбедување и надзор;
4) *Обезбедување на транспорт и пренос на пари и други вредносни пратки* - е физичко обезбедување на превоз и пренос на пари, злато, скапоцени камења, уметнички дела, хартии од вредност и на други вредносни пратки со работници за приватно обезбедување и посебни возила;
5) *Обезбедување на јавни собири и на други настани* - е физичко обезбедување со работници за приватно обезбедување и со употреба на технички средства заради одржување на јавниот ред на јавни собири, спортски натпревари, културни, забавни, верски, хуманитарни, социјални, политички, економски и други настани;

*Техничкото обезбедување* подразбира обезбедување на лица и имот со примена на технички средства и уреди, нивно проектирање, инсталирање и одржување. Всушност, техничката заштита се организира и спроведува на областа на заштитениот простор или единица и други објекти, како и преку следење и обезбедување транспорт на заштитените лица, хартии од вредност и други скапоцености[133].

Во обезбедувањето на услугите на приватната безбедност, глобалната поделба на услугите се однесува на поделба на физичка и техничка заштита на клиентите, иако во најголем број на случаи комбинацијата на наведените две е во најчеста практична примена. Сепак тоа е во зависност од повеќе параметри. Една од нив е ценовната поставеност на обезбедувањето на услугите. Имено, приватниот безбедносен сектор во повеќето случаи е во зависност од износот (цената) за дадената услуга. Поради тоа,

[133] Pustahija, A., Ganić, E. (2014), „Privatna sigurnost kao dio globalnog sistema zaštite i najprofitabilnija uslužna djelatnost današnjice", *Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije*, Godište XIV, Broj 3-4, str. 58.

агенциите за обезбедување се ориентирани кон сеопфатно обезбедување на услуги на физичка и техничка заштита со цел да остварат целосен профит.

# Глава 4 - Соработка и партнерство помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор

## 1.Разлики помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор

Организациите коишто се занимаваат со остварување на јавната безбедност се организирани во повеќе степени. Организацијата на безбедносниот сектор опфаќа мрежа на институции и организации кои на ефикасен начин ја остваруваат безбедносната дејност на сите утврдени нивоа и за сите безбедносни потреби. Во оваа смисла, организацијата и управувањето со безбедносните институции произлегува од нивната конкретизација во одредена ситуација која произлегува од специфичноста и од природата на нивната дејност и специфичноста на нивната работа. Според тоа, организацијата и управувањето со безбедноста претставуваат симбиоза на активности кои дејствуваат со цел за остварување на безбедносната дејност.[134]

Денес, безбедносен сектор покрај традиционалните конституенси (војска и полиција) ги опфаќа и сите органи на државата кои се овластени да носат и да употребуваат оружје, односно да применуваат сила. Такви се: граничните единици, разузнавачките служби, финансиската полиција, специјални антитерористички единици, царината, судските и затворските служби. Меѓутоа, на сето тоа треба да се додадат и формациите кои изникнаа од тековната приватизација како делови на секторот за безбедност и вооружените сили (приватниот безбедносен сектор).[135]

Големиот развој на приватните безбедносни компании во изминатите години значајно ја измени сликата и изгледот на секторот за безбедност. Овој феномен особено е изразен во англо - саксонскиот свет, каде овие компании прераснаа во бизниси вредни милијарда долари. Во САД на секој полицаец следи два до три припадника на приватно обезбедување. Овој тренд перманентно се проширува. Така, Германија денес брои 307 припадници на приватно обезбедување на 100.000 жители, додека Шведска 182, а Шпанија 165.[136] Тука ќе се согласам дека ваквиот тренд на зголемување на припадниците на приватниот безбедносен сектор се должи на зголемувањето на терористичките напади ширум светот.

---

[134] Бакрески, О. (2010), *Безбедносниот сектор како специфичен облик на организација*, Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје, стр. 11.
[135] Бакрески, О. (2008), *Контрола на безбедносниот сектор*, Филозофски факултет Скопје, Скопје, стр. 8-18.
[136] Buckland, S. B., Winkler, H. T. (2011), *Javno-privatna saradnja. Izazovi i mogućnosti upravljanja bezbednošću*, Forum za bezbednost i demokratija, Ženevski Centar za demokratsku kontrolu oružanih snaga, Beograd, p. 18.

Јавниот безбедносен сектор ги опфаќа активностите на парламентот, на владата, на шефовите на државите, судството, војската, полицијата, безбедносно - разузнавачките служби, локалната самоуправа и други државни органи, додека пак приватниот безбедносен сектор опфаќа активности на трговски друштва, агенции и компании за обезбедување и претставува многу важна алатка во прилог на јавната безбедноста со цел за креирање на добра безбедносна состојба.[137]

За разлика од јавниот безбедносен систем кој е надлежен за целокупната безбедност во државата и чии ангажмани се во превентивна и репресивна функција, од друга страна, субјектите на приватниот безбедносен систем во основа преземаат активности за спречување на различни облици на загрозувања на имотот и лицата. Приватниот безбедносен систем зазема посебно место и улога во вкупниот безбедносен систем, независно од тоа дали делува како сопствена служба за обезбедување во рамките на приватната компанија или е ангажиран со договор за вршење работи за обезбедување. Оттука, може да подвлечеме дека јавниот безбедносен сектор приоритетно ги штити општествените интереси, додека пак, приватниот безбедносен сектор е задолжен за заштита на приватниот интерес или интересот на клиентот. Разликите всушност се воочуваат во однос на *правните обврски и целите на обезбедување*, па така јавниот безбедносен сектор ги темели овластувањата врз правото и обврската на државата и ги гони и казнува сторителите на противправни однесувања (заштитник на јавниот ред и мир, општата безбедност), додека приватниот безбедносен сектор ги базира овластувањата врз правото на поединецот на лична заштита која ја пренесува врз основа на договор. [138]

Во оваа смисла, приватната безбедност може да се окарактеризира како делегирано овластување во областа на безбедносниот сектор, кое инаку претставува исклучиво домен и монопол на политичката структура на државата.

Ваквата поделба на безбедносниот сектор, на јавен и приватен безбедносен сектор, произлегува од започнувањето на *процесот на приватизација* на безбедносните системи во државите ширум светот. Приватизацијата во принцип подразбира постепена децентрализација односно пренесување на поедини надлежности од јавната, односно

[137] Даничиħ, М. (2009). *Појам и врсте безбједносног менаџмента*, Међународни научни скуп Сингерија, Универзитет Сингерија, Бијељина, стр. 5.
[138] Спасески Ј., Аслимоски П., Герасимоски С., (2008), *Систем на приватна безбедност*, Полициска академија и Факултет за туризам и угостителство, Скопје - Охрид.

државната безбедност во приватната безбедност, што всушност генерално означува намалување на трошоците од државниот буџет. Во овој контекст, денес државниот безбедносен систем сè повеќе го насочи фокусот кон вкупната безбедносна состојба во државата и асиметричните закани од меѓународен карактер, а во надлежност на субјектите на приватната безбедност останаа единствено интерните и локални состојби и проблеми на граѓаните. Преку ваквата поставеност на системите се овозможи главните органи на јавната безбедност, во прв ред полицијата и војската, да се фокусираат на основните активности, а споредните дејности како обезбедување на лица, објекти, транспорт на пари и вредни предмети, логистички поддршки и сл. да станат основна активност на субјектите од приватната безбедност. Меѓутоа и покрај ваквата навидум јасна дистинкција на надлежностите, сепак во безбедносните науки и практиката сè уште постои дилеми при утврдувањето на природата и карактерот на надлежностите на јавниот и приватниот безбедносен сектор, така што иако не е возможно нивно целосно јасно и децидно дефинирање, сепак нужно е нивно разграничување и јасно законско прецизирање, особено во поглед на овластувањата и објектот кој се заштитува.[139]

Преку елаборација на јавниот и приватниот безбедносен систем, може да потенцираме дека, иако постојат разлики во однос на овластувањата и ограничувањата на надлежностите на јавниот и приватниот безбедносен сектор, сепак овие два субјекти имаат и заеднички именител, а тоа е обезбедување заштита на граѓаните и заеднички делуваат во насока на остварување на нивната основна функција. Обата системи дејствуваат во функција на унапредување на безбедноста на државата. Меѓутоа, во насока на поуспешно остварување на вкупната безбедност, неопходно е зголемување на степенот на развој на свеста кај луѓето со цел за унапредување на безбедносната култура и пракса, што ќе придонесе за намалување на последиците од различните видови на загрозувања на безбедноста, но и за пораст на степенот на развој на приватната безбедност. Сепак, сите субјекти имаат свое место и улога во севкупната безбедност, но само целосно усогласени

[139] Тимова, Т. (2015), *Приватната безбедносна индустрија во Европската Унија со посебен осврт на СР Германија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, стр. 33.

во единствен современ безбедносен концепт и со доволно развиено ниво на соработка може вистински да одговорат на безбедносните предизвици, закани и опасности.[140]

Во овој контекст, неопходно е да заклучиме дека приватниот безбедносен сектор е продолжена рака на јавниот безбедносен сектор. Имено, ангажирањето на агенциите за заштита на луѓе и имот како сегмент на приватната безбедност во модерното демократско општество се јавува како прва опција во процесот на дополнителна безбедност.[141]

Поради тоа, односот помеѓу приватната безбедност и полицијата заслужува посебно внимание, со оглед на тоа дека приватната безбедност е поврзана со правниот систем преку јавната безбедност (полицијата).[142] Меѓутоа, нивната соработка и партнерство не се движи во нагорна линија поради недостатокот на обострано почитување. За ова станува збор во понатамошниот дел од овој магистерски труд.

Во согласност со изнесените параметри, односот помеѓу јавниот безбедносен сектор (полицијата) и приватниот безбедносен сектор не може да се опише ниту како соработка, ниту како конкуренција, односно ривалитет. Всушност, тие постојат паралелно, еден покрај друг. Од време на време, од случај до случај, на терен постојат одредени облици на соработка во текот на одредени операции, но тоа зависи од персоналните односи помеѓу припадниците на полицијата и професионалците кои се ангажирани од компании од областа на приватната безбедност. Во секој случај, соработката е исклучок, а не правило.[143]

## 2.Соработка и партнерство помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор во функција на градење модерен концепт за безбедност на Република Македонија

Државните органи се одговорни за одржување на целокупната безбедносна состојба, додека приватниот безбедносен сектор може да се каже дека првенствено има

[140] Тимова, Т. (2015), *Приватната безбедносна индустрија во Европската Унија со посебен осврт на СР Германија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, стр. 34.
[141] Pustahija, A., Ganić, E. (2014), „Privatna sigurnost kao dio globalnog sistema zaštite i najprofitabilnija uslužna djelatnost današnjice", *Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije*, Godište XIV, Broj 3-4, str. 49.
[142] Kržalić, A. (2009), *Stanje private sigurnosti u Bosni i Hercegovini*, CSS, Sarajevo, str. 70.
[143] Bayley, H. D., Shearing, D. C. (2001), *The New Structure of Policing - research report*, National Institute of Justice, Washington.

превентивна улога, односно е одговорен во прв ред за обезбедување на лица и имот, обезбедување на аеродроми, транспорт на пари и сл., а сето тоа во зависност од националните законодавства на државите каде се определени активностите на овој сектор. Со цел правилно да функционира вака поставениот модерен безбедносен концепт, неопходно е постоење на отворена, навремена, конзистентна и координирана соработка помеѓу субјектите во рамките на двата безбедносни сегменти.

Во низа земји е воспоставено високо ниво на соработка помеѓу приватниот безбедносен сектор и јавниот безбедносен сектор, односно високо ниво на соработка помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување. Меѓутоа, приватниот безбедносен сектор се анализира како млад партнер во активностите на обезбедување на јавната безбедност, односно во асистирање на полицијата во нејзината работа. Во овој контекст, во низа држави со законски решенија прецизно е регулирана работата и овластувањата на носителите на приватниот безбедносен сектор од каде произлегуваат и односите со државните органи кои активно учествуваат во остварувањето на активностите од системот на обезбедување меѓу кои е и полицијата. Во либералните држави практично полицијата не е во можност да ја гарантира безбедноста на секоја личност или да заштити сечиј имот. Секако полицијата има моќ, но нема монопол и апсолутни гаранции во однос на безбедноста.[144]

Основните *начела на соработката* помеѓу јавната (полицијата) и приватниот безбедносен сектор се:

- Одржување на јавната безбедност како должност на државата;
- Активностите на приватниот безбедносен сектор се особено значајни ако во основа претставуваат дополнување на полицијата во одржувањето на јавната безбедност;
- Приватниот безбедносен сектор и полицијата треба да работат заедно во интерес на сите граѓани.[145]

Всушност, соработката помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување како партнер во полициската работа, треба да биде одредена со: расположливи финансиски

[144] Olschok, H. (2002), *Private security in Germany and the cooperation with the police*, p. 12.
[145] Исто, p. 13.

ресурси и човечки и технички ресурси. Исто така, искуствата покажуваат дека е неопходна активна улога на припадниците на полицијата во насочување на своите активности за откривање на носителите и причините кои ја загрозуваат безбедност како сопствени активности, така и насочување на активностите кон останатите служби за безбедност. Јасно е дека ваквата активност на полицијата произлегува од рамките на делокругот на своите активности, а сето тоа поради неопходноста полицијата своите задачи да ги извршува во соработка со другите институции и секако во соработка со приватниот безбедносен сектор односно приватните агенции за обезбедување, а со цел за унапредување на безбедноста во државата.[146]

Основна цел заедничка работа и соработка е воспоставувањето на подобар однос со „корисниците" на услугите на полицијата. Тука се мисли на запознавањето на одговорните лица во системот на обезбедување со новите достигнувања од делокругот на работата на полицијата и размената на искуствата во заедничката борба против потенцијалните сторители на инкриминираните активности. Начелно, се смета дека безбедносните компании во однос на современите ризици и надворешни притисоци може да се набљудуваат од два аспекта: од поширок аспект, односно од аспект на целите на националната безбедност како референтен објект на безбедноста, и потесен аспект, т.н. бизнис политики и цели на безбедносните компании.[147]

Покрај соработката, се поставува и прашањето за *партнерството* помеѓу овие два сектора. Меѓутоа, пред да се впуштиме во продлабочена анализа да погледнеме што претставува јавното – приватно партнерство. Во *поширока смисла*, јавното - приватно партнерство би можело да се дефинира како збир на заеднички иницијативи на јавниот сектор и на приватниот сектор, во кој секој субјект придонесува со одредени ресурси и учествува во планирањето и одлучувањето. Под поимот јавно приватно партнерство, во *потесна смисла*, пак, се подразбира кооперативен зафат во склоп на кој јавните и приватните сектори здружуваат ресурси и стручни знаења, со што, низ адекватни алокации на ресурсите, ризикот и наградата, ќе се задоволи некоја јавна потреба. На тој начин, со примена на различни методи, приватниот сектор може да ги ангажира своите

[146] Стајић, Љ. (2012), „Контрола приватног сектора безбедности у иностранству", *Зборник радова Правног факултет у Новом Саду*, Правни факултет, Нови Сад, стр. 190.
[147] Рековић, З. (2004), „Управљање ризицима у недржавном сектору безбедности", *Безбедност*, бр.4, Београд, стр. 560-572.

ресурси и вештините во давање на добра и услуги кои традиционално ги осигуруваат државните служби.[148]

Јавното – приватно партнерство е новиот и најсложен инструмент за постигнување на економски развој на секоја модерна и современа држава. Овој вид на соработка е присутен во последните дваесеттина години. Јавното – приватно партнерство може да се дефинира и опише како облик на соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор на подрачјето на планирање, произведување, нудење услуги, финансирање и сл.[149] Партнерството е термин кој е визионерски поставен и недоволно развиен, меѓутоа остварлив. Партнерството не се постигнува со декрети и одлуки на определен број на луѓе. Воспоставувањето на партнерството е процес. Овој процес неопходно е да се развива на сите нивоа во решавањето на секојдневните проблеми. Партнерството и соработката подразбираат од полицискиот службеник да се очекува да воспостави непосредна комуникација со работникот од агенциите за обезбедување, едукативно делување преку укажување на потенцијалните проблеми, давање упатства за правилна оцена на сложеноста и опасноста на некои ситуации, начинот на решавање на конфликти и потенцијалните конфликтни ситуации.

Оттука, слободно може да констатираме дека префрлувањето на одговорноста од еден на друг сектор, од јавниот на приватниот безбедносен сектор, е негативна карактеристика која сè почесто може да ја воочиме во односите на државните безбедносни органи и приватните компании кои се занимаваат со безбедност. Бројни се допирните подрачја на јавниот и приватниот безбедносен сектор. Зависно од специфичностите на поединечните подрачја доаѓа до големо или мало преклопување на надлежностите и делокругот на работа. Детална анализа на секое од овие подрачја следи во понатамошниот текст.

Иако безбедноста претставува област која е во надлежност на државата, која ги остварува потребните нивоа на ред и мир, преку органите на Министерството за внатрешни работи, денес постојат голем број на примери каде локалните власти имаат

---

[148] Радосављевиќ, Е. (2011), Јавно приватно партнерство – економски и правни аспекти во Република Македонија, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет - Штип, стр. 12.

[149] Vasoljev, V. (2010), *Instrumenti za podsticanje lokalnog ekonomskog razvoja – javno-privatna partnerstva*, Fakultetu političkih nauka, Beograd; Vasoljev, V. (2013), „Osnovne karakteristike javno-privatnih partnerstava", *Javne Politike*, Stručni članak, Beograd, sr. 77-94.

склучени јавно приватни партнерства со приватни агенции за обезбедување и помош.[150] Имено, во некои општини веќе се активни договорите помеѓу општинската власт и некои приватни агенции за обезбедување, според кои приватните партнери имаат обврски за:

- чување на редот и мирот на поголеми манифестации;
- обезбедување на паркинг места;
- контрола на паркирањето на возилата на пешачките површини; и
- константно обезбедување на одредени индустриски и стопански објекти.

Со овој облик на јавно - приватно партнерство, општините овозможуваат намалување на стресот на ангажман врз централниот орган - полицијата, но и го зголемуваат влијанието на општината врз вкупните состојби на територијата. Со цел за подобрување на ваквата слика, приватниот сектор секојдневно ги зајакнува своите капацитети. Имено, бројот на лиценцирани компании е импресионирачки и отвора можност за воспоставување на различни модели на соработка. Министерството за внатрешни работи има важна задача во помош и насочување на приватниот безбедносен сектор, а особено за поттикнување на соработката на ова поле. Соработката помеѓу овие два сектора произлегува и од потребата за осигурување односно обезбедување на јавните настани. Секојдневната пракса и честите случување со тешки последици не упатува кон овој проблем, особено доколку станува збор за јавните собири од спортски карактер. Покрај тоа, соработката подразбира и помош при ангажман за трансфер на пари и други вредносни предмети. Имено, со остварувањето на соработката на овие два сектори при трансферот на пари и други вредносни предмети, се намалува бројот на извршување на разбојништва.

Од друга страна, денешниот степен на општествениот развој и новите безбедносни предизвици, уште повеќе ја наметна потребата од сè поголема соработка помеѓу субјектите од јавниот и субјектите од приватниот безбедносен сектор, односно помеѓу полициските службеници и работниците во агенциите аза обезбедување, а особено во поглед на спречување на новите облици на криминалитет и терористички закани и

[150] Радосавњевиќ, Е. (2011). Јавно приватно партнерство – економски и правни аспекти во Република Македонија. Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Економски факултет - Штип, стр. 116.

унапредување на безбедноста. Иако двата наведени субјекти во безбедносниот систем имаат свое место и улога во севкупната безбедност, сепак единствено со целосна усогласеност на јавниот и приватниот безбедносен сектор во еден единствен кохерентен современ безбедносен концепт може вистински да се одговори на безбедносните предизвици, закани и опасности кои ги носи денешницата. Оваа усогласеност подразбира, навремена, координирана и целосно воспоставена мрежа на соработка помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор. Во оваа насока, приватната безбедност често се јавува како „продолжена дејност" на полицијата и другите државни органи, односно се јавува како потсистем на единствениот безбедносен систем. Имено, одговорноста на полицијата во однос на експанзијата и ширењето на приватната безбедност е да го поддржи овој сектор со партнерска улога во поглед на знаење, искуства, информативни и други ресурси. Всушност, улогата на законодавната и извршната власт би била во поставување на стандарди и насоки, односно донесување на акти кои ќе се однесуваат на одговорноста и обученоста на работниците на приватниот безбедносен сектор во давањето на услуги и обезбедувањето на функцијата на унапредување на безбедноста.[151]

Постојат многу дефиниции за тоа што опфаќа еден концепт на јавно - приватна соработка, но ниту една не го опфаќа во целост *концептот на соработка меѓу полицијата и работниците во агенциите за обезбедување*. Ова се некои обиди:

- ✓ Соработка помеѓу полицијата и приватните безбедносни агенции е филозофија и организациска стратегија која промовира ново партнерство меѓу агенциите за обезбедување и полицијата. Се базира на претпоставка дека полицијата и агенциите за обезбедување мора да работат заедно со цел да ги идентификуваат, да им дадат приоритет и да ги решат современите проблеми како што се криминалот, социјалните и физичките нарушувања во локалната заедница, а со цел да се подобри квалитетот на живеење и да се унапреди безбедноста на општо ниво.
- ✓ Соработката помеѓу агенциите за обезбедување и полицијата претставува обид за соработка со цел да се идентификуваат проблемите кои ги засегаат граѓаните, како и обид заедничко работење на нивно решавање.

[151] Knezović, Z. (2003), Ka pravnoj bezbednosti, u Strategija državnog reagovanja protiv kriminala, Beograd, str. 559.

- ✓ Концептот за соработка помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување се разви од критичкото испитување за тоа каков треба да биде заедничкиот нивен одзив кон граѓаните, заедницата и проблемите на криминал, злоупотреба на дрога и други нарушувања на безбедноста, а особено од аспект на глобалната терористичка криза. Тргнувајќи оттука, филозофијата за соработката помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување вели дека проактивната превенција на криминалот, а не само одговарање на повици, е основната мисија на полицијата. Соработката помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување неопходно е да ја исполни оваа визија и мисија преку одржување на средби, склучување договори за партнерство, преземање на дејствија за решавање на проблемите со криминалот, лишување од слобода на оние кои го прекршуваат законот, одржување на јавниот ред и мир. Истовремено, соработката меѓу полицијата и агенциите за обезбедување неопходно е да се зајакне со концептот на поделени должности за безбедност и сигурност на локалното население. Полицијата и агенциите за обезбедување потребно е да се партнери во создавањето и одржувањето на безбедни и мирни населби. Тие се основниот столб за унапредување на безбедноста на државата.[152]

Некои автори констатираат дека помеѓу јавниот и приватниот сектор на безбедност не се воспоставени односи на соработка и партнерство, туку дека овие два системи постојат паралелно еден покрај друг. Како основни причини за ваквата состојба авторите наоѓаат во три видови на препреки[153]. Имено,

- ❖ *Системски препреки* кои се однесуваат на општите сфаќања на безбедносниот систем и отсуството на стратегија и недостатокот на волја на политичка актери за уредување на оваа област;

---

[152] Glosby, M. (1998), Police and private security working together in a co-operative approach to crime prevention and public safety, Australian Institute of Criminology and the National Campaign Against Violence and Crime and held in Hobart.
[153] Давидовић, Д., Кешетовић, Ж. (2007), „Професионализација и партнерство јавног и приватног сектора безбедности у Србији – претоставке и препреке", *Часопис Криминалистичко-полицијске академије из Београда*, Год. 12, број 3, Београд, стр. 17-32.

- *Правните препреки* се однесуваат на потполна нормативна неуреденост на приватниот безбедносен сектор, како и односот помеѓу јавните и приватните субјекти на безбедноста;
- *Професионалните препреки* се однесуваат, пред сè, на обележјата на класичната полициска култура според која полицијата се сфаќа како главен субјект на безбедноста, во чија функција треба да бидат сите останати елементи на системот;

Од друга страна, во литературата можат да се сретнат експертски ставови кои говорат дека соработката помеѓу двата безбедносни сектора е најефективна во контрола на криминалитетот на „белите јаки " како и во доменот на корпоративен криминал. Имено, според Кесиќ (2008) најчести модели на соработка меѓу јавниот безбедносен сектор и приватниот безбедносен сектор се:

- *Независност* - припадниците на јавната и приватната безбедност имаат свој домен на делување и свои задачи и ретко остваруваат контакти;
- *Конкуренција* – работата на приватниот безбедносен сектор предизвикува закана за одржување на монополот на државата над полициските активности;
- *Комплементарност* – меѓусебно дополнување во спроведувањето на активности, но секако постои јасна разлика во однос на поделба на задачите;
- *Кооперативност* – меѓусебна соработка и поддршка со цел зајакнување на силите на секој субјект;
- *Партнерство* – највисоко ниво на кооперативност во постапувањето и потполна еднаквост помеѓу субјектите чија дејност е насочена кон постигнување заедничка цел.[154]

Меѓутоа, може да подвлечеме дека соработката помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор како важен аспект на внатрешната општа безбедност, во функција на модерниот безбедносен концепт бара постојан, искрен и партнерски однос за успешно извршување на заштитната функција, нивна постојана комуникација, при што е неопходно

[154] Кесић, З. (2008), „Однос између јавног и приватног сектора безбедности – стање и перспективе", *Зборник радова* – Приватна безбедност – стање и перспективе, Нови Сад, стр. 210.

заедничко залагање во подигнувањето на свеста кај членовите на двата сегмента, но и подигање на ваквата соработка на повисоко ниво. Со цел да се оствари ваквиот постулат, неопходни се:

- ✓ Сè почести состаноци и зачестена комуникација, пред сè, заради размена на големиот број на информации кои се од заеднички интерес, заедничко планирање и реализирање на заеднички акции, рационализација на некои ресурси и сл.;
- ✓ Утврдување на стандарди и критериуми кои треба да бидат исполнети од страна на приватниот безбедносен сектор, посебно кога станува збор за објекти од витално значење, кај кои една од најголемите закани претставува можноста од терористички закани и индустриска шпионажа;
- ✓ Активирање на приватниот безбедносен сектор во поинтензивна пропаганда, со цел соодветна едукација и стекнување појасна слика за местото и улогата на приватната безбедносна индустрија кај сите структури во државата;
- ✓ Прецизно утврдување на надлежностите, одговорностите и поделбата на работните задачи на двата безбедносни субјекта, како во законските прописи така и во практичната реалност;
- ✓ Доедукација на членовите од двата безбедносни субјекта во насока на градење на здрав однос, соработка, намалување на импровизациите и контраефектот од евентуално поклопување;
- ✓ Донесување на меморандум за соработка заради прецизно дефинирање на облиците на соработка, начинот на комуникација и размена на информации со можност истиот да има облигаторна моќ со цел надминување на судирот на интереси и сл.[155]

Согласно наведеното може да заклучиме дека моделите на соработка, партнерство и односот помеѓу јавниот безбедносен сектор и приватниот безбедносен сектор се движат во насока од целосно негирање до хармонично меѓусебно делување, со меѓусебна зависност од индивидуалните перцепции и лични искуства на вработените во двата

[155] Петревски Б., Димитровска А. (2011), „Соработката помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување на лица и имот во функција на модерниот концепт за безбедноста на Република Македонија", *Годишник на Факултетот за безбедност*, Скопје, стр. 77.

домени. Во таа смисла, најоптимален начин на одговор на безбедносните предизвици е координираната, благовремена и отворена соработка во услови на глобализација и терористички закани, кога меѓузависноста на глобалните и локалните безбедносни проблеми е најголема, а врските помеѓу јавниот и приватниот аспект се речиси нераскинливи.[156] Во оваа насока, соработката помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор може да се препознае во неколкуте наведени сегменти како и во секојдневната комуникација помеѓу двата сектори. Така на пример, униформата која е предвидена да ја носат припадниците на приватниот безбедносен сектор во многу држави истата мора да биде одобрена од посебен државен орган. Понатаму, издавањето на дозволи за употреба на огнено оружје во низа држави е во надлежност на Министерствата за внатрешни работи, како и контролата и надзорот над овој сектор. Имено, полицијата во одредени земји има надлежност и право да врши редовна и вонредна контрола, при што може да одзема дозволи и лиценци за работа и да поднесува кривични пријави. Секако, соработката можеме да ја согледаме и во однос на контролата над приватниот безбедносен сектор, односно во современото општество правното регулирање на приватниот безбедносен сектор со потпишување на договори помеѓу компаниите и клиентите сè повеќе се напушта и се пристапува кон моделот на контрола од страна на државата при што е неизбежна соработката помеѓу двата сектори.[157]

Сепак, во праксата може да се евидентираат некои форми на соработка помеѓу приватниот и јавниот безбедносен сектор. Најочигледен пример за тоа претставува нивната директна линија на нивната оперативната соработка, кога припадниците на приватниот безбедносен сектор (обезбедувањето) ги повикуваат на интервенција припадниците на јавната безбедност (полицијата) доколку пости загрозување на луѓето и имотот, кое е регистрирано или детектирано од страна на приватните безбедносни агенции. Карактерот и интензитетот на комуникација со полицијата и воопшто државните органи во областа на јавната безбедност, приватните безбедносни агенции ја остваруваат на овој начин, односно кога ќе се случи кривично дела на подрачјето на објектот кој го

[156] Петревски Б., Димитровска А. (2011), „Соработката помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување на лица и имот во функција на модерниот концепт за безбедноста на Република Македонија", *Годишник на Факултетот за безбедност*, Скопје, стр. 69.
[157] Тимова, Т. (2015), *Приватната безбедносна индустрија во Европската Унија со посебен осврт на СР Германија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет – Скопје, Скопје, стр. 37.

обезбедуваат. Бидејќи приватните безбедносни агенции немаат право да вршат увид и да преземаат истражни дејствија, принудени се за ваквите околности да ги информираат локалните полициски сили и да им ја препуштат работата, а да соработуваат со нив доколку има потреба.

## 2.2.Препораки за унапредување на соработката

Во нашата држава за приватниот безбедносен сектор да стане вистинска реалност, неопходно е постоење на пропишана комуникација помеѓу приватниот и јавниот безбедносен сектор, соработка на еден општ концепт на превенција и елиминација на криминалот со цел за воведување на сигурност во општеството и унапредување на безбедноста во државата. Меѓутоа, факт е дека приватниот безбедносен сектор од ден на ден ја шири својата дејност и се стекнува со карактеристики на сила за што внимателно треба да се разгледуваат и одобруваат некои активности. Од друга страна, пак, препуштање на некои традиционални активности на јавната безбедност мора да се отстапуваат под посебни услови, со што истовремено би го претставувало како демократско општество.[158]

Оттука, зголемувањето на ефикасноста на полициското работење треба да се движи во насока која ќе резултира со зголемена безбедност и сигурност на лицата (физички и правни) и имотот (приватен и државен), потоа намалување на стапката на криминалот и повисок степен на негово откривање. Предуслов за ваквите резултати е остварување ефикасна координација на полицијата со другите државни институции во извршувањето на законите, соработка со граѓаните, отвореност кон јавноста, ефикасна меѓународна соработка, но и соработка со приватниот безбедносен сектор.[159]

[158] Јовановски, З. (2010), Професионализација и партнерство на државниот безбедносен сектор со приватниот сектор за безбедност во Република Македонија, *Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија*, Зборник на Трудови, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје, стр. 349.

[159] Петрески, Д., Илиев, А., Ѓозо, К. (2012), „Реформите во безбедносниот сектор во функција на мирот и перспективата на Македонија и непосредното опкружување", *Меѓународна научна конференција за безбедност*, Европски универзитет, Скопје, стр. 7.

Според наведеното, полицијата ја има клучната улога за унапредување на безбедноста. Исто така, има голема улога во вршењето на одбранбено – заштитната и, пред сè, безбедносната функција во земјата.[160]

Соработката при извршување на оперативните задачи може да се поттикне со одржување на *редовни состаноци* помеѓу овие два сектора врз основа на територијалниот принцип. Одржувањето на ваквите состаноци значи и комуникација помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор. Имено, секое партнерство започнува и се одржува преку комуникација. Всушност, на овие состаноци би требало да се идентификуваат и разгледуваат клучните проблеми на локално ниво, да се отворат каналите за комуникација, да се дефинира начинот за нудење помош и размена на информации, но и да се разгледаат интересите на обете страни. Комуникацијата ќе придонесе за надминување на несогласувањата. Поради тоа, полициските службеници неопходно е да ги информираат припадниците на приватниот безбедносен сектор доколку извршуваат заеднички некоја задача, но и обратно.

Сепак, најзначајниот темел за соработка и партнерство се *човековите ресурси*. Се почесто се сретнуваме со трендот на ангажирање на пензионирани полициски службеници во приватната и корпоративната безбедност.[161] Оттука, овој факт е охрабрувачки со оглед на тоа дека станува збор за искусни службеници кои имаат способност да одговорат на потребите на приватната безбедност и општата безбедност воопшто. Всушност, голем број од вработените во агенциите за обезбедување во нашата држава имаат претходно работно искуство во полицијата, односно во армија. Овој факт може да се објасни на следниов начин. Имено, во 2001 година кога државата беше соочена со криза, Министерството за внатрешни работи го зголеми бројот на полициските сили. По завршувањето на кризата, голем дел од вработените во полицијата беа опфатени со реформи кои доведоа до отпуштање вработени во полицијата. Меѓутоа, исто така, и во Министерството за одбрана се реализираше проектот на рационализација на вооружените сили и сведување на проектираната бројка според определената динамика за реформи на армијата, а во согласност со НАТО критериумите. Жално е, што и во двата наведени случаи овие

[160] Бакрески, О. (2006), *Координација на безбедносниот сектор – искуства и практики*, Филозофски факултет, Скопје, стр. 239.
[161] Briggs, R., Edwards, C. (2006), *The Business of Resilience, Corporate security for the 21st century*, Demos, London.

министерства своите решенија ги препознаа во отпуштање вработените од овие две категории (полиција и армија). Од друга страна, пак, под влијание на политиката беа воочени и отпуштања на искусни припадници на безбедносните структури преку нудење различни социјални пакети. Ова, всушност, придонесе за поголемо вработување во приватните агенции за обезбедување. Имено, ова претставуваше материјална сатисфакција за дел од поранешните полицајци и припадници на армијата да се вработат во овие агенции.[162]

Ова е пример во македонската историја која ја даде првичната врска помеѓу приватниот и јавниот безбедносен сектор и зголемувањето на капацитетите на приватниот безбедносен сектор. Меѓутоа, ова не смее да се повтори. Ова доведе до деструкции во македонското општество од аспект на отпуштање на работници.

Сепак, едно е јасно. Недостаток на соработка помеѓу приватниот и јавниот безбедносен сектор секако дека постои. Ширината на овој проблем бара маркирање на посебните проблеми кои со помал или поголем интензитет влијаат врз начинот на искажување на основниот проблем, односно тоа е се должи на следново:

- Недостаток на современ категоричен апарат во областа на внатрешната безбедност, кој произлегува од фактот дека во Република Македонија не постои јасно дефиниран концепт на национална безбедност кој треба да биде насочен кон превенција наместо репресија;
- Во врска со тоа, непостоење на поимовен апарат кој постоечките појави и односи во областа на внатрешната безбедност, а особено приватната, на прав начин би ги одредил и со што би се исполнил процесот на концептуализација и стратешко планирање;
- Непостоење на доволна законска регулатива која би ги рационализирала бројните негативни, или барем недефинираните појави и односи кои во реалноста на приватниот безбедносен сектор веќе постојат – приватни истражители/детективи, приватни систем надзори, злоупотреба на приватното обезбедување, особено во ситуации на окупација на приватизирани објекти или простори, отсуство на

[162] Бакрески, О. (2008). *Контрола на безбедносниот сектор.* Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет – Скопје, стр. 147.

стандарди за начинот на обезбедување услуги на приватна безбедност, отсуство на системско обучување и усовршување на вработените во приватниот безбедносен сектор, лиценцирање на компании и вработени во приватниот безбедносен сектор, заштита на правата на вработените во приватниот безбедносен сектор, нелојална конкуренција на пазарот на безбедносни услуги, итн.;

- Отсуство на партнерство на приватниот и јавниот безбедносен сектор, како основен предуслов за остварување на безбедноста и сигурноста на граѓаните, локалните заедници и општествата воопшто, и
- Отсуство на концепција за превенција на криминалниот на национално ниво, а според тоа, и непостоење на било каква визија за местото и улогата на приватниот безбедносен сектор во превенција на криминалот.[163]

Кај нас, за разлика од состојбата во развиените земји, партнерството помеѓу овие два сектори сè уште не е на повидок. Причините за ваквата ситуација и препреките за воспоставување ефективна соработка се бројни и може да се класифицираат во следните најзначајни групи[164]:

- *Системски препреки*

Сè уште не постои волја да се подели одговорноста за безбедноста помеѓу актерите во безбедносната арена. Државната (јавна) полиција се перципира како главен, но не и како единствен провајдер на безбедноста. На национално ниво сè уште не е воспоставен конзистентен и функционален безбедносен систем. Односот помеѓу полицијата и безбедносните агенции не е јасно дефиниран и во пракса може да биде ривалски, па дури и непријателски доколку на нивно чело се најдат различни политички партии. Од друга страна, агенциите кои се занимаваат со приватно обезбедување речиси и не се вклучени во

[163] Glosby, M. (1998). Police and private security working together in a co-operative approach to crime prevention and public safety, Australian Institute of Criminology and the National Campaign Against Violence and Crime and held in Hobart.
[164] Давидовић, Д., Кешетовић, Ж. (2007), „Професионализација и партнерство јавног и приватног сектора безбедности у Србији – претоставке и препреке", *Часопис Криминалистичко-полицијске академије из Београда*, Год. 12, број 3, Београд, стр. 17-32.

системот на безбедност. Исто така, се чини дека не постои доволно политичка волја за регулирање на оваа област.

- *Правни препреки*

Односите помеѓу овие два сектора, полицијата и приватните безбедносни агенции не е регулиран со правила и прописи. Единствено е регулирано следново. Според Законот за полицијата, полицијата соработува со граѓаните, државните органи, здруженија на граѓани и други правни лица заради спречување или откривање на кривични дела и прекршоци. Полицијата соработува со органите на општините и на градот Скопје за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на сообраќајот на патиштата. Полицијата соработува со странски полициски служби и меѓународни полициски организации. Меѓутоа, приватните безбедносни компании воопшто и не се споменати.

Според тоа, факт е дека се донесени закони, односно подзаконски акти кои ја регулираат активноста на приватната безбедност, но од друга страна постои отсуството на регулатива која ќе допринесе на уредување на односите помеѓу агенциите за обезбедување со државната - јавна безбедност.

- *Професионални препреки*

Меѓу политичките актери во Република Македонија полицијата не се сфаќа исклучиво како јавен сервис во служба на граѓаните, туку во еден дел и како извор на моќ. Не е сосема застарено сфаќањето дека полицијата е сила и занает, а не посебна професија. Поради ваквото сфаќање приватните безбедносни компании не може да бидат третирани како партнери во права смисла на зборот. Впрочем, едно од генералните обележја на традиционалната полициска култура која во литературата се опишува како стереотипен став на полицијата „ние сме надлежни, само ние знаеме што е полиција, а другите, вклучувајќи го и приватниот безбедносен сектор, треба да помогнат, да ни дадат

информации и ресурси, но и да ги следат нашите инструкции и наредби"[165]. Од оваа позиција „соработката" се сфаќа како еднонасочна улица – приватните безбедносно агенции и граѓаните ѝ помагаат на полицијата во решавање на овие проблеми кои како приоритети ги утврдуваат и дефинираат полициските менаџери. Меѓутоа, во најголем број за приватните безбедносни агенции не постојат професионални стандарди. Покрај тоа, објективните препреки на соработка претставуваат и позадина на некои од овие компании, земајќи предвид дека некои од нив беа премногу блиски со организираниот криминал, како и фактот што некои од вработените во овие компании имаа криминални досиеја, а други со претходно искуство во полициските сили, што претставува препрека за взаемна доверба која е предуслов за сериозно партнерство и соработка.[166]

Во смисла на наведеното за унапредување на состојбата во оваа област особено е важно завршувањето на процесот на приватизација, забрзувањето на процесот на реформи за полицијата и градење соодветна законска рамка за активностите на недржавните провајдери на безбедноста (агенциите за обезбедување) со регулирање на нивниот однос со полицијата. Од друга страна, постои неопходност од донесување на „сеопфатен пристап". Имено, донесувањето на „сеопфатен пристап" кон работењето, започнува со вклучување на културата на активна соработка и транспарентност помеѓу оние кои се вклучени во унапредувањето на безбедноста.

[165] Reiner, R. (1985), *The Politics of Police*, Wheatsheaf Books, Brighton, p. 87-90.
[166] Петровић, П. (2007), „Приватизација безбедности у Србији", *Безбедност Западног Балкана*, бр. 4.

# Глава 5 - Соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор низ призмата на емпириското истражување

## 1.Досегашни истражувања

Во Република Македонија, во последните децении се интензивира активноста на планот на нормативното уредување на јавната и приватната безбедност, поради што сѐ почесто се сретнуваме со литература и автори кои ги проучуваат јавната и приватната безбедност, но за жал не постојат доволно научни истражувања кои поблиску ги проучуваат на национално, регионално и меѓународно ниво, од аспект на соработката, координацијата и партнерството, а во насока на обезбедување на сигурност на граѓаните и нивните имоти.

Безбедноста е предмет на проучување на повеќе општествени науки, како и на филозофијата. Основните методи на филозофскиот пристап за поимот на безбедноста, како што може да се забележи, се поклопуваат со методите на социологијата и политичко - правните науки. Сепак, во меѓународното право не постои општоприфатена дефиниција на поимот за безбедност. Оттука произлегува и потребата за должно внимание.

Истражувањето на значењето на јавната и приватната безбедност, нивната соработка и партнерство во насока на обезбедување на сигурност на граѓаните и нивните имоти, е насочено кон добивање на нови сознанија за начинот и методите, како и надградба на правната легислатива со цел за успешно остварување на превентивната функција. Целта е да се придонесе за зголемување на истражувањата за оваа мошне битна и осетлива тематика на светско рамниште.

Со ова истражување, истовремено се анализираат и активностите и координацијата на јавниот и приватниот безбедносен сектор, кој треба да придонесе за безбедноста и стабилноста на земјата за долг период.

Сето ова треба да придонесе за остварување на врвниот интерес на Република Македонија, а тоа е зачленување во Евро - атлантските асоцијации.

## 2.Концепциска рамка

Соработката меѓу јавниот и приватниот сектор во областа на безбедноста постана и за Република Македонија една од темите со кои нашето општество и демократските институции мора сестрано и креативно да се соочуваат. Поради тоа, истражувањето што следи претставува допринос за унапредување на безбедноста на Република Македонија од аспект на соработката помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор.

Поради фактот што јавната и приватна безбедност се мошне актуелни теми за елаборација, особено за земјите во развој, меѓу кои спаѓа и Република Македонија, нивната динамика секако дека заслужува должно внимание.

Во понатамошниот тек следи објаснување на концепциската рамка. Имено, истражувањето се спроведе со помош на определени научни методи и техники тргнувајќи од фактот дека ниту едно истражување не може да биде комплетно или сеопфатно без соодветна примена на истражувачките методи и техники. Од повеќето истражувачки методи, соодветно на предметот и целта на магистерскиот труд, за потребите на ова истражување е користена постапката – анкета, односно анкетен прашалник кој го претставува истражувачкиот инструмент за доаѓањето до сознанијата за соработката која постои помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор. Главната цел која треба да се оствари е обезбедување оптимална методска рамка со која можат да се собираат податоци и да се проверат поставените хипотези на истражувањето. (Јавната и приватната безбедност се носители на сигурноста на граѓаните и нивните имоти. Концептот на безбедност бара соодветна реакција, поврзување и координирање на заедничките напори помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор. На тој начин се придонесува да се создадат услови за одржување на стабилноста и безбедноста на национално и меѓународно ниво. Соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор е во функција на унапредување на безбедноста на Република Македонија.)

Поточно, целта на примената на ваквата истражувачка техника е да се оствари еден краток увид во ставовите на полициските службеници за прашањата поврзани со соработката помеѓу овие два сектора. Конципирањето на прашањата во прашалникот е производ на текот на обработката на теоретскиот дел на темата на овој магистерски труд.

На испитаниците им беа поставени прашања во пишана форма и од нив се бараше да одговорат на истите. Целта на писмениот анонимен прашалник беше обезбедување на податоци со кои ќе се поткрепат ставовите и сознанијата кои се изнесени во трудот.

Причините поради кои се одлучивме истражувањето да го спроведеме преку прашалник како истражувачки инструмент се следниве:

- лесен и едноставен начин на организација на испитувањето,
- составување на солиден, сигурен и проверен прашалник,
- едноставна обработка на податоците и
- лесно комбинирање со други истражувачки техники.

Емпириското истражување беше спроведено со стручна јавност – полициски службеници вработени во Полициската станица од општа надлежност Чаир. Бројот на анкетираните полициски службеници изнесува 30. Малиот број на испитаниците се должи на фактот што Полициската станица од општа надлежност Чаир брои вкупно 48 вработени. Со оглед на тоа сметаме дека спроведениот прашалник со 30 испитаници се смета за квалитативно спроведен. Полициските службеници одговараа на писмениот анонимен прашалник според своето искуство стекнато на подрачјето на општина Чаир опфаќајќи ги и општините: Бутел и Шуто Оризари и околните населби (Скопје Север, Радишани, итн.).

Писмениот анонимен прашалник се спроведе со полициски службеници од Полициска станица од општа надлежност Чаир, бидејќи за разлика од другите полициски станици работната средина во најголем дел е мултиетничка. Спроведувањето на прашалникот во мултиетничка работна средина беше од особено значење поради тоа што Република Македонија не е ништо друго, освен што во суштината отсекогаш и била – држава на сите луѓе, сите народи. Временската рамка за спроведување на прашалникот се однесува на периодот од 25 февруари до 25 март 2017 година.

Прашалникот не беше спроведен со вработени во агенциите за обезбедување бидејќи полициските службеници се оние кои секојдневно се справуваат со

криминалитетот и се основна алка во синџирот за унапредување на безбедноста на Република Македонија.

### 2.1.Резултати од истражувањето

Со истражувањето кое следи подолу ќе се опишат определени состојби и тенденции за местото, улогата и значењето на соработката и партнерството помеѓу јавната и приватната безбедност, низ призмата на досегашните резултати, развој и перспективи, од аспект на работењето на полициските службеници.

На почетокот на прашалникот се наоѓаат неколку прашања кои се однесуваат на општиот профил на испитаниците (општиот профил на полициските службеници). Според структурата, профилот на полициските службеници е претставен во следните два графикона (1, 2).

Според структурата на полициските службеници определена според нивниот пол, 73% од испитаниците беа од машки пол, додека останатите 27% од женски пол. Според структурата на полициските службеници определена според нивната возраст 37% од испитаниците беа на возраст од 18-28 години, 40% беа од 28-38 години и 23% од 38-48 години. Истражувањето тргнувајќи од предметот на истражување и целта на магистерскиот труд не прави разлика помеѓу полот и возраста на испитаниците бидејќи спроведувањето на анонимниот прашалник, приложен во прилог на овој магистерски труд, се должи на полициските службеници кои беа достапни да одговорат на дадениот прашалник.

**Пол на полициските службеници кои беа дел од анкетирањето**




**Графикон 1: Структура на полициските службеници според полот**

**Возраст на полициските службеници кои беа дел од анкетирањето**




**Графикон 2: Структура на полициските службеници според возраста**

На прашањето дали е неопходна соработка меѓу полицијата и работниците за обезбедување (Графикон 3) од вкупниот број (30) испитаници, 87% од испитаниците сметаат дека е неопходна соработката помеѓу полицијата и работниците за обезбедување, додека пак останатите 13% сметаат дека не е неопходна ваквата соработка.

Исто така, со некои од испитаниците беше спроведен разговор во врска со состојбата и од ваквиот разговор се заклучи дека поголемиот број од испитаниците сметаат дека соработката е неопходна со цел да се олесни работата на полициските службеници бидејќи како што беше напоменато постои дефицит од полициски

службеници поради зголемениот обем на работа во наведената полициска станица. Зголемениот обем на работата се должи од една страна, на порастот на криминалитет на ова подрачје, а од друга страна, поради зголемениот број на полициски службеници кои заминале и заминуваат во пензија.




**Графикон 3: Дали е неопходна соработка меѓу полицијата и работниците за обезбедување?**

На прашањето дали сметате дека агенциите за обезбедување се продолжена рака, односно дополнување на полицијата (Графикон 4), 20% од испитаните полициски службеници одговорија со потврден одговор, 53% одговорија со негативен одговор, а останатите 27% одговорија дека немаат конкретен одговор.

Во овој контекст, неопходно е да заклучиме дека приватниот безбедносен сектор според ова истражување не претставува продолжена рака на јавниот безбедносен сектор. Ваквата слика се должи поради тоа што во пракса агенциите за обезбедување и полицијата немаат заеднички активности, или пак имаат во речиси премал случај на настани, а сето тоа поради неангажирањето на агенциите за заштита на луѓе и имот заради непостоењето на соодветна законска регулатива која ќе ја покрие областа на делување. Всушност, припадниците на јавната и приватната безбедност имаат свој домен на делување и свои задачи и ретко остваруваат контакти. Иако, постои меѓусебно дополнување во спроведувањето на активности, секако постои и јасна разлика во однос на поделбата на задачите.

Согласно изнесените параметри и приложените одговори, ваквата состојба се должи на фактот што односот помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор не може да се опише како соработка, ниту како конкуренција. Всушност, тие постојат паралелно, еден покрај друг. Од време на време, од случај до случај, на терен постојат одредени облици на соработка во текот на одредени операции, но тоа зависи од персоналните односи помеѓу припадниците на полицијата и професионалците кои се ангажирани од компании од областа на приватната безбедност. Според тоа, може да заклучиме дека, соработката е исклучок, но не и правило.

**Дали сметате дека агенциите за обезбедување се продолжена рака, односно дополнување на полицијата?**




**Графикон 4: Дали сметате дека агенциите за обезбедување се продолжена рака, односно дополнување на полицијата?**

На прашањето во кој дел е најзастапена соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор (агенциите за обезбедување) (Графикон 5), 10% од испитаниците одговорија дека соработката е најзастапена во случај на извршување кривично дело или прекршок, 33% односно најголем дел од испитаниците одговорија дека соработката е најзастапена при обезбедување на јавни собири и настани, 27% одговорија дека соработката е најзастапена при трансфер на пари, а додека пак останатите 30% сметаат дека соработката постои во сите наведени случаи.

Според наведените резултати, најголем дел од испитаниците сметаат дека соработка постои при обезбедување на јавни собири и на други настани, односно при

одржување на јавниот ред на јавни собири, спортски натпревари, културни, забавни, верски, хуманитарни, социјални, политички, економски и други настани. Додека пак, 27% според својата пракса имаат заклучено дека соработката се одвива на полето при обезбедување на транспорт и пренос на пари и други вредносни пратки, односно при обезбедување на превоз и пренос на пари, злато, скапоцени камења, уметнички дела, хартии од вредност и на други вредносни пратки кое се извршува со помош на работници за приватно обезбедување и посебни возила.

Недостаток секако дека постои. Имено, со цел соработката помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор да се одвива во функција на унапредување на безбедноста на Република Македонија неопходно е донесување на посебни акти со кои ќе се предвиди соработка при превенција на криминалитетот, односно во случај на извршување кривични дела или прекршоци.

**Во кој дел е најзастапена соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор (агенциите за обезбедување)?**




**Графикон 5: Во кој дел е најзастапена соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор (агенциите за обезбедување)?**

Во однос на прашањето дали полициските службеници сметаат дека би се унапредила безбедносната состојба во државата доколку постои соодветна законска регулатива која би ги уредила соработката и партнерството помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор (Графикон 6), 64% одговорија дека донесувањето на соодветна законска регулатива ви ја унапредила безбедносната состојба во значителна мера, 23% одговорија дека ваквото донесување би ја унапредила безбедносната состојба,

додека пак 13% одговорија дека не сметаат дека соработката би придонела за унапредување на состојбата во државата.

Земајќи ги предвид наведените убедливи резултати изразени во проценти (64% + 23%), слободно можеме да потенцираме дека неопходна е итна и неодложна реакција од страна на властите со цел за донесување на соодветна законска регулатива со која ќе се уреди соработката и партнерството помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување и ќе се воспостави високо ниво на соработка.




**Графикон 6: Дали сметате дека би се унапредила безбедносната состојба во државата доколку постои соодветна законска регулатива која би ги уредила соработката и партнерството помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор?**

На следното прашање, дали доколку постои партнерски однос и задолжителна соработка помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување тоа би придонело за превенција на криминалитетот (Графикон 7), 87% одговорија потврдно, додека пак останатите 13% одговорија негативно.

Во оваа смисла, може да потврдиме дека за успешна превенција на криминалитет неопходна е соработка помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување. Всушност, преку ваквиот резултат се потврдува општата хипотеза дена јавната и приватната безбедност се носители на сигурноста на граѓаните и нивните имоти. Односно дека концептот на безбедност бара соодветна реакција, поврзување и координирање на заедничките напори помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор со цел за превенција на криминалитет и унапредување на безбедноста. А меѓу другото, на вакво начин ќе се

придонесе за создавање услови за одржување на стабилноста и безбедноста на национално и меѓународно ниво.

Меѓутоа, исто така, се потврдува и посебната хипотеза дека за остварување на целосна безбедност потребна е целосна и синхронизирана соработка и партнерство помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор, на превентивен и репресивен план.




**Графикон 7: Дали доколку постои партнерски однос и задолжителна соработка помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување тоа би придонело за превенција на криминалитетот?**

На прашањето дали при извршувањето на работните активности досега сте имале контакт со лица од приватните безбедносни компании (Графикон 8), 100% од испитаниците одговорија позитивно.

Секако дека јавниот и приватниот безбедносен сектор остваруваат меѓусебни контакти, меѓутоа тие не се во насока на соработка и партнерство. Тргнувајќи од посебната хипотеза дека успешно остварената безбедност подразбира, навремена, координирана и целосно воспоставена мрежа на соработка и партнерство помеѓу двата сектори, со право може да нагласиме дека е неопходна итна реакција за спроведување на соработката помеѓу двата сектори.

Според тоа, подобрувањето на законската регулатива во оваа област, ќе обезбеди соодветна и делотворна соработка помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор, со

цел за ефикасно спроведување на безбедносните функции, а особено за унапредување на безбедноста.




**Графикон 8: Дали при извршувањето на работните активности досега сте имале контакт со лица од приватните безбедносни компании?**

Во однос на резултатите за тоа како полициските службеници ја оценуваат улогата на полицијата во општата безбедносна состојба (Графикон 9), 38% од испитаниците одговорија дека состојбата задоволува, 34% дека состојбата е одлична, 22% дека состојбата е добра и дури 6% дека безбедносната состојба не задоволува.

Според наведеното полицијата зазема голема улога во одвивањето, а особено во подобрувањето на општата безбедносна состојба. Па со оглед на тоа, сметаме дека соработката помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување е неопходна за унапредување на безбедноста во нашата држава.

**Како ќе ја оцените улогата на полицијата во општата безбедносна состојба?**




**Графикон 9: Како ќе ја оцените улогата на полицијата во општата безбедносна состојба?**

Според резултатите кои се однесуваат за тоа со кои субјекти полицијата начесто соработува (Графикон 10), 63% одговорија дека тоа се агенциите за обезбедување, 20% сметаат дека тоа се другите државни органи, 10% разузнавачките агенции, и 7% војската, армијата. Ваквите резултати се должат на фактот што извршувањето на полициските работи е најблиску до извршувањето на активностите на агенциите за обезбедување.

**Со кои од понудените субјекти најчесто соработувате?**




**Графикон 10: Со кои од понудените субјекти најчесто соработувате?**

На прашањето дали сметате дека голем број на припадници од полициските сили по пензионирањето се определуваат за работа во агенциите за обезбедување (Графикон 11), според своето индивидуално мислење, 67% од полициските службеници одговорија потврдно, 13% негативно и 20% немаат конкретен одговор. Всушност, ваквиот податок се должи на фактот што полициските службеници поради бенефицираниот стаж предвреме одат во пензија и најчесто продолжуваат со своите работни активности поради својата возраст и работната способност.

**Дали сметате дека голем број на припадници од полициските сили по пензионирањето се определуваат за работа во агенциите за обезбедување?**




**Графикон 11: Дали сметате дека голем број на припадници од полициските сили по пензионирањето се определуваат за работа во агенциите за обезбедување?**

На прашањето дали сметате дека редовни состаноци на полицијата со агенциите за безбедност би придонеле за зајакнување на соработката помеѓу овие два сектори (Графикон 12), 73% од испитаниците сметаат дека состаноците би ја зајакнала соработката, додека пак 27% не сметаат дека ваквиот начин на комуникација би придонел за соработката помеѓу овие два безбедносни субјекти.

Преку ваквите резултати се потврдува посебната хипотеза дека постојан, искрен и партнерски однос помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор се неопходни за успешно извршување на заштитната функција и унапредувањето на безбедноста во нашата држава.

**Дали сметате дека редовни состаноци на полицијата со агенциите за безбедност би придонеле за зајакнување на соработката помеѓу овие два сектори?**




**Графикон 12: Дали сметате дека редовни состаноци на полицијата со агенциите за безбедност би придонеле за зајакнување на соработката помеѓу овие два сектори?**

**Заклучок**

Заштитата на личната безбедност и останатите со устав загарантирани права на секој граѓанин претставуваат една од најважните задачи на секоја демократска држава. Со цел за остварување на личната безбедност, граѓаните во модерното општество ги делегирале задачите на државата за заштита на личната и целокупната безбедност.

Оттаму, демонстрацијата на својата безбедност денешниот човек повеќе не ја гледа во носење на примитивни оружја (праисторија), мечеви (среден век), ниту огнено оружје (доселениците во Америка). Денешниот човек верува дека државата ќе ги употреби сите средства кои ѝ се на располагање за да го заштити. Државите поради тоа не толерираат насилство извршено од страна на поединци или на групи, дури и во случаи кога тие се убедени дека имаат право на тоа. Секоја држава на себе го презема монополот за примена на сила и ја употребува на основа на одредени законски прописи.

Полицијата е најважниот инструмент со кој располага државата во таа цел. Во начинот на кој полицијата ги извршува своите задачи се гледа и односот на државата кон граѓаните, односно дали тие се гледаат како рамноправни партнери или подредени субјекти.

Република Македонија изврши бројни реформи во областа на безбедносниот сектор и го промени начинот на работење на безбедносните и разузнавачки служби, меѓутоа сè уште нема оформено формално – правна рамка за соработка помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор.

Улогата и влијанието на неполициските органи и агенции за обезбедување добија на значење во современото општество. Глобализацијата и урбанизацијата, како и порастот на криминалитетот ја предизвикаа потребата од соработка и партнерство помеѓу агенциите за обезбедување и полицијата. Меѓутоа, потребно е барање и извесни измени на прописите со кои се уредува работата помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување, особено во областа на меѓусебната соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор. Со оглед на тоа дека се предвидени овластувања кои се прилично од полициска природа, неопходно е што прецизно да се уреди и пропише сеопфатен и јасен систем на контрола на работата на агенциите за приватно обезбедување.

Истовремено, постои и недостиг од експертиза, а понекогаш и социјална и политичка кохезија за соодветно справување со прашањата за организацијата, управувањето, планирањето, финансирањето и политиката на безбедносниот сектор. Постои недостаток на дефинирање на поимите од областа на безбедноста. Понатаму, очигледно е непостоењето на доволна законска регулатива која би ги рационализирала бројните негативни, или барем недефинираните појави и односи кои во реалноста на приватниот безбедносен сектор веќе постојат. Се воочува и отсуство на соработка и партнерство меѓу приватниот и јавниот сектор на безбедноста, како основен предуслов за остварување на безбедноста и сигурноста на граѓаните, локалните заедници и општествата воопшто, но и отсуство на концепција за превенција на криминалниот на национално ниво, а според тоа, и непостоење на било каква визија за местото и улогата на приватниот безбедносен сектор во превенција на криминалот.

Земајќи ги предвид наведените аспекти, потребата за соработка меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор мора да доживее свој процут и да продолжи да се шири. Иако во овој момент слободно можеме да кажеме дека нивната соработка е во константен пораст и еволуира во согласност со барања за спречување на криминалот и унапредување на безбедноста, сепак потребана е нивна прецизна поставеност во рамките на севкупниот безбедносен сектор. Важноста за потребата од нивна меѓусебна соработка произлегува од сè почестите безбедносни закани.

Односот и соработката помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор е предмет на дискутирање, или настојување да се хармонизираат нивните заеднички активности. Декларативно и двата субјекта покажуваат желба за соработка и партнерство, но во пракса имаме знаци на конкуренција и избегнување на соработка.

Во смила за унапредување на безбедноста на Република Македонија, неопходно е да се интензивира соработката меѓу полицијата и агенциите за обезбедување, пред сè, преку заеднички тренинзи на кои ќе се информираат меѓу себе за ангажманот и активностите кои ги имаат на терен. Имено, работниците во агенциите за обезбедување може да направат превид во смисла на тоа да употребат овластување кое во тој конкретен случај е во надлежност на полицијата, а полицијата да префрли условно речено дел од работата на приватното обезбедување.

Со оглед на ширината на формулираните проблеми во целиот магистерски труд, се бара маскирање на проблемите кои во помала или поголема мера влијаат на унапредувањето на безбедноста. Особено се воочливи следниве проблеми:

- непримснување стандарди во областа на јавната и приватната безбедност;
- недоволно, па дури и незабележителна обученост на вработените во приватните агенции за обезбедување;
- нерегулираност на соработката помеѓу јавната и приватната безбедност;
- постоење на политичко влијание врз тендерските резултати за обезбедување услуги од страна на приватните агенции;
- непостоење комуникација и кооперација помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор.

Според тоа, топло ги даваме следниве препораки:

- ✓ потребно е да продолжи спроведувањето на концептот на безбедноста и да се обезбедат поголем број на полициски службеници, а особено да се зајакнат патролните служби кои неопходно е да бидат координирани со работниците во агенциите за обезбедување, со цел да се влијае превентивно на појавата на криминалот особено на јавните места.
- ✓ потребна е взаемна едукација помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор, како и се почеста комуникација.
- ✓ потребни се зачестени состаноци и двонасочна комуникација, пред сè заради размена на големиот број информации од заеднички интерес, заедничко планирање и реализирање на заеднички акции, рационализација на некои од ресурсите и сл.
- ✓ донесување на соодветна законска регулатива која внимателно ќе ја обработи соработката помеѓу јавниот и приватниот безбедносен сектор.
- ✓ прецизно утврдување на надлежностите, одговорностите и поделбата на работните задачи на двата субјекти на терен и во Законите.

- ✓ тензијата за остварување на соработка потребно е да е видлива, како на стратешко, така и на оперативно и тактичко ниво. Полициските службеници и работниците во агенциите за обезбедување кои се задолжени за решавање на локалните проблеми на терен потребно е да имаат поддршка за спроведување на заеднички проекти. Според тоа, доколку овие актери ја препознаваат важноста на ваквиот пристап, тоа би довело за превенција на криминалитетот и унапредување на безбедноста.
- ✓ досегашното искуство во приватниот безбедносен сектор покажува дека агенциите за обезбедување на лица и имот ја подобрија безбедноста воопшто, а со тоа кај нив се создаде клима на доверба и сигурност. Преку своите ангажмани можеме да кажеме дека со тоа ѝ помогнаа на полицијата да се растерети од активностите кои ги имаше во приватниот сектор, и да ѝ овозможи да се посвети на други приоритетни прашања од областа на безбедноста. Меѓутоа, соработка сепак недостасува.
- ✓ со цел за успешното остварување на зададената цел – унапредување на безбедноста, потребно е двата сектори континуирано да ги следат светските трендови на технологијата од областа на безбедност, воедно персоналот кој работи во агенциите за обезбедување неопходно е да биде соодветно едуциран од страна на квалитетни институции и експерти, со што би се подигнал нивото на квалитетот на услугите кои ги нудат на пазарот.
- ✓ поделбата на ресурсите и информациите помеѓу двата сектори ќе доведе до намалување на трошоците и ангажирање на нивните капацитети.
- ✓ неопходно е полицијата да ја поддржи својата партнерска улога во трансферот на знаења, искуства, информативни и други ресурси.
- ✓ најоптимален начин на одговор на современите безбедносни предизвици е координирана, благовремена и отворена соработка.

Препораките неопходно е за се спроведат и остварат бидејќи јавниот и приватниот безбедносен сектор се особено значајни за постигнување стабилност во областа на безбедноста. Овие односи може да имаат облик на соработка, игнорирање или меѓусебно изразување на ривалство. Доколку помеѓу овие два субјекта не постои рамнотежа, јасно и

прецизно регулирани односи и спремност за соработка, дефинирани надлежности, одговорност и поделба на активностите, нивните капацитети ќе бидат мултиплицирани, што ќе се одрази на превенцијата и сузбивањето на криминалот и севкупната безбедност во државата. Меѓутоа, од друга страна, борбата со организираниот криминал и тероризмот, исто така, бара проактивно мислење, кое вклучува соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор. Оттука, може да закучиме дека доколку сакаме стабилна држава во која владее безбедносниот режим неопходно е етаблирање на соодветна соработка помеѓу јавниот и приватниот сектор.

**Користена литература**


- Avant, D. D. (2006), "The Privatization of Security: Lessons from Iraq", *Orbis*, Vol. 50, No. 2.
- Alabarda, Y., Lisowiec, R. (2007), "The Private Military Firms – Historical Evolution and Industry Analysis", *MBA Professional Report*, Naval Postgraduate School, Monterey, California, p. v.
- Алексиќ, Ж., Миловановиќ, З. (1993), *Лексикон за криминалистика*, Врело, Белград.
- Алексић, Ж., Миловановић, З. (1995), *Лексикон криминалистике, друго, проширено и допуњено издање*, Глосаријум, Београд.
- Ahić, J. (2009), *Sistemi privatne sigurnosti*, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Sarajevo.
- Ahić, J. (2009), *„Harmonizacija zakonske regulative private sigurnosti u Bosni i Hercegovini u kontekstu evropskih integracija", Međunarodna naučno-stručna konferencija*, Fakultet za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije, Sarajevo.
- Ahić, J. (2011), „Javno – privatno partnerstvo u oblasti sigurnosti u BiH", *Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije,* Godište XI, Broj 1-2.
- Бакрески, О. (2006), *Координација на безбедносниот сектор – искуства и практики,* Филозофски факултет, Скопје.
- Бакрески, О. (2008), *Контрола на безбедносниот сектор,* Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет – Скопје, Скопје.
- Бакрески, О. (2010), *Безбедносниот сектор како специфичен облик на организација,* Универзитет Св. Кирил и Методиј, Скопје.
- Бакрески, О., Милошевиќ, М. (2010), *Современи безбедносни системи – компаративна анализа на земјите од Југоисточна Европа -*, Аутопринт, Скопје.
- Бакрески, О., Миласиновиќ, С. (2010), „Специфичноста на раководењето со полицијата", Филозофски факултет - Скопје, Институт за безбедност, одбрана и мир, *Безбедносни дијалози*, број 2, година I, Скопје.

- Baljak, M. (2015), „Uloga privatnih bezbednosnih agencija u 21. Veku", *Teorijsko – stručni časopis za pitanja zaštite, bezbjednosti, odbrane, obrazovanja, obuke i osposobljavanja*, Sveska 2, Broj 36, str. 22-30.
- Bayley, H. D., Shearing, D. C. (2001), *The New Structure of Policing - research report*, National Institute of Justice, Washington.
- Bogdanović, B., Ristić, S. (1931), *Latinsko-srpski rečnik, treće, popravljeno i umnoženo izdanje sa kartama starog sveta*, Knjižarnice Rajkovića i Ćukovića, Beograd.
- Borovec, K. (2013), *„Razvoj vijeća za prevenciju kriminaliteta u lokalnoj zajednici"*, Polic. sigur. (Zagreb), godina 22, broj 1, Zagreb.
- Бошкович, М. (2006), *Криминологија,* Универзитет Нови Сад, Правен факултет, Нови Сад.
- Briggs, R., Edwards, C. (2006), *The Business of Resilience, Corporate security for the 21st century,* Demos, London.
- Buckland, S. B., Winkler, H. T. (2011), *Javno-privatna saradnja. Izazovi i mogućnosti upravljanja bezbednošću*, Forum za bezbednost i demokratija, Ženevski Centar za demokratsku kontrolu oružanih snaga, Beograd.
- Бошковиќ, М., *Криминолошки лексикон*, Матица српска, Универзитет во Нови Сад, Нови Сад.
- Barthe, E. (2006), Crime Prevention Publicity Campaigns, U. S. Department of Justice, p. 9.
- Ванковска, Б. (2011), *Меѓународна безбедност критички пристап,* Универзитет Св. Кирил и Методиј, Филозофски факултет – Скопје, Скопје.
- Vasoljev, V. (2010), *Instrumenti za podsticanje lokalnog ekonomskog razvoja – javno-privatna partnerstva*, Fakultetu političkih nauka, Beograd.
- Vasoljev, V. (2013), „Osnovne karakteristike javno-privatnih partnerstava", *Javne Politike*, Stručni članak, Beograd.
- Gaćinović, R. (2007), „Klasifikacija bezbednosti", Časopis *„Nauka, Bezbednost, Policija"*, br.02/07, Beograd.
- Gerasimoski, S. (2009), "Experiences and Perspectives of Private Security in Varstvoslovje", University of Maribor, Year 11, No. 2.

- Габеров, М. (2014), „Феноменологија на криминалитетот на насилството".
- Догов, Б., Стефановска, В. (2015), *Улогата на заедницата и на полицијата во превенција на криминалитетот: состојби во Градот Скопје*, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје.
- Голомеова, Е. (2013), *Превенција на малолетничка деликвенција, анализа на законската регулатива и пракса*, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Правен факултет, Штип.
- Goddard, S. (2001), *The private military company: A legitimate international entity within modern conflict, a thesis presented to the faculty of the U. S. Army command and General Staff college*. Fort Leavenworth, KA, USA: University of New South Wales.
- Greene, R. J. (2000), Community Policing in America: Changing the Nature, Structure, and Function of the Police, *Policies, Processes, and Decisions of Criminal Justice System*, Volume 3.
- Гризолд, А. (2009), Променливата природа на безбедноста: Безбедносната парадигма после Студената војна, во *Превенција и менаџирање на конфликти - Случај Македонија -*, Бомат графикс, Скопје.
- Гризолд, А., Копач, Е. (2013), „Словенечката национална безбедност: помеѓу националниот суверенитет и евроатланската реалност", *Современа македонска одбрана,* Година 13, бр. 24, Скопје.
- Гогов, Б., Стефановска, В. (2015), *Улогата на заедницата и на полицијата во превенција на криминалитетот: состојби во Градот Скопје*, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје.
- Давидовић, Д., Кешетовић, Ж. (2007), „Професионализација и партнерство јавног и приватног сектора безбедности у Србији – претоставке и препреке", *Часопис Криминалистичко-полицијске академије из Београда,* Год. 12, број 3, Београд.
- Даничић, М. (2009). *Појам и врсте безбједносног менаџмента*, Међународни научни скуп Сингерија, Универзитет Сингерија, Бијељина.
- Daničić, M., Stajić Lj. (2008), *Privatna bezbjednost*, Visoka škola unutrašnjih poslova, Banja Luka.

- Дојчиноска, Р. (2013), *Основи на превентивно полициско работење,* ОБСЕ, Министерство за внатрешни работи на Република Македонија, Скопје.
- Ejdus, F. (2012), *Međunarodna bezbednost: teorije, sektori i nivoi*, Službeni glasnik, Beograd.
- *Закон за детективска дејност*, Сл. Весник на Република Македонија, бр. 80/1999.
- *Закон за оружјето*, Сл. Весник на Република Македонија, бр. 7/2005.
- *Закон за полиција*, Службен Весник на Република Македонија, бр.114/2006.
- *Закон за приватно обезбедување,* Сл. Весник на Република Македонија, бр. 166/2012.
- Илић, П. (2011), „Семантичко-лексикографски аспекти појма безбедности", *Војно дело*, 3/11.
- Илић, П. (2012), „О дефинисању и дефиницијама националне безбедности", *Војно дело*.
- *International Encyclopedia of the Social Sciences* (1968), sv. XI, The Macmillian Company, London.
- Јанев, И. (2011), „Поим и дефиниција за безбедноста и теорија на релационизмот во разгледувањето на безбедноста", *Безбедносни дијалози,* Број 3, Година II.
- Jack, R. G., (2000), Community Policing in America: Changing the Nature, Structure, and Function of the Police, во Policies, Processes, and Decisions of the Criminal Justice System, *Criminal Justice 2000*, Volume 3, U.S. Department of Justice.
- Јованов, Д. Ј. (2015), „Џон Лок и право на отпор", во *Зборник радова Правног факултета у Новом Саду*, Правни факултет у Новом Саду, Нови Сад.
- Јовановски, З. (2010), Професионализација и партнерство на државниот безбедносен сектор со приватниот сектор за безбедност во Република Македонија, *Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија,* Зборник на Трудови, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје.
- Јоксић, И. (2011), „Приватна безбедност у светлу нацрта Закона о приватном обезбеђењу у Србију", *Војно дело*, Нови Сад.
- Jones, T., Newburn, T. (1998), *Private security and public policing*, Oxford, Clarendon Press.

- Камбовски, В. (2006), *Казнено право – општ дел*, Трето изменето издание, 2ри Август С – Штип, Скопје.
- Кековић, З. (2004), „Управљање ризицима у недржавном сектору безбедности", *Безбедност*, бр.4, Београд.
- Keković, Z. (2007), *Sistemi bezbednosti, hrestomatija*, Fakultet bezbednosti, Beograd.
- Keković, Z. (2009), *Teorija sistema bezbjednosti*, Fakultet za bezbjednost i zaštitu, Banja Luka.
- Кесић, З. (2008), „Однос између јавног и приватног сектора безбедности – стање и перспективе", *Зборник радова* – Приватна безбедност – стање и перспективе, Нови Сад.
- Knezović, Z. (2003), Ka pravnoj bezbednosti, u Strategija državnog reagovanja protiv kriminala, Beograd.
- Котовчевски, М. (2000), *Национална безбедност на Република Македонија,* Прв дел, Македонска цивилизација, Скопје.
- Котовчевски, М. (2011), *Национална безбедност,* Филозофски факултет – Скопје, Скопје.
- Котовчевски, М. (2007), *Разузнавачко безбедносните заедници на државите во Југоисточна Европа*, Филозофски факултет – Скопје, Скопје.
- Krivokapić, V. (2002), *Prevencija kriminaliteta*, Policijska akademija, Beograd.
- Kržalić, A. (2009), *Stanje privatne sigurnosti u BiH*, Centar za sigurnosne studije, Sarajevo.
- Кузев, С. (2011), „Безбедноста, приватната безбедност и детективската дејност", *Годишник на трудови*, Европски Универзитет - Скопје.
- Lok, Dž. (1978), *Dve rasprave o vladi*, Knjiga 2, Beograd.
- Luard, E. (1993), Basic texts in International Relations, St. Martin's Press, New York.
- Masleša, R. (2001), *Teorije i sistemi sigurnosti*, Magistrat, Sarajevo.
- Mijalković, S. (2009), *Nacionalna bezbednost*, Kriminalističko-policijska akademija, Beograd, str. 85-90.
- Mijalković, S. (2010), O nedržavnom sektoru nacionalnog sistema bezbednosti - inostrana i domaća iskustva, *Strani pravni život*, br. 2.

- Мијалковиќ, С., Милошевска, Т. (2014), „Кризата на традиционалниот концепт на внатрешната безбедност на државата", *The Development of Institutional Capacities, Standards and Procedures for Combating Organized Crime and Terrorism in the International Integration Conditions*, Ministry of Science and Technological Development of the Republic of Serbia, Belgrade.
- Milosavljević, B. (2014), „Prilog Teorijskoppravno određenju pojma bezbednosti", *Pravni zapisi*, God V, br. 1, Pravni fakultet Univrziteta Union.
- Митревска, М. (2010), „Човековата безбедност во 21-от век: нови предизвици и нови одговори", *Научно-стручна конференција: Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија*, Факултет за безбедност – Скопје, Скопје.
- Митревска, М., Гризолд, А., Бучковски, В., Ванис, Е., (2009), *Превенција и менаџирање на конфликти – Случај Македонија*, Бомат Графикс, Скопје.
- Мојаноски, Ц. (2012), „Безбедноста како предмет на истражување", *Меѓународно научно списание за одбрана, безбедност и мир*, Министерство за одбрана, Нампрес, Скопје.
- Нацев З., Начевски Р. (2000), *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово.
- Nikač, Ž. (2013), „Privatna bezbednost i detektivska delatnost: novi propisi u Republici Srbiji", Poslovni biro, Beograd, 2013.
- Nikač Ž., Pavlović G. (2012), *Pravo privatne bezbednosti*, Kriminalističko-policijska akademija, Beograd.
- Nikač, Ž., Korajlić, N., Ahić, J., Bećirović, M. (2013), „Pravna regulative private bezbednosti na prostorima nekadašnje SFRJ, sa osvrtom na poslednje promene u Srbiji", *Kriminalističke teme*, Pregledni naučni rad, br. 3-4.
- Osnovi narodne odbrane, *Enciklopedijski leksikon „Mozaik znanja"* (1969), Beograd.
- O'Brein, K. (1998), "Military-Advisory Groups and Africans Security: Privatized Peacekeeping?", *International Peacekeeping*, Vol. 5, No. 3.
- Olschok, H. (2002), *Private security in Germany and the cooperation with the police*.

- Pavlović, G. (2011), Pravo privatne bezbjednosti–uporedna studija, *Defendologija centar za bezbjednosna, sociološka i kriminološka istraživanja*, Banja Luka.
- Петревски Б., Димитровска А. (2011), „Соработката помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување на лица и имот во функција на модерниот концепт за безбедноста на Република Македонија", *Годишник на Факултетот за безбедност*, Скопје.
- Петрески, Д., Илиев, А., Ѓозо, К. (2012), „Реформите во безбедносниот сектор во функција на мирот и перспективата на Македонија и непосредното опкружување", *Меѓународна научна конференција за безбедност*, Европски универзитет, Скопје.
- Петровић, П. (2007), „Приватизација безбедности у Србији", *Безбедност Западног Балкана.*
- Pustahija, A., Ganić, E. (2014), „ Privatna sigurnost kao dio globalnog sistema zaštite i najprofitabilnija uslužna djelatnost današnjice", *Časopis za kriminalistiku, kriminologiju i sigurnosne studije*, Godište XIV, Broj 3-4.
- Радосавњевиќ, Е. (2011), Јавно приватно партнерство – економски и правни аспекти во Република Македонија, Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Економски факултет – Штип.
- Рајковчевски, Р. (2014), *Градење безбедносна политика: Случајот на Република Македонија*, Факултет за безбедност Скопје, Скопје.
- Reiner, R. (1985), *The Politics of Police*, Wheatsheaf Books, Brighton.
- Sajko, J., Mikac, R. (2009), „Privatizacija sigurnosti kao trend novog doba: Privatna industrija sigurnosnog sektora kao integralni dio nacionalne sigurnosti SAD-a", *Journal of Interdisciplinary Research on War and Peace*, 12(23).
- Simić, D. (2002), *Nauka o bezbednosti*, Službeni list, Fakultet političkih nauka, Beograd.
- Симић, Д. Р. (2002), *Наука о безбедности – савремени приступи безбедности*, Службени лист СРЈ и Факултет политичких наука, Београд.
- Симоновић, Б. (2006), *Рад полиције у заједници (community policing)*, Бања Лука.
- Сопронов, А. (2010), *Откривање, разјашавање и доказивање кривичног дела трговине људима*, Мастер Рад, Нови Сад.

- Сопронов, А. (2013), *Превенирање и сузбивање на трговијата со луѓе со посебен осврт на состојбата во Република Македонија*, Докторска дисертација, Правен факултет „Јустинијан Први" - Скопје, Скопје.
- Спасески, Ј. (2005), *Македонија - столб на безбедноста и мирот на Балканот*, Обнова - Кочани, Скопје.
- Спасевски, Ј. Аслимовски, П. (2006), *Дефендологија*, Педагошки факултет, Охрид.
- Спасески, Ј., Аслимоски, П., Герасимоски, С., (2008), *Систем на приватна безбедност*, Полициска академија и Факултет за туризам и угостителство, Скопје - Охрид.
- Стајиħ, Љ. (2012), „Контрола приватног сектора безбедности у иностранству", *Зборник радова Правног факултет у Новом Саду,* Правни факултет, Нови Сад.
- Стефановска, В., Гогов, Б. (2015), *Улогата на заедницата и на полицијата во превенција и акриминалитетот: состојби во градот Скопје*, Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Факултет за безбедност – Скопје.
- Стојановски, Т. (1997), *Полицијата во демократското општество*, Скопје.
- Schulz S., Yeung C. (2005), *Private Military and Security Companies and Gender*, DCAF, Geneva.
- Shaw, M. (2000), *The Development of "Common-Risk" Society: A Theoretical Overview, Military and Society in 21st Century Europe – A Comparative Analysis*, Transaction Publisher, LIT, Hamburg.
- Swol, K. (1999), "Private security and public policing", *Statistics Canada*, Catalogue no. 75-007-xpe.
- Tatalović, S., Grizold, A., Cvrtila, V. (2008), Suvremene sigurnosne politike, Države i nacionalna sigurnost početkom 21. stoljeća, Golden marketing – Tehnička kniga, Zagreb, str. 19.
- Talijan, M. (2008), *„Prve ustanove privatne bezbednosti (policije) u Srbiji", Privatna bezbednost – stanje i perspektive*, cit vo: Zbornik radova, *Privatna bezbednost – stanje i perspektive*, Fakultet za pravne i poslovne studije, Novi Sad.

- Тимова, Т. (2015), *Приватната безбедносна индустрија во Европската Унија со посебен осврт на СР Германија*, Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски Факултет – Скопје, Скопје.
- Тодоровска, В. (2010), „Теориските пристапи во дефинирањето на поимот безбедност", *Научно-стручна конференција: Безбедноста, еколошката безбедност и предизвиците на Република Македонија,* Факултет за безбедност – Скопје, Скопје.
- Томас, Х. (2010), *Левијатан*, Аз-буки, Скопје.
- The Oxford dictionary: a new English dictionary on Historical Principles (1933), Klarendon Press, Oxford, vol. 7.
- Христовска, Т. (2016), „Парламентарна контрола над работата на безбедносните и разузнувачките служби во Република Македонија".
- Триван Д., Милошевиħ М. (2012), „Актуелно стање приватне безбедности у Р Србији", *Зборник на трудови од меѓународната научна и стручна конференција*, Реформите на безбедносниот сектор во Република Македонија и нивното влијание врз борбата против криминалитетот, Скопје.
- Цветковиħ, В. (2010), *Ризик, моħ, заштита*, Факултет безбедности, Београд.
- Цветковски, Г. (2012), „Развојот и перспективите на приватната детективска дејност како ноу-хау професија во посткомунистичките држави", во *Сборник научни трудове*, Том първи. София, Фондация „Национална и международна сигурност", *Балкан Аналитика*, Софија.
- Chaloka, B., Damian, L. (2001), *Regulating Private Military Companies,* International Alert, London.
- Collins, A. (2010*), Suvremene sigurnosne studije*, Zagreb.
- Šešić B. (1974), *Osnovi metodologije društvenih nauka*, Naučna knjiga, Beograd.
- Waltz, K. (1979), *Theory of International Politics*, Random House.
- http://www.ifpo.org/resource-links/articles-and-reports/security-management-and-supervision/law-enforcement-and-private-security-liaison-partnerships-for-cooperation/
- http://www.etymonline.com/index.php?term=security
- http://www.interstatesecuritycorp.com/private-security-2016/

- http://www.statcan.gc.ca/pub/85-002-x/2008010/article/10730-eng.htm
- https://link.springer.com/chapter/10.1057%2F9781137007780_9
- http://www.iep.utm.edu/hobmoral/
- http://www.nicp.net/

# *ПРИЛОГ*

Почитувани, прашалникот е анонимен, и вашите одговори ќе се користат исклучиво за изработка на магистерски труд. За одговор на прашалникот ќе ви бидат потребни само неколку минути. Целта на прашалникот е да се даде одговор на прашањето дали соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор е во функција на унапредувањето на безбедноста на Република Македонија.

**Анкетен прашалник**

За соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор

Пол А) Машки
Б) Женски

Возраст А) 18-28
Б) 28-38
В) 38-48
Г) останато

1. Дали е неопходна соработка меѓу полицијата и работниците за обезбедување?

А) Да
Б) Не
В) Немам конкретен одговор

2. Дали сметате дека агенциите за обезбедување се продолжена рака, односно дополнување на полицијата?

А) Да
Б) Не
В) Немам конкретен одговор

3. Во кој дел е најзастапена соработката меѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор (агенциите за обезбедување)?

А) Во случај на извршување кривично дело или прекршок

Б) При обезбедување на јавни настани и собири

В) При трансфер на пари

Г) Во сите наведени категории

4. Дали сметате дека би се унапредила безбедносната состојба во државата доколку постои соодветна законска регулатива која би ги уредила соработката и партнерството помеѓу полицијата и приватниот безбедносен сектор?

А) Да, би се унапредила безбедносната состојба во значителна мера

Б) Да, би се унапредила безбедносната состојба

В) Не сметам дека соработката би придонела за унапредување на состојбата во државата

5. Дали доколку постои партнерски однос и задолжителна соработка помеѓу полицијата и агенциите за обезбедување тоа би придонело за превенција на криминалитетот?

А) Да

Б) Не

6. Дали при извршувањето на работните активности досега сте имале контакт со лица од приватните безбедносни компании?

А) Да

Б) Не

7. Како ќе ја оцените улогата на полицијата во општата безбедносна состојба?

А) Одлична

Б) Добра

В) Задоволува

Г) Не задоволува

8. Со кои од понудените субјекти најчесто соработувате?

А) Војска, армија

Б) Разузнавачки агенции

В) Агенции за обезбедување

Г) Останато

9. Дали сметате дека голем број на припадници од полициските сили по пензионирањето се определуваат за работа во агенциите за обезбедување?

А) Да

Б) Не

В) Немам конкретен одговор

10. Дали сметате дека редовни состаноци на полицијата со агенциите за безбедност би придонеле за зајакнување на соработката помеѓу овие два сектори?

А) Да

Б) Не